Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

**НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ**
**2024-2026 ГОДИНА**

Скопје,  февруари 2024 година

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АВРСМ - Агенција за вработување на Република Северна Македонија**
**БПП – Бесплатна правна помош**

**ВРСМ – Владата на Република Северна Македонија**
**ГОи – Граѓански организации**
**ГС на ВРСМ - Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**
**ДЗР –Државен завод за ревизија**
**ДЗС - Државен завод за статистика**
**ДИК – Државна изборна комисија**
**ДКСК - Државна комисија за спречување на корупцијата**
**ЕЛС – Единици на локалната самоуправа**
**ЕНЕР – Единствен национален електронски регистар на прописи**
**ЕСЕ - Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**
**ЕСЈН – Електронски систем на јавни набавки**
**ЕУ – Европска Унија**
**ЗЕЛС – Заедница на единици на локална самоуправа**
**ЗМАИ – Здружение за истражување и анализи**
**ИДСЦС - Институт за демократија Социетас Цивилис**
**ИКТ – Информатичко-комуникациска технологија**
**ИПА – Инструмент за претпристапна помош**
**ИРИ – Меѓународен републикански институт**
**ИТ – Информатичка технологија**
**ЈПП – јавно приватно партнерство**
**ЛМС – Систем за управување со учење**
**МВР - Министерство за внатрешни работи**
**МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање**
**МЗ - Министерство за здравство**
**МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**МИОА - Министерство за информатичко општество и администрација**
**МЛС - Министерство за локална самоуправа**
**МП - Министерство за правда**
**МПИН – Месечна пресметка за интегрирана наплата**
**МТСП - Министерство за труд и социјална политика**
**МФ - Министерство за финансии**
**НВО – Невладини организации**
**НАП – Национален акциски план**
**НАП 6 - Шести Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за периодот 2024-2026 година**
**ОЈО – Основно јавно обвинителство**
**ПОВ – Партнерство за отворена власт**
**РСМ – Република Северна Македонија**
**УЈП –Управа за јавни приходи**
**ЦГК – Центар за граѓански комуникации**
**ЦРРСМ - Централен регистар на Република Северна Македонија**
**ЦСР – Центри за социјална работа**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................................................................5
ДОСЕГАШНИ НАПОРИ ЗА ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ ...............................8
СОВЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ И НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН 2021-2023. ....................................................8
РАБОТНА ГРУПА СО СИТЕ ЧИНИТЕЛИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ 2021-2023.............................9
МРЕЖА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ . ........9
ПОРТАЛ ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ (https://ovp.gov.mk).........................10
РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2026 .............................................................................................10
ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА КО-КРЕИРАЊЕ НА НАП 6 .....................................................11
УЧЕСТВО И ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КО-КРЕИРАЊЕ.12

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЗАЛОЖБИ ПО ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ВО НАП 6 ................ 12**

**ПОВ ПРЕДИЗВИК ................................................................................................ 15**

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ 2024-2026– ОТВОРЕНА ВЛАДА- 16**

**1. БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ................................................................... 17**

**1.1 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ВЛАДИНИТЕ СЕДНИЦИ И СРЕДБИ . 17**

**1.2 ЈАВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ИМИЊАТА НА ВИСТИНСКИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА ФИРМИТЕ-ПОНУДУВАЧИ И НА ФИРМИТЕ ШТО ИМААТ СКЛУЧЕНО ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ЗА КОНЦЕСИИ (ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА) И ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ................................................ 20**

**1.3 ЈАВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА КОНЦЕСИИ И ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ................................................ 24**

**2. ПАРТИЦИПАТИВНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО................................................................................................................... 28**

**2.1 УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО КРЕИРАЊЕ НА АКТИВНИТЕ МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ................................................................................ 28**

**2.2 ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОБУКА НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ НА ТЕМИ ПОВРЗАНИ СО ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ, БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА, ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ ВО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ, ИТН. ........... 31**

**2.3 УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЈАВНИТЕ КОНСУЛТАЦИИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ........................................................................................................... 36**

**2.4 РЕДОВНО И КОНТИНУИРАНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВАТА И ОПШТИНИТЕ 39**

**2.5 УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗБОР НА АЛАТКИ ЗА Е-КОНСУЛТАЦИИ И ПАРТИЦИПАТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ВО ОПШТИНИТЕ ........................................................................... 43**

**2.6 ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КОИ ИМААТ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ, СО УЧЕСТВО НА ГОИ. 47**

**3. ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВДА ............................................ 49**

**3.1 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ............................................................................................................ 49**

**3.2 СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ........... 54**

**4. РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ ...................................... 62**

**4.1 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЦЕСИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ........ 62**

**4.2 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ........ 69**

**5. УНАПРЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ........ 75**

**5.1 ЕФИКАСНО УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ВОДНО ПРАВО ........ 75**

**5.2 ЗГОЛЕМЕНА ИНФОРМИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ПОВРЗАНИ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРСЕКТОРСКАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ........ 79**

**АКЦИСКИ ПЛАН 2024-2026 НА СОБРАНИЕТО КОН ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ (OGP)........ 83**

**1. РЕГИСТАР НА РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ОСНОВАНИ ОД СОБРАНИЕТО ........ 84**

**2. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ПРЕКУ СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ ........ 87**

**3. НАДЗОРНА РАСПРАВА ВО СОБРАНИЕТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИОТ ПОВ ПЛАН 2024-2026 ........ 90**

**4. ПАРЛАМЕНТАРЕН КАРАВАН-мобилен парламент за директна комуникација на пратениците со граѓаните........ 92**

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО СУДСТВО 2024 – 2026 ГОДИНА........ 95**

**1. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ........ 97**

**1.1 ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СУДСКИ ПОРТАЛ НА РСМ *(www.sud.mk)*.... 97**

**1.2 ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА НА СУДОВИТЕ ........ 100**

**1.3 ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И ДОСТАПНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ........ 103**

**2. ПЕРФОРМАНСИ ........ 107**

**2.1 ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАДЗОРНАТА УЛОГА НА СУДСКИОТ СОВЕТ ВРЗ ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА СУДОВИТЕ ........ 107**

**2.2 ПОДОБРУВАЊЕ/УНИФИЦИРАЊЕ НА СТРУКТУРА НА ИЗВЕШТАИТЕ НА СУДОВИТЕ И КВАЛИТЕТОТ НА ПОДАТОЦИТЕ........ 110**

**2.3 ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ОСНОВНА И КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА СУДИИТЕ ........ 113**

## ВОВЕД

Република Северна Македонија (РСМ)  е членка на Партнерството за отворена власт (ПОВ) од крајот на 2011 година.

Преку моделот на ПОВ, членовите ги користат придобивките од соработката помеѓу јавниот и невладиниот сектор за справување со предизвиците, преку формирање на коалиции за унапредување на реформите и ширење на иновациите низ земјите. ПОВ им помага на властите да ко-креираат, спроведуваат и известуваат за националните акциски планови со што власта ја прави поинклузивна, поотчетна и поодговорна.

РСМ е посветена на оваа иницијатива и постигна добар и препознаен напредок во текот на изминатите години. Од самите почетоци, РСМ ја следеше посветено потребата од поголем ангажман и вклученост на граѓаните во процесот на донесување одлуки, воведување на поголеми стандарди на интегритет и поголем пристап до технологија за сите граѓани.

Посветеноста за отвореност создаде многу придобивки, правејќи ја Владата потранспарентна и поодговорна, создавајќи потенцијал за развој на еден динамичен амбиент на вклученост, ефикасно управување со јавните ресурси, градење на системи на интегритет, овозможувачка околина на локално ниво, пристап до информации и отворени податоци. Преку отворање и ставање на нашите ресурси на јавноста, успеавме да го унапредиме дијалогот, иновациите и употребата на технологијата што го прават животот на граѓаните подобар и полесен.

> Од своето основање во 2011 година до денес во ПОВ учествуваат 75 земји и 104 локални власти кои работат заедно со илјадници граѓански организации. На секои две години, секоја земја членка поднесува акциски план ко-креиран со граѓанското општество, во кој се утврдуваат конкретни заложби за подобрување на транспарентноста, отчетноста и учеството на јавноста во донесувањето одлуки.

Шестиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за периодот 2024-2026 година (НАП 6) се надоврзува на претходниот интензитет на работа со преземање обврски за зголемување на учеството на јавноста и испорака на навистина трансформативни решенија. Исто така, ја препознава потребата јавниот сектор да иновира,

да развива политики што одговараат на потребите на граѓаните како одговор на современите текови.

Новиот НАП 6 ја потврдува потребата од продлабочување на претходните обврски и подобрување на нивниот квалитет и тоа преку заложби за отворена влада, отворен парламент и отворено судство. Се очекува дека по двегодишен период на реализација на заложбите утврдени во овој акциски план ќе се обезбеди вистинско препознавање на резултатите, а граѓаните ќе бидат во можност да ја потврдат промената.

Во НАП 6 се содржани следните приоритетни области/заложби:

> Темелено на постигнатиот успех од претходното проширување на оваа иницијатива во рамките на Собранието, во петтиот циклус 2021-2023 година покрај заложбите за Отворен парламент се креираа и заложби за Отворено судство.

| **ОТВОРЕНА ВЛАДА** |
|---|
| • Партиципативно донесување одлуки и граѓанско учество,<br>• Правно зајакнување и пристап до правда,<br>• Борба против корупцијата,<br>• Развој и користење на дигитални технологии и<br>• Унапредување на активностите за климатските промени. |
| **ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ** |
| • Регистар на регулаторни тела основани од Собранието,<br>• Информирање на јавноста преку собранискиот ТВ канал,<br>• Надзорна расправа во Собранието за спроведувањето на националниот ПОВ план 2024-2026 и<br>• Парламентарен караван - мобилен парламент за директна комуникација на пратениците со граѓаните. |
| **ОТВОРЕНО СУДСТВО** |
| • Пристап до информации и податоци и |

- Перформанси.

## ДОСЕГАШНИ НАПОРИ ЗА ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ

Преку оваа глобална иницијатива, РСМ преку пет акциски планови (2012-2014; 2014-2016; 2016-2018, 2018-2020 и 2021-2023) има постигнато значајни постигнувања во различни важни области вклучително фискалната транспарентност и отворени финансии, соработката со граѓанското општество, пристапот до информации од јавен карактер, партиципативното креирање на политики, јавни услуги, поволна правна средина за социјални договори, отворени податоци, спречувањето на корупцијата, јавните набавки, транспарентноста на локално ниво, пристапот до правда и климатски промени.

Советот за Партнерството за отворена власт е составен од 16 члена од кои осум членови ја преставуваат Владата, Собранието и Врховниот суд на Република Северна Македонија и еднаков број претставници од граѓанските организации номинирани преку Мрежата на граѓански организации за Партнерство за отворена власт.

Воведена е добрата практика за поврзување на заложбите од Акцискиот план со целите утврдени во Агендата за одржлив развој до 2030, особено со целта 16 „Мир, правда и силни институции“, 3 „Добро здравје и благосостојба“, 11 „Градовите и човечките населби да бидат инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи“, 13 „Климатска акција“ и цел 17 „Партнерство за целите“.

Вклученоста на граѓанските организации и институциите е основен предуслов за успехот на партнерството за отворена власт. Граѓанското учество е клучно за отворена власт и суштински елемент на националниот циклус на креирање на акциските планови.

Темелено на насоките за управување и учество во иницијативата Партнерство за отворена власт и Стандардите за ко-креирање и дизајнирање на форум со повеќе засегнати страни, во воспоставена е соодветна структура за координација, следење и учество во овој процес, и тоа:

## СОВЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ И НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН 2021-2023.

Советот има значајна улога и има за цел на структуриран начин да го максимизира учеството и соработката помеѓу институциите и граѓанското општество, преку вклучување релевантни партнери во дискусијата и овозможување да се слушнат гласовите на сите.

За следење на статусот на реализација на НАП и за подготовка Извештај за само-оценка и Финален извештај за оценка на спроведувањето МИОА ги користи податоците обезбедени од страна на работните подгрупи.

Советот за ПОВ го следи спроведувањето на тековниот НАП за ПОВ, разгледува и предлага извештаи за спроведување на акцискиот план, согласно роковите утврдени од ВРСМ и меѓународната иницијатива, разгледува и предлага насоки за унапредување на процесот согласно насоките кои произлегуваат од меѓународната иницијатива, ја утврдува временската рамка и начинот на спроведување на процесот на ко-креирање на акцискиот план, спроведува постапка на консултации за нацрт-акцискиот план и го предлага НАП за ПОВ до ВРСМ на усвојување и обезбедува континуиран дијалог на органите на државната управа, како и други институции на државната власт, граѓанските организации, бизнис секторот, академската заедница, медиумите и други претставници од засегнатата јавност за унапредување на стандардите за отвореност и транспарентност на властите.

## РАБОТНА ГРУПА СО СИТЕ ЧИНИТЕЛИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ 2021-2023

Координацијата на спроведувањето на заложбите и достигнувањата од Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година ја обезбедува националниот координатор за партнерство за отворена власт, додека работната група ја сочинуваат координатори на приоритети, заменици-координатори на приоритети, координатори на заложби и членови на работни подгрупи по заложба од Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година.

## МРЕЖА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ .

Основна цел на Мрежата е да го координира и зајакне гласот на граѓанските организации кои се залагаат за партиципативност, отвореност и отчетност на властите. Мрежата се залага за иницирање, поттикнување, поддршка, спроведување и мониторинг на процесот на ПОВ и за поттикнување на властите и другите институции за зголемување на нивната транспарентност, отчетност и отвореност за учество (партиципативност). Во Мрежата се вклучени повеќе од 70 граѓански организации.

## ПОРТАЛ ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ ( https://ovp.gov.mk)

Порталот за ПОВ преставува централна точка за консултација, мониторинг, вклучување, вмрежување и известување на сите засегнати и заинтересирани страни во процесот. Порталот за ПОВ служи како платформа за интеракција и размена на информации во четири сегменти: консултации за подготовка на Националниот акциски план (НАП), следење на спроведувањето на НАП, како и за следење на работата на Советот за ПОВ и на Мрежата на граѓански организации за ПОВ. Порталот нуди можност за одржување на онлајн виртуелни состаноци со разговори во живо – „live chat“ и видео поврзување на учесниците.

Советот за ПОВ, работната група со сите чинители за спроведување на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 и Мрежата на граѓански организации за Партнерство за отворена власт ја преставуваат структурата за координација, следење и спроведување на процесот на ПОВ воРСМ.

Оттука, процесот на ПОВ и во шестиот циклус беше поддржан од Советот за ПОВ, Работната група за ПОВ и Мрежата на граѓански организации за Партнерство за отворена власт и овозможија на структуриран начин да се максимизира учеството и придонесот како на претставниците од јавниот така и на невладиниот сектор.

## РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2026

Советот за ПОВ и Мрежата за ПОВ ја продолжија добрата практика на поддршка и активната вклученост во процесот за ко-креирање на НАП 6.

Со цел да се обезбеди систематизиран начин на планирање и спроведување на процесот на консултација, кој ќе осигура навремен, непречен, инклузивен и транспарентен процес на ко-креирање на новиот НАП, во 2023 година беше утврден начинот на спроведување на процесот на ко-креирање на НАП 6, како и Постапка за спроведување консултации со засегнати страни за креирање на нови приоритети и заложби во рамките на процесот ПОВ со временска рамка и Јавен повик за пријавување на учество во процесот на ко-креирање на НАП 6.

Исто така, беа подготвени и материјали кои произлегуваат од постапката за спроведување консултации: Временска рамка за подготовка, Едукативен материјал и Критериуми за оценување на релевантноста и поврзаноста со начелата на ПОВ. Сите документи се достапни на порталот за ПОВ.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА КО-КРЕИРАЊЕ НА НАП 6

Со цел навремено планирање и подготовка на процесот на ко-креирање на НАП6, Советот за ПОВ во мај 2023 година усвои Временска рамка на активности за подготовка на акциски план за Партнерство за отворена власт за периодот 2024-2026 година.




Темелено на предвидливата и соодветно уредена постапка на процесот на ко-креирање, во јули 2023 година во еден динамичен и инклузивен амбиент, отпочна процесот на подготовка на шестиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт за периодот 2024-2026 година.

При подготовка на акцискиот план за Отворен парламент 2024-2026, Собранието генерално ја следеше утврдената временска рамка за ко-креирање а активностите ги спроведуваше на начин усогласен со работата на собранието и Одлуката за формирање на работна група за подготовка и донесување на Акциски план на Собранието за 2024-2026 година кон Партнерството за отворена власт, донесена од страна на претседателот на Собранието

наРСМ. Во однос на планот кој се однесува на Отворено судство, во вториот циклус на приклучување на судската власт воПОВ, Советот за Отворено судство одлучи заложбите од акцискиот план за Отворено судство 2021-2023 година кои не беа реализирани во целост да се спроведат во  новиот Акциски план за  Отворено судство 2024-2026 година.

Во рамки на процесот на планирање и спроведување на ко-креацијата на НАП6, во периодот мај 2023-јануари 2024 година беа одржани:




## УЧЕСТВО И ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КО-КРЕИРАЊЕ

Преку широкиот консултативен процес и унапредени постојни практики, темелено и на искуствата од претходните акциски планови заПОВ, советите и препораките од Секретаријатот на ПОВ, препораките од механизмот за независно известување, креативните предлози од заинтересираните чинители и со директна вклученост на над 100 претставници од владиниот и граѓанскиот сектор се подготви нацрт- национален Акциски план за Партнерство за отворена власт за периодот 2024-2026 година во кој се дефинирани 15 заложби во 5 приоритетни области за Отворена влада, 4 заложби во делот Отворен парламент и 6 заложби во две приоритетни области во делот Отворено судство.

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЗАЛОЖБИ ПО ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ВО НАП 6

Отворена влада

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ | ЗАЛОЖБИ |
|---|---|
| **1. БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА** | 1.1. Унапредување на транспарентноста на владините седници и средби<br>1.2. Јавно објавување на имињата на вистинските сопственици на фирмите што имаат склучено договори за јавни набавки, за концесии (при Министерството за економија) и за воспоставување јавно приватно партнерство<br>1.3. Јавно објавување на склучените договори за концесии и за воспоставување јавно приватно партнерство |
| **2.ПАРТИЦИПАТИВНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО** | 2.1 Учество на јавноста во креирање на активните мерки, политики и услуги за вработување<br>2.2 Воведување на задолжителна обука на административни службеници на теми поврзани со транспарентност и отчетност, борба против корупција, вклучување на граѓани во донесување одлуки, итн.<br>2.3 Унапредување на квалитетот на јавните консултации на национално ниво<br>2.4 Редовно и континуирано објавување на годишни извештаи за еднакви можности на мажите и жените од страна на министерствата и општините<br>2.5 Утврдување на методологија за избор на алатки за е-консултации и партиципативно вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки во општините<br>2.6 Подготовка на План за справување со промените во животната средина кои имаат влијание врз здравјето на граѓаните, со учество на ГОи |
| **3. ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВДА** | 3.1 Дигитализација и унапредување на системот за бесплатна правна помош<br>3.2 Спречување на насилството врз жените и семејното насилство |
| **4. РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ** | 4.1 Дигитализација на процеси за финансиско известување на политичките партии<br>4.2 Дигитализација на податоци за унапредување на локалните економски политики |

| | |
|---|---|
| **5. УНАПРЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ** | 5.1 Ефикасно учество на јавноста во донесување одлуки во областа на водно право<br>5.2 Зголемена информираност на граѓаните за активностите на институциите поврзани со климатските промени преку унапредување на интерсекторската соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање |

## Отворен парламент

| **ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ** | **ЗАЛОЖБИ** |
|---|---|
| | 1. Регистар на регулаторни тела основани од Собранието<br>2. Информирање на јавноста преку собранискиот ТВ канал<br>3. Надзорна расправа во Собранието за спроведувањето на националниот ПОВ план 2024-2026<br>4. Парламентарен караван - мобилен паралament за директна комуникација на пратениците со граѓаните |

## Отворено Судство

| **ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ** | **ЗАЛОЖБИ** |
|---|---|
| **1. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ** | 1.1. Подобрување на електронскиот судски портал на РСМ (www.sud.mk)<br>1.2. Подобрување на односите со јавноста на судовите<br>1.3. Подобрување на квалитетот и достапноста на податоците и информациите за функционирање на Судскиот совет |
| **2. ПЕРФОРМАНСИ** | 2.1 Зајакнување на надзорната улога на Судскиот совет врз транспарентноста на судовите<br>2.2 Подобрување/унифицирање на структура на извештаите на судовите и квалитетот на податоците<br>2.3 Подобрување на електронскиот систем за основна и континуирана обука на судиите |

## ПОВ ПРЕДИЗВИК

Во текот на 2023 година Управниот комитет и Секретаријатот за поддршка на ПОВ ја повика ПОВ заедницата да ги насочи своите идеи и енергија во трајна промена на политиките се со цел да се справи со сегашните и идните предизвици. Во Стратегијата на ПОВ 2023-2028 се идентификувани области на делување преку кои можат да се зајакнат општествата и да се подобрат заедниците, и тоа: пристап до информации, антикорупција, граѓански простор клима и животна средина, дигитално управување, фискална отвореност, пол и вклученост, правда, слобода на медиумите и учество на јавноста. Согласно стратегијата, во текот на следните пет години, очекувано е сите членки на Партнерството да се приклучат на „предизвикот" да ја подигнат амбицијата за реформи во овие области и да идентификуваат заложба/и преку кој ќе се покаже релевантен напредок. Планирано е најамбициозните „реформатори" да бидат препознаени и промовирани на меѓународните форуми и да послужат како инспиративни приказни, а самиот напредок да биде споделен со ПОВ заедницата ширум светот.

Имајќи ја предвид Стратегијата на ПОВ 2023-2028 и повикот за приклучување на погоре споменатиот предизвик, Советот на ПОВ во текот на процесот на ко-креирање на НАП 6 се определи за приклучување на овој повик и идентификување на соодветен предизвик. Од заложбите кои се дел од НАП 6 Советот за ПОВ одлучи дека заложбата „1.2 Јавно објавување на имињата на вистинските сопственици на фирмите-понудувачи и на фирмите што имаат склучено договори за јавни набавки, за концесии (при Министерството за економија) и за воспоставување јавно приватно партнерство" да послужи како соодветен одговор на поставениот предизвик од ПОВ.

Реализацијата на оваа заложба како дел од НАП 6 очекувано е да овозможи јавно објавување на имињата на крајните или вистинските сопственици на фирмите. Со јавното објавување на името на вистинските, односно крајните сопственици на фирмите ќе се овозможи вкрстување на податоците од неколкуте јавно достапни бази и на тој начин ќе може да се направи целосна проверка на избраните и именуваните лица – дали се затскриени зад фирми кои добиваат тендери и концесии, односно државни договори користејќи ја позицијата и функцијата на која се избрани или именувани. Со искористување на целосниот потенцијал на овие податоци ќе се придонесе во борбата против корупцијата и криминалот, односно може да доведе не само до откривање на корупција, туку уште повеќе до нејзино спречување.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ 2024-2026

## – ОТВОРЕНА ВЛАДА-

Работата на отворена влада е континуирана заложба и овој акциски план содржи дел од можните, но амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста наВРСМ.

Овој документ ја промовира отвореноста и можноста за натамошно проширување и продлабочување на подолу утврдените приоритети во тесна соработка со сите чинители во сферата наПОВ.

Целиот процес на креирање, спроведување и следење на заложбите е поддржан од Министерството за информатичко општество и администрација, Советот за ПОВ и Мрежата за ПОВ.

За овој циклус на ко-креирање, Советот за ПОВ ги утврди следните пет приоритетни области и работни групи во делот за Отворена влада:




Во процесот на ко-креирање на акцискиот план во делот на Отворена влада, од работата на работните групи произлегоа 24 предлог идеи за заложби. По одржување на состаноците со институциите за усогласување на предлог-идеите и спроведувањето на консултативниот процес, Советот за ПОВ го усвои финалниот текст на НАП 6 во кој се содржани 15 заложби и 57 достигнувања.

## ОТВОРЕНА ВЛАДА

# 1. БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

| **Број и име на заложба** | **1.1 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ВЛАДИНИТЕ СЕДНИЦИ И СРЕДБИ** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Целта на заложбата е **унапредување на транспарентноста на владините седници и средби**, бидејќи граѓаните укажуваат на постоење на голем ризик за корупција поврзан со интегритетот на Владата при носење одлуки, што би се намалил преку **зголемување на транспарентноста на владините седници и средби на владините претставници, односно Претседателот на ВРСМ и министрите**.<br>За таа цел, треба да се обезбеди **задолжително водење и објавување календар на средби на владините претставници,** односно Претседателот на ВРСМ и министрите со информации за лицата со коишто се закажани, односно остварени средбите, а кој ќе биде достапен и ажуриран најмалку седум дена однапред, со времето на одржување и темата. Дополнително, календарот на средби треба да биде придружен со белешки, односно записник од одржаните средби, според претходно утврден унифициран ред на содржина.<br>Во поглед на унапредување на транспарентноста на владините седници, потребно е да биде **објавен календар (најава на седниците), односно ќе биде објавен дневниот ред на владините седници**. Неопходно е, во насока на унапредување на транспарентноста на седниците, дневниот ред да биде објавен најмалку седум работни дена однапред пред нејзиното одржување. Покрај тоа што овие активности ќе влијаат на унапредувањето на транспарентноста на Владата, дополнително ќе придонесат кон зголемување на довербата на граѓаните кон институциите, подобрување на интегритетот на Владата, како и намалување и искоренување на корупцијата што е од суштинско значење за зголемување за заштитување на демократијата, промовирање правичност и добро управување.<br>На крај, преку овој пристап со најава на календарите на владините претставници, проследени со белешки од средбите, како и објава на дневните редови за владините седници однапред, ќе се зголеми ефикасноста на работата и на владините служби и на Владата, бидејќи се очекува да се намали обемот на барања за пристап до информациите. | | |
| **Водечка институција** | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | / | *Фондација Метаморфозис* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | март 2024 – јануари 2026 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Заложбата се однесува на детектираниот ризик за корупција поврзан со интегритетот на Владата при носење одлуки, што би се намалил преку зголемување на транспарентноста на владините седници и |

| |
|---|
| средби. Паралелно на тоа би се зголемила довербата на граѓаните во институциите и нивната надзорна функција како главен коректив на работата на извршната власт. Регионалниот Индекс на отвореност (https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/procenka-na-dobroto-vladeenje-vo-severna-makedonija-i-regionot-preku-indeksot-na-otvorenost-sobranie-i-izvrshna-vlast-merenje-za-2021/) неколку години по ред го нотира овој проблем дека владините седници не се навремено најавени со придружни агенди најмалку еден ден пред одржување на седницата, како што и седум години по ред предупредува дека документите што се разгледуваат и дискутираат за време на седниците на Владата треба да се објавуваат заедно со агендата согласно меѓународните практики. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br><br>Клучна причина за овој проблем е тоа што јавноста нема навремен и целосен увид во дневниот ред (и документите) или информации кои се дискутираат и разгледуваат за време на владините седници, поради што перцепцијата на граѓаните е дека одлуките се носат на нетранспарентен начин и за лични или партиски цели. Последните неколку години се забележува тренд на задоцнето објавување на агендите и записниците на владините седници на веб-страницата на Владата, додека документите или информациите кои се разгледуваат или дискутираат на седниците до сега не биле јавно објавени. |

| **Опис на заложбата** |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br><br>Агенди за следните владини седници се објавуваат на порталот е-Влада кој не е достапен за поширокиот јавност. На календарот на веб-страницата на Владата се објавени информации за изминатите средби и владини седници, но не и за тие што следат. Дополнително, на веб-страницата на Владата задоцнето се објавуваат записници од седниците. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>Преку спроведување на заложбата ќе се воведе процедура за водење и објавување календар на веб-страницата на ВРСМ во насока на поголема транспарентност на работата на Владата и зголемување на довербата на граѓаните кон институциите. Процедурата ќе ги уреди следните постапки: 1) Објавување на следни средби на владините претставници, Претседателот на Владата и министрите, најмалку седум дена однапред, со стандардизирани информации за најавата; 2) Објавување на информации од средбите согласно стандардизиран формат на записник/белешки во рок од 5 работни дена по одржување на средбите; и 3) Објавување на следните владини седници со распоред на седниците седум работни дена однапред, агенда за седницата. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Преку воспоставувањето и спроведувањето на процедурата за водење и објавување календар на веб-страницата на ВРСМ, целиме кон постигнување на поголема транспарентност на работата на Владата и со самото тоа зголемување на надзорната улога на граѓанскиот сектор и довербата на граѓаните кон институциите. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1. Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Засегнатите чинители пред сè ќе имаат навремен и целосен пристап до информации за средбите и седниците на владините претставници согласно што ќе им овозможи навремено и |

| | |
|---|---|
| | информирано да ја практикуваат својата улога на надзорници на работата на власта и да реагираат согласно потребата. |
| **2. Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Јавното обезбедување на информации поврзани со владините седници и средби заедно со документите и записниците, ќе ѝ овозможи на јавноста навремено и информирано да реагира и да бара одговорност од страна на владините претставници доколку има (не)усвојување на спорни документи или информации кои одат спротивно на интересите на граѓаните. |
| **3. Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Заложбата има клучна цел да обезбеди процедура за континуирано и навремено информирање на засегнатите страни за владините седници и средби преку што јавноста ќе може навремено и информирано да реагира и да бара одговорност од страна на владините претставници доколку има (не)усвојување на спорни документи или информации кои одат спротивно на интересите на граѓаните. На овој начин граѓаните стануваат посвесни и поинформирани за работата на Владата преку осознавање на редот и информациите кои се процесираат за време на владините седници и средби. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| 1.1.1 Подготовка на процедура за водење и објавување календар на веб-страницата на ВРСМ која ги уредува следните компоненти:<br>- Објавување на следни средби на владините претставници најмалку седум дена однапред, со стандардизирани информации за најавата;<br>- Објавување на информации од средбите согласно стандардизиран формат на записник/белешки во рок од 5 работни дена по одржување на средбите;<br>- Објавување на следни владини седници со распоред на седници седум | Подготовка на процедура за водење и објавување календар на веб-страницата на ВРСМ која ги уредува следните компоненти:<br>- Објавување на следни средби на владините претставници најмалку седум дена однапред, со стандардизирани информации за најавата;<br>- Објавување на информации од средбите согласно стандардизиран формат на записник/белешки во рок од 5 работни дена по одржување на средбите.<br>- Објавување на следни владини седници со | декември, 2024 | Водечка институција: ГС на ВРСМ | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | ГС на ВРСМ | Фондација Метаморфозис | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| работни дена однапред, заедно со агенда за седницата. | распоред на седници седум работни дена однапред, заедно со агенда за седницата. | | | | |
| 1.1.2 Спроведување на процедурата за водење и објавување календар на веб-страницата на ВРСМ. | Спроведување на процедурата за водење и објавување календар на веб-страницата на ВРСМ. | јануари, 2026 | ГС на ВРСМ | / | / |

| **Број и име на заложба** | **1.2 ЈАВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ИМИЊАТА НА ВИСТИНСКИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА ФИРМИТЕ-ПОНУДУВАЧИ И НА ФИРМИТЕ ШТО ИМААТ СКЛУЧЕНО ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ЗА КОНЦЕСИИ (ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА) И ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Од 2019 година, РСМ воспостави Регистар на вистински сопственици. Овие регистри почнаа да се воспоставуваат откако се откри дека многу политички-експонирани лица „тајно“ поседуваат фирми кои користат јавни (државни) пари. Информациите за вистинските сопственици веднаш станаа една од најзначајните алатки за борба против корупцијата. Овозможувањето лесен и широк пристап до овие информации е најефикасен начин да се овозможи сите релевантни корисници – од институциите за спроведување на законот до истражувачките новинари и граѓанските организации – да можат да ги користат информациите во борбата против корупцијата. Ова е особено важно за фирмите кои добиваат јавни средства и за кои информациите за тоа кој ги поседува и контролира компаниите се основни за надзор и одговорност. Денес, и покрај неодамнешната пресуда на Европскиот суд, овие регистри се јавно достапни во дури една третина од земјите членки на ЕУ и многу други земји ширум светот. Ова е, исто така, услов поставен и од Меѓународниот монетарен фонд(ММФ) и Светска банка (СБ) за доделување финансиска помош на земјите (каква што користи и РСМ). Јавно објавување на имињата на вистинските сопственици е дел и од резолуцијата на Обединетите нации за оваа материја. Оттука, многу е важно ваквите податоци да бидат конечно јавно достапни и во нашата земја во која, споредено со сите земји од ЕУ каде што овие регистри се јавно достапни, има значително поголема корупција, оттука и поголема потреба од овие информации. Заложбата се однесува на овозможување јавна достапност на податоците за вистинските сопственици, во прво време, за фирмите кои користат јавни средства, односно имаат склучено договори за јавни набавки, за концесии за експлоатација на минерални суровини, договори за концесија на детални геолошки истражувања, како и оние со склучени договори за воспоставување наЈПП. Исто така, во насока на уште поголема заштита од корупција, а согласно светските трендови во оваа сфера, заложбата предвидува објавување на имињата на вистинските сопственици и на фирмите-понудувачи во постапките за јавни набавки. | | |
| **Водечка институција** | Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење | | |
| | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор,** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поддршка од засегнатите страни** | | | **меѓународни организации итн.)** |
| | МФ, Министерство за економија, Биро за јавни набавки и ЦРРСМ | *ЦГК* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | мај 2024 - декември 2025 | | |

| Дефинирање на проблем |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br>Постојат мноштво примери дека корумпираните поединци ја искористуваат нетранспарентноста на сопственичките структури на фирмите, било за да склучуваат или за добиваат договори со државните институции така што ги фаворизираат фирмите во кои имаат скриен интерес. Официјалните податоци од светот говорат дека во 70 % од случаите на висока корупција се вклучени компании со анонимни сопственици (за што имаше бројни случаи и кај нас, пред да бидат откриени во истрагите на Специјалното обвинителство и од истражувачките новинари). Недоволната транспарентност во вистинската сопственост на правните лица не само што помага во корупцијата, туку сериозно ги попречува и истрагите и можноста за следење, замрзнување и одземање на нелегално стекнатиот имот и за спроведување на законот. При јавните набавки, корумпираните поединци може да се обидат да ја искористат нетранспарентноста на сопственичките структури за да добиваат тендери, фаворизирајќи ги компаниите во кои имаат скриен интерес. Спротивно, со овозможување сопственичка транспарентност, властите и сите други заинтересирани страни ќе можат да ги откријат вистинските сопственици кои стојат зад понудувачите на тендерите, а од друга страна ќе биде потешко и за корумпираните службеници да манипулираат со процесот на набавки за лична корист. Ваквата транспарентност поттикнува фер конкуренција и ги обесхрабрува корумпираните актери да ги користат сложени сопственички структури за да ја прикријат својата вклученост во зделките. Дополнително, комбинацијата од транспарентност на вистинската сопственост и на јавните набавки ја подобруваат севкупната одговорност на процесот на набавки, овозможувајќи идентификација на потенцијалните судири на интереси и гарантирајќи дека договорите се доделуваат врз основа на заслуги, а не преку фаворизирање или поткуп. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br>Недоволната транспарентност во вистинската сопственост на правните лица остава простор за корутивни активности при склучувањето на договори за јавни набавки, за концесии за експлоатација на минерални суровини, договори за концесија на детални геолошки истражувања, како и оние со склучени договори за воспоставување ЈПП. |

| Опис на заложбата |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br>Со неколку последователни активности спроведени во последните неколку години се создадени предуслови за конечно решавање на споменатиот проблем. Прво, на единствениот Електронски систем за јавни набавки (ЕСЈН) задолжително се објавуваат сите склучени договори за јавни набавки (и нивните анекси). Потоа, исто така на ЕСЈН, во Известувањето за склучен договор, се објавуваат не само имињата на фирмите со кои е склучен договорот за јавна набавка, туку и на сите фирми што учествувале на набавката. |

Натаму, Државната комисија за спречување на корупцијата воспостави и јавно го објавува Регистарот на избрани и именувани лица. Но, сите овие и други решенија, се само парцијални и не ја остваруваат до крај својата замисла – да бидат моќна алатка за спречување и откривање на корупцијата. Она што недостига се јавно достапни податоци за сопственоста на фирмите за да може да се вкрстат сите овие податоци и да се спречи злоупотреба на јавните средства.
Со минатиот Акциски план за Партнерството за отворена власт 2021-2023 (НАП за ПОВ) се направи обид да се започне со овој процес со усвојување на заложба за објавување на имињата на вистинските сопственици на фирмите што добиле договор за јавна набавка. За жал, заложбата, иако беше признаена како една од најдобрите заложби на светско ниво од страна на Секретаријатот на ПОВ, не беше спроведена главно поради аспекти поврзани со заштита на личните податоци. Имајќи предвид дека напорите за остварување на заложбата не престанаа, сега се прави обид да се овозможи дополнително време за, наводно, потребните законски измени за да може заложбата да се реализира, но кон неа се вклучуваат и сличните договори на јавните набавки, како што се концесиите и договорите за воспоставување на ЈПП.

**2. Какво решение предлагате?**

Со предложеното јавно објавување на името на вистинските, односно крајните сопственици на фирмите ќе се овозможи вкрстување на податоците од неколкуте јавно достапни бази и на тој начин ќе може да се направи целосна проверка на избраните и именуваните лица – дали се затскриени за фирми кои добиваат тендери и концесии, односно државни договори користејќи ја позицијата и функцијата на која се избрани или именувани.
Сепак, проблемот ќе се реши само делумно, бидејќи во земјава исто така не се јавно достапни ниту податоците за регистрираните сопственици на фирмите, со што Северна Македонија е меѓу 15-те земји во светот во кои се плаќа надомест за добивање на оваа информација за фирмите (информација од октомври 2023 година, УНОДЦ). За ова постоеше заложба во минатото, со која се направија јавно достапни одредени основни податоци за фирмите, ни не и името на сопствениците на фирмите, како што е тоа во речиси сите земји од светот. Ова останува да биде проблем за целосно откривање на поврзаноста на фирмите и за спречување и откривање на корупцијата, кој треба да се реши во иднина. Со јавна недостапност на овој податок, на еден начин, се овозможува корупцијата бидејќи се спречува нејзиното откривање до кое би дошло доколку овие податоци се јавно достапни.
Исто така, како проблем останува и тоа што сите овие податоци не се во форма на отворени податоци и со тоа нивното користење останува отежнато, што само оди во прилог на корумпираните.
Во блиска перспектива, податоците и за сопственоста и за вистинската сопственост на фирмите треба да станат целосно јавно достапни за да се овозможи нивно пошироко користење (на пример поврзување со податоците за имот, за пресуди, итн.). Успешни примери за ваква употреба на податоците има во Франција, Обединетото Кралство, Кенија, Малезија, Украина итн.

3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**

Со јавното објавување на имињата на крајните или вистинските сопственици на фирмите ќе се овозможи искористување на целосниот потенцијал на овие податоци во борбата против корупцијата и криминалот. Имено, тоа ќе овозможи проверка на податоците од споменатите јавно достапни регистри и бази на податоци што може да доведе не само до откривање на корупција, туку уште повеќе до нејзино спречување. Се смета дека самиот факт што овие податоци ќе бидат јавно достапни ќе ги одвраќа оние што имале намера за злоупотреба на јавните средства, да го сторат тоа, бидејќи ќе се зголемат шансите да бидат откриени.

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1. Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Заложбата всушност ќе значи историско отворање на податоците од Регистарот на вистински сопственици, кои сега се достапни само преку официјална процедура и плаќање надомест. Со спроведување на заложбата, овие податоци ќе бидат јавно отворени со што ќе станат лесно достапни за сите |

| | |
|---|---|
| | заинтересирани страни, како што се граѓаните, граѓанските организации, медиумите и др. |
| **2. Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Транспарентноста на имињата на крајните корисници на правните лица ќе им овозможи на граѓанските организации, медиумите, граѓаните и на сите други заинтересирани страни да го зголемат надзорот врз јавните институции, а со тоа и притисокот за поодговорно работење. На овој начин, не само што ќе е откријат евентуалните политички злоупотреби во искористување на јавни пари за приватна корист, туку ќе се делува на спречување на вакви појави во иднина, со што директно ќе се влијае врз зголемување на одговорноста на јавните институции во трошењето јавни пари. |
| **3. Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Имајќи информации и постојан увид во тоа кои се вистинските сопственици, односно крајни корисници на фирмите, со истовремено достапни и други важни податоци како – кој ги добива тендерите и концесиите, ќе им овозможи на граѓаните да се вклучат поинтензивно во борбата против корупцијата. На тој начин, граѓаните, наместо само како пасивни набљудувачи и дел од проблемот, ќе можат да ја играат својата општествена улога на активни чинители во борбата против корупцијата, и заштита на своите сопствени средства. |

<table>
<tr><td colspan="6">Планирање на заложбата</td></tr>
<tr><td>Достигнувања</td><td>Очекувани резултати</td><td>Очекуван датум на завршување</td><td colspan="3">Засегнати страни</td></tr>
<tr><td rowspan="4">1.2.1 Детектирање на потребните предуслови за јавно објавување на имињата на вистинските сопственици, со можен временски рок на остварување</td><td rowspan="4">Изработен список со сите предуслови и временски распоред за спроведување на заложбата</td><td rowspan="4">мај 2024</td><td colspan="3">Водечка институција: Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Поддршка</u></td><td></td></tr>
<tr><td>Јавен сектор</td><td>НВО</td><td>Други</td></tr>
<tr><td>Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење), МФ, Министерство за економија, Биро за јавни набавки, ЦРРСМ и Управа за</td><td>ЦГК</td><td>/</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | финансиско разузнавање | | |
| *1.2.2 Спроведување на детектираните предуслови за јавно објавување на имињата на вистинските сопственици на фирмите-понудувачи и на фирмите со склучени договори за јавни набавки, концесии и ЈПП* | Спроведени потребните предуслови за спроведување на заложбата | декември 2024 | Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење МФ, Министерство за економија, Биро за јавни набавки, ЦРРСМ и Управа за финансиско разузнавање | ЦГК | / |
| *1.2.3 Јавно објавување на имињата на вистинските сопственици на фирмите-понудувачи и на фирмите со склучени договори за јавни набавки, концесии и ЈПП* | Податоците за крајните сопственици на фирмите што имаат склучено договори за јавни набавки, за концесии за минерални суровини и за воспоставување на ЈПП се објавуваат јавно | мај 2025 | Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, МФ, Министерство за економија, Биро за јавни набавки, ЦРРСМ и Управа за финансиско разузнавање | ЦГК | / |

| **Број и име на заложба** | **1.3 ЈАВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА КОНЦЕСИИ И ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО** |
|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Заложбата подразбира задолжително јавно објавување на склучените договори за концесии и за воспоставување на ЈПП, онака како што се јавно достапни и договорите за јавни набавки. Концесиите, јавните набавки и ЈПП се трите основни видови на јавни договори на државните институции со приватниот сектор. Иако кај нас, сè уште, овие три видови јавни договори не се унифицирани во смисла на тоа постапките за нивното склучување да се водат од едно централизирано место, како на пример Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), сепак станува збор за истородни договори. Оттука, неопходно е како што се достапни договорите за јавните набавки, истата таа транспарентност да се овозможи и за договорите за концесиите и за ЈПП. Во смисла на концесиите, барем во текот на реализација на оваа заложба, се мисли на договорите за концесии за експлоатација на минерални суровини и договорите за концесии за детални |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | геолошки истражувања кои ги склучува Министерството за економија. Заложбата се однесува на јавно објавување на овие договори на интернет-страницата на ова министерство. Во однос на договорите за воспоставување на ЈПП заложбата се однесува на објавување на договорите во рамки на ЕСЈН. Имено, на ЕСЈН се објавуваат огласите за воспоставување ЈПП. По примерот на јавните набавки, заложбата подразбира да се објавуваат и склучените договори за ЈПП во делот на „документи“, одделно за секој склучен договор. На овој начин, иако заложбата ги опфаќа министерствата, општините како и јавните и државните претпријатија основани од нив, всушност го опфаќа само Бирото за јавни набавки бидејќи споменатите институции треба да ги достават до ЕСЈН за објавување и склучените договори (како што тоа го прават со договорите за јавни набавки). | | |
| **Водечка институција** | Министерство за економија | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *Биро за јавни набавки ( МФ), Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, општини, јавни и државни претпријатија* | *ЦГК* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | февруари 2024 – јануари 2026 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?** |
| Иако спаѓаат во иста група договори меѓу приватниот сектор и институциите од јавниот сектор, договорите за концесии и за ЈПП не се објавуваат јавно како што е тоа случај со договорите за јавни набавки. Со ова за еден значаен сектор кој, меѓу другото, е и еден од најподложните на корупција, граѓаните, граѓанските организации, новинарите, дури и државните институции на коишто тоа им е неопходен податок, немаат пристап до деталите за тоа што е договорено, особено околу обврските на концесионерите. Од друга страна, има бројни примери за злоупотреби на овие договори. Со тоа што не се достапни договорите, не само што се оневозможува следење на нивното соодветно спроведување, туку на еден начин и се поддржува корупцијата бидејќи се држат во тајност вакви значајни информации. Иако постои обврска и според Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, договорите за концесии не се јавно објавени. Ист е случајот и со договорите за воспоставување ЈПП. И за двата вида договори, во јавноста преовладува мислење дека се генерално коруптивни, што ги ограничува и евентуалните натамошни инвестиции на бизнис секторот преку овие два вида договори. За разлика од Северна Македонија, во светот, токму концесиите и ЈПП се значаен инструмент за привлекување странски инвестиции и за економски развој, придонесувајќи со 2 до 3 процентни поени во годишниот пораст на бруто домашниот производ на земјите. |
| **2. Кои се причините за проблемот?** |

| |
|---|
| Се чини дека во основата на проблемот е човечкиот фактор, односно немањето волја за објавување на овие договори. Имено, Министерството за економија и сега објавува документ во затворен пдф формат за доделените концесии за минерални суровини, со основните податоци за околу 370 вакви концесии како: име на концесионерот, адреса, електронска пошта, времетраење на договорот, датум на склучување на договорот, суровина, локалитет на концесијата, општината во која се наоѓа и опфатената површина во километри квадратни. Како и да е, меѓу јавно објавените податоци нема ниеден податок за надоместот што се плаќа за концесискиот простор, било фиксниот надомест по километар квадратен или променливиот, за количината на експлоатираната суровина. Исто така, не се познати ни условите што ги има концесионерот со договорот за концесија, што ги прави овие договори целосно невозможни за каква и да е јавен увид или контрола во нивното спроведување. Слична е ситуацијата и со договорите за воспоставување на ЈПП. На ЕСЈН се објавуваат огласите за ваквите договори, но не и информации за склучените договори, ниту самите договори, иако станува збор само за неколку годишно. |

| **Опис на заложбата** |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br>Како што е напоменато, иако во доменот на јавните набавки постепено се зголемуваше транспарентноста и достапноста до јавноста на голем број информации и документи поврзани со тендерите, ваквиот тренд не беше следен и за другите два вида договори, како што се концесиите и ЈПП, ако станува збор за слични договори. Делумно и поради ова, но и поради застарените регулативи, и во двете области не се искористени целосните потенцијали што ги нудат, особено за привлекување инвестиции и за економски развој, не само на национално ниво, туку и во рамките на локалните средини. Имаше обиди состојбата да се подобри со други иницијативни, ни и тие беа неуспешни. Во однос на концесиите, како резултат на заложба во Акцискиот план за ПОВ 2016-2018 година, на веб-страницата на Министерството за економија се објавува регистар на концесии за минерални суровини, но тој не ги вклучува и склучените договори. Што се однесува за ЈПП, на ЕСЈН се објавуваат само огласите за ваквите договори и тендерските документации, но таа можност не се користи за да се објават, на истото место, и известувања за склучените договори, како и самите договори, како што е тоа случај со јавните набавки. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br>Што се однесува до ЈПП, проблемот ќе биде целосно решен, бидејќи ќе се искористи веќе постојната можност – на ЕСЈН да се објават и склучените договори за ЈПП, во делот каде што и сега се објавуваат информации за ЈПП, како што се огласот и тендерската документација.<br>За концесиите, ова е само делумно решение, бидејќи договорите ќе се објават на веб-страницата на Министерството за економија, каде што се објавуваат основните информации за концесиите. Делумно, затоа што за концесиите е потребно, во иднина, да се пристапи кон целосно електронско решение, како што е ЕСЈН и затоа што не се опфатени сите концесии, туку само оние за минерални суровини и за експлоатација. Но, објавувањето на договорите за овие концесии ќе значи прв чекор кон транспарентност и на другите договори за концесии што ги склучуваат и другите институции, што може да следува во наредните НАП за ПОВ. |
| 3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br>Заложбата всушност ќе значи заокружување на транспарентноста на јавните договори (јавни набавки, концесии, ЈПП) што е од огромна важност за да може да се овозможи јавен увид во овие договори и јавна проверка дали тие го штитат јавниот интерес. Сите овие договори се меѓу најподложните на корупција и со ова ќе се овозможи нејзино откривање, но и спречување и тоа со директна улога на граѓаните и граѓанските организации. Со заложбата всушност ќе продолжат напорите на Министерството за економија за зголемена транспарентност на доделените концесии. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |

| | |
|---|---|
| **1. Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Со заложбата се постигнува значаен напредок во транспарентноста во сферите на концесиите и ЈПП. Заложбата за јавно објавување на овие договори е во иста линија со предвидените мерки во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, како и со препораките на Државниот завод за ревизија во Извештајот од извршената ревизија на Основен буџет на РСМ за 2022 година, во насока на тоа и општините да ги имаат договорите за концесии доделени за нивните територии. |
| **2. Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Со тоа што договорите за концесии и за ЈПП ќе се направат достапни и ќе се стават на увид на јавноста и на сите заинтересирани групи, ќе се зголеми значително отчетноста на јавните институции. Со тоа, заложбата ќе придонесе и за зголемување на довербата во јавните институции и од страна на јавноста и на потенцијалните инвеститори во овие две области кои сега сè уште се одвиваат под превезот на нетранспарентност и сомнежи за корупција. |
| **3. Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Имајќи ги деталите од договорите, особено за финансиските и другите аспекти и условите по кои е доделена концесијата, граѓаните можат да оценат дали е договорот добар или лош за јавните ресурси, како што се минералните суровини, или дали и како е заштитен јавниот интерес во договорите за ЈПП. Знаејќи го тоа, граѓаните може и да спречат евентуални штетни договори, што значи нивно директно учество во унапредување на состојбите. |

| Планирање на заложбата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| 1.3.1 Координација и договарање за начинот на спроведување на заложбата и на потребните технички предуслови за тоа | Постигнат договор и конкретно техничко решение за објавување на договорите за концесии на интернет страната на Министерство за економија и за ЈПП на ЕСЈН | мај 2024 | Водечка институција: Министерство за економија | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | Министерство за економија, Биро за јавни набавки ( МФ ), | ЦГК | / |
| 1.3.2 Јавно објавување на договорите за концесии и за воспоставување на ЈПП | Договорите јавно се објавуваат | февруари 2025 | Биро за јавни набавки ( МФ), Министерство за економија | ЦГК | / |

## 2. ПАРТИЦИПАТИВНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ И ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

| **Број и име на заложба** | **2.1 УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО КРЕИРАЊЕ НА АКТИВНИТЕ МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Заложбата има за цел да ги мапира постоечките процеси, практики и политики на АВРСМ за консултирање на заинтересирани страни (невработени, бизниси, ГОи и други институции) пред креирање и донесување на годишниот оперативен план за активни мерки, политики и услуги за вработување, како и во тек на неговото спроведување. Дополнително, заложбата има за цел стандардизирање и проширување на овие процеси, практики и политики, на тој начин што сите заинтересирани страни ќе имаат можност информирано да се обезбедат свои предлози во текот на планирањето, спроведувањето и евалуацијата на годишниот оперативен план за вработување. Исто така, заложбата ќе допринесе кон создавање на база на заинтересирани страни кои во континуитет ќе добиваат информации за можностите за вклучување и на крајот ќе добијат можност да обезбедат свои предлози за унапредување на ефикасноста и економичноста на активните политики, мерки и услуги за вработување. Оваа заложба, претставува продолжување на напорите за унапредување на транспарентноста, отчетноста, и партиципативноста во работењето на АВРСМ започнат во претходниот акциски план за ПОВ 2021 – 2023 година. Она што е важно да се напомене, е тоа што АВРСМ објавува информации за спроведувањето на годишните оперативни планови, кои ќе овозможат на заинтересираните страни информирано да се вклучат и обезбедат свој предлог за унапредување на мерките, политиките и услугите за вработување.<br>Во суштина, заложбата значи многу повеќе од едноставно прибирање на предлози од целните групи и истата е поставена на неколку нивоа, и тоа:<br>- Првото ниво се однесува на унапредување на политиките, процесите и практиките на АВРСМ за вклучување на заинтересирани страни, воспоставување на широка група на заинтересирани страни (невработени граѓани, ГОи кои работат на различни прашања, бизниси, академија, итн.) кои долгорочно ќе обезбедуваат инпут за креирање на подобар Годишен оперативен план и создавање на локална мрежа и капацитети помеѓу 30те подрачни единици на АВРСМ за мобилизирање и вклучување на локалното невработено локално население и заинтересирани страни во обезбедување на инпут пред креирање на Годишниот оперативен план.<br>- Второто ниво се однесува за креирање на техничко решение за прибирање на предлози од пошироката јавност (онаа која не е опфатена при првото ниво) пред донесување на Годишниот оперативен план и оценување на спроведувањето на усвоениот план.<br>- Третото ниво се однесува на промоција и ставање во функција на целиот систем. | | |
| **Водечка институција** | Министерство за труд и социјална политика | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *АВРСМ* | *ЕСЕ* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | 1 февруари 2024 – 31 јануари 2026 година | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Агенцијата за вработување има воспоставена практика за консултирање на бизнис секторот и граѓанските организации. Како и да е, процесот на консултации и начинот на вклучување на заинтересираните страни не е достапен за јавноста, што пак ја ограничува можноста за сите оние кои не се директно поканети а се заинтересирани, да обезбедат свој придонес во процесот на донесување одлуки. Дополнително, невработените како една од клучните корисници на програмите и услугите за вработување, освен преку секојдневната комуникација со вработените, немаат можност на организиран начин да обезбедат свои предлози за унапредување на истите. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br><br>Клучна причина за овој проблем е тоа што јавноста не е информирана за постоечките можности за вклучување, заради немањето на јавно достапни информации за начинот и можностите за вклучување, како и немањето на јавен канал за поднесување на предлози и решенија. |

| **Опис на заложбата** |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br><br>Агенцијата за вработување и ЕСЕ, со поддршка од ВРСМ во текот на 2021 – 2023 година развија и објавија платформа која активно генерира информации за степенот на искористување на средства од тековниот годишен оперативен план на активни мерки, политики и услуги за вработување, како и информации за опфатот на лица/бизниси со секоја од нив. Дополнително, АВРСМ објавува низа на статистички и финансиски показатели кои даваат можност на сите заинтересирани страни да спроведат независна анализа на функционалноста на мерките, политиките и услугите. Во истиот период, АВРСМ и ЕСЕ развија стандардизиран прашалник за оценка на нивото на задоволство од мерките, политиките и услугите за вработување и истиот го пилотираа во три подрачни единици на Агенцијата.<br>Дополнително, во текот на спроведувањето на петтиот акциски план за ПОВ, беше креирана работна група составена од претставници на МТСП, АВРСМ, ЕСЕ, и три локални ГОи, но како и да е оваа работна група имаше само за цел да ги координира активностите во рамки на петтиот акциски план но ни е да претставува клучна група за консултации пред креирање на годишните оперативни планови. |
| **2. Какво решение предлагате?** |

| |
|---|
| Преку спроведување на заложбата ќе се подготви постапка за вклучување на заинтересирани страни која ќе биде јавно достапна (начин, временски рокови, критериуми, итн.), ќе се идентификуваат и вклучат други заинтересирани страни и ќе се развие можност за електронско доставување и обработка на предлози. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Воспоставување на постапка за консултации и прибирање на предлози од заинтересирани страни за креирање на мерки, политики и услуги за вработување базирани на нивните потреби. |

| Анализа на заложбата | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1. Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Заинтересираните страни пред се ќе имаат пристап до информации за предлог годишниот оперативен план пред неговото усвојување и пристап до информации за спроведувањето на претходните планови. Овие информации ќе им овозможат информирано да се вклучат во дискусија и предлагаат конкретни и ефикасни решенија кои ќе и помогнат на АВРСМ да донесе план базиран на потребите на крајните корисници. |
| **2. Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Добиените предлози ќе бидат јавно достапни, а пак јавноста однапред ќе биде информирана за критериумите за селекција на релевантност на предлозите. Дополнително, за секој добиен предлог ќе се обезбедат информации за дали и на кој начин е прифатен (согласно критериумите) и доколку не е прифатен, која е причината за неговото неприфаќање. |
| **3. Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Заложбата има клучна цел да обезбеди канал за континуирана комуникација со заинтересирани страни, преку стандардизирање на постапката за консултации и отворање на можност за електронско поднесување на предлози. |

| Планирање на заложбата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| 2.1.1 Подготовка на постапка за прибирање на предлози и спроведување на јавна консултација пред донесување на Годишен оперативен план на активни мерки, програми и услуги за вработување. | Подготвена и објавена постапка | септември,2024 | Водечка институција: АВРСМ | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | АВРСМ, МТСП | ЕСЕ | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.2 Креирање на база на ГОи, академија, бизнис, невработени, кои имаат интерес да се консултираат од страна на МТСП и АВРСМ пред подготовка и пред донесување на Годишниот оперативен план. | Креирана база | септември 2024 | АВРСМ, МТСП | ЕСЕ | / |
| 2.1.3 Развивање на дел за консултации на страната на АВРСМ. | Развиен дел за консултации на интернет страна на АВРСМ | декември 2024 | АВРСМ, МТСП | ЕСЕ | / |
| 2.1.4 Ставање на постапката и делот за консултации во функција при донесување на Годишниот оперативен план за 2026 година. | Спроведен еден циклус на консултации и вклучени предлози во Годишниот оперативен план за 2026 | декември 2025 | АВРСМ, МТСП | ЕСЕ | / |

| **Број и име на заложба** | **2.2 ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОБУКА НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ НА ТЕМИ ПОВРЗАНИ СО ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ, БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА, ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ, ИТН.** |
|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Заложбата има за цел да допринесе кон унапредување на редовните годишни програми за генерички обуки на административните службеници, како и на специјализираните обуки кои се достапни на системот за учење на МИОА – (ЛМС). На овој начин на административните службеници (на национално и локално ниво) ќе им се овозможи континуирано учење и стекнување на знаења преку обуки на теми поврзани со транспарентност и отчетност, борба против корупција, вклучување на граѓани во донесување одлуки, итн. Оваа заложба, покрај унапредување на знаењата, има и за цел градење на континуирана соработка помеѓу граѓанските организации и МИОА во насока на споделување и искористување на постојани ресурси за заедничко учење, градење на вештини и соработка.<br>Во таа насока, постојаните обуки кои се обезбедуваат од страна на граѓанските организации во областите од интерес, ќе се прилагодат и стават достапни за континуирано градење на вештини на административните службеници, преку електронскиот систем за управување со учење (ЛМС), ќе се задолжат сите административни службеници еднаш годишно успешно да ги поминат развиените обуки поврзани со темите од интерес за оваа заложба преку задолжување од Владата и на крај да се добие сертификат - да поседува сертификат дека успешно ги завршил поставените обуки кои ќе произлезат од оваа заложба. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Водечка институција** | Министерство за информатичко општество и администрација | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | / | *ЕСЕ* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | 1 февруари 2024 – 31 јануари 2026 година | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Клучен проблем кој се адресира преку оваа заложба се ниските капацитети на јавните службеници за препознавање, пријавување и постапување во случаи на корупција; ниските капацитети на јавните службеници за идентификување и споделување на информации и податоци со јавноста; и ниските капацитети за создавање на механизми за континуирана комуникација со целните групи. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br><br>Причината за овој проблем е тоа што јавните службеници немаат обврска да посетуваат обуки на овие теми. Покрај националните прописи, јавните службеници немаат можност на едно место да дојдат до релевантни информации, литература, примери, алатки, итн. кои можат да им помогнат во градењето на нивните знаења. |

| **Опис на заложбата** |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br>Во рамки на Министерството за информатичко општество и администрација делува Академија за стручно усовршување на административните службеници која организира обуки за јакнење на капацитетите на јавните службеници. Дополнително, секоја година, по предлог на јавните службеници и извршена проценка од Министерството, се подготвува годишна програма за обуки на јавните службеници на различни теми, како на пример: стратегии, програми, комуникација, сајбер безбедност, итн. Обуките се спроведуваат преку порталот за електронско учење ЛМС. Во текот на 2023 година, МИОА спроведе постапка за унапредување на функционалноста на овој портал. Дел од јавните службеници во изминатиот период, имаа можност да присуствуваат на обуки поврзани со корупција, пристап до информации, вклучување на граѓани, кои ги организираа релевантни институции или пак ГОи. Овој пристап не овозможи да бидат опфатени сите вработени, а пак оние кои беа опфатени да имаат можност за унапредување на нивните знаења во овие области. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>Со цел да се овозможи сите јавни службеници да имаат пристап до содржини, материјали и обуки на теми поврзани со корупција, пристап до информации, и вклучување на граѓани, како и да се овозможи континуирано обновување на нивните знаења, оваа заложба ќе овозможи надградување на електронскиот |

| |
|---|
| систем за учење со содржини од горенаведените области кои во континуитет ќе бидат достапни и надградувани со најнови информации и содржини. Дополнително, овие обуки ќе бидат задолжителни за сите јавни службеници и истите ќе генерираат сертификат кој ќе биде клучен при мерењето на нивните перформанси. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Функционирањето на јавниот сектор како давател на услуги на граѓаните и бизнис заедницата, претставува најголем дел на секое општество. Без негово континуирано унапредување, односно модернизација, не е возможен севкупниот развој на државата. Оттука, основата на делувањето на секоја влада, покрај политики и стратегии, ја сочинува и стручна, професионална администрација. Знаењата и вештините на службениците, употребата на информатичко-комуникациските технологии треба да обезбедат ефикасен сервис за граѓаните. Со брзиот развој на општеството и преку дигитализацијата, се зголемуваат и очекувањата на граѓаните од работата на администрацијата. Исто така административниот капацитет е предуслов за испорака на договорените обврски кон Европската унија. Затоа е неопходно да се унапредуваат човечките ресурси и нивната изведба, што е примарна задача на стручното усовршување. Покрај стручноста на службениците, нивната посветеност на високи вредности како етичност, интегритет, одговорност, ефикасност, професионалност, и приспособливост генерираат доверба и сигурност кај граѓаните и бизнис заедницата.<br>Во таа насока, постојаните обуки кои се обезбедуваат од страна на граѓанските организации во областите од интерес, ќе се прилагодат и стават достапни за континуирано градење на вештини на административните службеници, преку електронскиот ЛМС, ќе се дава насоки и задолжување од Влада за да се посетат тие обуки и на краја да се добие сертификат - да поседува сертификат дека успешно ги завршил поставените обуки кои ќе произлезат од оваа заложба. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Информациите, материјалите, примерите, позитивната пракса, и алатките кои ќе им бидат презентирани за време на обуките, ќе придонесат кон унапредување на свесноста на јавните службеници за значењето, важност и можностите за унапредување на транспарентноста на институцијата во која работа. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Информациите, материјалите, примерите, позитивната пракса, и алатките кои ќе им бидат презентирани за време на обуките, ќе придонесат кон унапредување на свесноста на јавните службеници за значењето, важност и можностите за унапредување на одговорноста на институцијата за одлуките кои ги носи. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Информациите, материјалите, примерите, позитивната пракса, и алатките кои ќе им бидат презентирани за време на обуките, ќе придонесат кон унапредување на свесноста на јавните службеници за значењето, важност и можностите за комуникација и консултирање на јавноста пред донесување на клучни одлуки. |

| **Планирање на заложбата** |
|---|

| *Достигнувања* | *Очекувани резултати* | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1 Потпишување на меморандум за соработка помеѓу МИОА и ЕСЕ | Потпишан меморандум за соработка | мај, 2024 | Водечка институција: МИОА | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | МИОА | ЕСЕ | / |
| 2.2.2 Идентификување на теми од значење за градење на вештините на административните службеници од областа на транспарентност, отчетноста, корупцијата, доброто управување, граѓанското учество, итн. (пример: проактивно објавување на информации, обезбедување на информации во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер, како да препознаеш и спречиш корупција, кој е бенефитите од вклучување на граѓани во процесите на донесување одлуки и кои се механизми можеш да ги примениш, итн. | Подготвена листа на теми.<br>Развиени стандарди (технички и содржински) кои обуките треба да ги исполнуваат.<br>Развиени критериуми за селекција на материјали за е-учење (следна точка) | јуни 2024 | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК, и др. | Здружени е ЕСЕ и други ГОи кои ќе изразат интерес за вклучува ње | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.3 Јавен повик за прибирање на материјали за е-учење кои се развиени и спроведуваат од страна на граѓански и други организации од областа на транспарентност, отчетноста, корупцијата, доброто управување, граѓанското учество, итн. | Прибрани најмалку три предлози | септември 2024 | МИОА | ЕСЕ | / |
| 2.2.4 Бодување и селекција на добиени материјали. | Селектирани најмалку по 1 материјал/решение за е-учење на секоја тема | октомври 2024 | МИОА | ЕСЕ | / |
| 2.2.5 Поставување на материјалите кои треба да бидат на македонски, албански и англиски на ЛМС - платформата | Поставена најмалку по една обука од секоја област на ЛМС | декември 2024 | МИОА | / | / |
| 2.2.6 Владата да донесе одлука за задолжително посетување на овие обуки на годишно ниво и поседување на сертификат) | Донесена одлука за задолжителност на обуките | декември 2024 | Влада | / | / |
| 2.2.7 Внесување во програма за обуки - обуки на административните службеници | Внесени сите поставени обуки на ЛМС во програмата за обуки | декември 2024 и 2025 | МИОА | / | / |
| 2.2.8 Известување на сите административни службеници за достапноста на обуките и потребата за нивно поминување. | Доставено известување до сите административни службеници | јануари 2025 | МИОА | / | / |
| 2.2.9 Спроведување на обуките | 60 % од административните службеници добиле сертификат за помината обука | јануари 2026 | МИОА | / | / |

| Број и име на заложба | **2.3 УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЈАВНИТЕ КОНСУЛТАЦИИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Навремено и суштинско учество на граѓаните во креирањето на политиките е предуслов за едно демократско општество да биде препознаено како транспарентно и отчетно, поради што целта на заложбата е унапредување на квалитетот на јавните консултации. Општ заклучок е дека електронскиот систем за јавни консултации (ЕНЕР) не е искористен во целиот негов потенцијал, а контролата на квалитетот и следењето на процесот на консултации со јавноста треба да се подобрат. За таа цел, треба да се применува праксата на креирање и објавување на годишни планови за консултации заедно со временска рамка во насока на поголема вклученост на засегнати страни во процесите, и воспоставување на контрола на квалитетот на јавните консултации (институциите да даваат повратни информации од консултациите, односно да креираат записници од консултативните процеси, како последователна активност со образложенија зошто некои предлози се или не се прифатени). Дополнително треба да се обезбеди поголема промоција и едукација на населението за ЕНЕР во рамки на нивна поголема вклученост со свој придонес кон разни прописи. За да се олесни инфомираноста и вклученоста на граѓаните во креирањето на политики, сите државни веб-страници треба да имаат посебен дел со потребните информации за консултативните процеси (план за консултации, најава за јавна расправа, записници, документи за кои се расправа, итн.) со директна врска до ЕНЕР. | | |
| **Водечка институција** | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *МИОА*<br><br>*Министерства* | *Фондација Метаморфозис* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | декември 2024 – декември 2025 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Заложбата адресира недостаток од суштинско учество на граѓаните во креирањето на политиките како предуслов за градење на едно транспарентно и отчетно демократско општество, поради недостаток на јасни, редовни и навремени информации на официјалните канали за комуникација на јавните институции. Дополнително, перцепцијата на граѓаните е во насока дека јавните консултации се спроведуваат нетранспарентно и непланскии, поради што им се намалува довербата во институциите и дополнително им се појавува сомнежот дека дел од политиките и законите се носат формално поради задоволување на интернационални стандарди притоа не внимавајќи на локалниот контекст или строго поради корист на одредени индивидуи или групи. Истовремено, платформата ЕНЕР останува неискористена во својот полн капацитет како платформа за онлајн јавни консултации поради неинформираноста на граѓаните за истата, како и нискиот квалитет на повратни информации кои ги добиваат корисниците на истата. Бројот на коментари на ЕНЕР укажува на потребата од зголемено информирање на граѓаните за можностите што ги |

| |
|---|
| нуди ЕНЕР, а пред сѐ градење доверба дека коментирањето на ЕНЕР може вистински да влијае врз содржината на предлог-законите. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br><br>Клучна причина за овој проблем е тоа што јавноста не е доволно, редовно и системски информирана за процесот за јавни консултации, како и постоечките можности и начини за нивното вклучување, поради што клучни политики се донесуваат без суштински придонес од сите засегнати страни чии потреби треба да бидат задоволени преку истите. Ниту една институција во државата не изготвува и не објавува годишни планови за консултации заедно со индикативна временска рамка, за да може клучните чинители навремено да се подготват да учествуваат во истите. Дополнително, институциите нередовно објавуваат навремени, јасни и транспарентни информации поврзани со консултациите кои ги спроведуваат со јавноста како и начините преку кои јавноста може да се вклучи, а ретки се институциите кои по консултациите објавуваат записници со образложенија за предлозите кои биле разгледани, прифатени или не прифатени. Истовремено, платформата ЕНЕР обично ја користат експерти, стопански комори, и дел од претставниците на граѓанскиот сектор кои согласно својата дејност го следат развојот на разни политики и имаат познавање од користење на оваа платформа, додека граѓаните и помалите ГОи кои работат на локално ниво и се во директен контакт со различни категории на граѓани чии потреби треба да бидат земени предвид преку јавните политики, остануваат исклучени од целиот процес поради недостаток на информации за платформата и можностите кои ги нуди. Оние чинители кои го користат ЕНЕР, дополнително се обесхрабрени од користењето на оваа платформа поради тоа што на нивните коментари не секогаш добиваат повратна информација на својот придонес, а во случаи кога ја добиваат информацијата, истата е генеричка или неразбирлива. |

| **Опис на заложбата** |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br><br>Досегашните напори за базираат на објава на ЕНЕР таб на дел од веб-страниците на јавните институции, и дел од нив во своите најави за јавни консултации оставаат линк до ЕНЕР кој води до документот кој е предмет на консултација. Одредени институции, по завршувањето на јавните консултации, објавуваат кратка вест за јавната консултација меѓутоа без наведување на предлозите кои биле разговарани за време на консултацијата, како и образложенија за прифаќање или неприфаќање на одредени предлози или коментари дадени од засегнатите страни. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>Преку спроведување на заложбата ќе се подготви постапка за унапредување на квалитетот на јавните консултации на национално ниво која ќе опфати 1) креирање и објавување на годишни планови за консултации (име на документ, временска рамка за подготовка на документот, начин и временска рамка за јавни консултации, итн.), заедно со унифициран темплејт за изработка на плановите; 2) воспоставување на контрола на квалитетот на јавните консултации преку креирање на унифицирани записници од консултативните процеси (податоци за консултациите и линк до документот кој е предмет на консултации, присутни на консултациите, листа на дадени предлози со образложение за тие кои се усвоени или неусвоени). Дополнително, преку спроведување на заложбата ќе се креира и спроведе план за промоција и едукација на населението за ЕНЕР во насока на нивна поголема вклученост со свој придонес кон разни прописи. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Воспоставување на постапка за унапредување на квалитетот на јавните консултации на национално ниво и креирање и спроведување на план за промоција и едукација на населението за ЕНЕР во насока на нивна поголема вклученост со свој придонес кон разни прописи. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Заинтересираните страни пред сè ќе имаат пристап до информации за јавните консултации кои се планираат и спроведуваат на национално ниво, што ќе им овозможи навремено и информирано да се вклучат во дискусија и дадат свои конкретни предлози базирани на нивните потреби како корисници. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Временската рамка за јавни консултации како и добиените предлози со образложенија врз која основа се прифатени или неприфатени ќе бидат јавно достапни на официјалните канали на јавните институции, што дополнително ќе ѝ овозможи на јавноста да бара одговорност од страна на засегнатите чинители доколку има неоснован обид за неприфаќање на одреден предлог. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Заложбата има клучна цел да обезбеди насоки и механизми за континуирано информирање на засегнатите страни преку креирање на годишни планови за јавни консултации, стандардизирање на записниците од јавните консултации, и притоа поставување на долгорочен план за континуирано промовирање и едуцирање на јавноста за можноста за користење на ЕНЕР за јавни консултации. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| 2.3.1 Подготовка на постапка за креирање и објавување на годишни планови за консултации, заедно со унифициран темплејт за изработка на плановите. | Подготвена и усвоена постапка | декември 2024 | Водечка институција: ГС на ВРСМ | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | ГС на ВРСМ, МИОА, Министерства | Фондација Метаморфозис | / |
| 2.3.2 Подготовка на стандардизиран темплејт за записници од консултативните процеси. | Подготвен и усвоен темплејт. | септември 2025 | ГС на ВРСМ, МИОА, Министерства | Фондација Метаморфозис | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.3.3 Креирање на план за промоција и едукација на населението за ЕНЕР во насока на нивна поголема вклученост со свој придонес кон разни прописи | Креиран план. | декември 2025 | ГС на ВРСМ, МИОА, министерства | Фондација Метаморфозис | / |
| 2.3.4 Спроведување на план за промоција и едукација на населението за ЕНЕР во насока на нивна поголема вклученост со свој придонес кон разни прописи. | Спроведен еден циклус на планот. | декември 2025 | ГС на ВРСМ, МИОА, министерства | Фондација Метаморфозис | / |

| **Број и име на заложба** | **2.4 РЕДОВНО И КОНТИНУИРАНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВАТА И ОПШТИНИТЕ** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Годишните извештаи за родова еднаквост ги изготвуваат и министерствата и општините како нивна законска обврска меѓутоа истите не се јавно достапни за да може да ги користат граѓаните, граѓанските организации и да може да правиме мониторинг на сработеното. Во моментов ретко кое од министерствата или општините ги објавува јавно ваквите извештаи | | |
| **Водечка институција** | Министерство за труд и социјална политика | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *Министерства и општини* | *Рурална коалиција* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | март 2024 - јануари 2026 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Само половина од општините доставуваат извештаи за еднакви можности до МТСП на годишно ниво. Речиси ниту една општина не ги објавува ваквите извештаи на својата веб-страница ниту, пак, користи какви било други механизми и алатки за информирање на пошироката јавност за преземените активности во делот на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на локално ниво. На национално ниво |

не е многу подобра состојбата, па така и министерствата не ги објавуваат извештаите за еднакви можности, па граѓаните и граѓанските организации, па и самите институции не се доволно информирани за активностите кои што се преземаат во оваа област од општественото живеење. Сето тоа придонесува често пати и во несоодветното креирање на мерки, политики, програми кои што треба да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост на национално и локално ниво.

**2. Кои се причините за проблемот?**

Родовата еднаквост за жал не е ставена како приоритет кај националните институции и локалната самоуправа, а за да се донесат информирани одлуки како да се унапреди родовата еднаквост, но и како да се земат во предвид специфичните потреби кои што ги имаат различните категории на граѓани. Изготвување и споделување на годишните извештаи е законска обврска согласно Законот за еднакви можности, но истата не се практикува од страна на институциите. Ваквата обврска е дефинирана во член 12 од Законот, но исто така унапредувањето на концептот на родовата еднаквост на институционално ниво е и еден од стратешките приоритети на Владата, а во насока на придонес на државата кон остварување на целта за одржлив развој бр. 5-Родова еднаквост од Целите и агендата за одржлив развој 2030. Исто така во овој период државата е во процес на изработка и донесување на нов Закон за родова еднаквост кој што уште повеќе треба да ги зацврсти обврските на институциите кон унапредување на родова еднаквост, а во исто време и кон известување за сработеното на оваа тема. Преку известувањето согласно Министерството за труд и социјална политика се овозможува информирање на пошироката јавност за моменталната состојба, но и им се даваат информации на граѓаните кои што понатаму може да ги искористат за да учествуваат во консултативните процеси и во процесите на донесување одлуки како на национално, така и на локално ниво. (Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето на еднаквите можности на жените и мажите во РСМ, 2022 година, МТСП).

**Опис на заложбата**

**1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Законски обврската е поставена во Законот за еднакви можности меѓутоа истата не се почитува од страна на сите министерства и од страна на дел од општините. Имено во 2022 година, 73 општини доставиле годишен извештај за еднакви можности, но дури во половината од нив нема реално преземено активности за унапредување на еднаквите можности на локално ниво, ниту пак тие извештаи може да се прочитаат јавно на веб-страниците или други канали за комуникација со општините освен ако не се побараат преку Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Кај органите на државната управа само 33 од нив доставиле ваков извештај, а согласно истражувањата на Рурална Коалиција конкретно во секторот земјоделство и рурален развој од над 500 испитаници над 90 % не го препознаваат координаторот за еднакви можности во Министерството за земјоделство ниту пак има лесно достапни податоци за неговата улога, надлежности и слично. Исто така конкретно за ова министерство стои дека до МТСП за 2022 година не доставило извештај за еднакви можности, па не може и да се види каква била состојбата со жените во руралните средини за 2022 година за да може граѓаните, граѓанските организации и другите засегнати страни да ги имаат потребните информации за да знаат како и во кој домен и со какви предлози да се вклучат во процесите на донесување одлуки.

**2. Какво решение предлагате?**

Она што се предлага е во овој период на спроведување на ПОВ да се изберат неколку пилот-општини и министерства со кои што заеднички ќе се работи во соработка со МТСП на унапредување на процесот на информирање и објава на годишните извештаи за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Ваквите позитивни пракси понатаму ќе служат како пример и за останатите општини и

| |
|---|
| министерства, а се со цел да може целосно да се спроведе и практикува законската обврска за изготвување на извештаи, но и споделување на информациите со пошироката јавност како би можеле граѓаните да се вклучат во процесите на креирање на мерки и политики и донесување одлуки. Со инсистирањето за почитување на законската обврска од страна на општините и органите на државната управа нема да се влијае само на процесот на објавување на извештаите туку ќе се влијае и на квалитетот на нивната изработка, бројот на мерките кои што се предлагаат од страна на институциите, понатаму ќе се предлагаат мерки кои што во исто време ќе придонесат и кон исполнување на индикаторите зададени согласно Целта за одржлив развој бр. 5 – Родова еднаквост, а ќе се унапреди и процесот на мониторинг од страна на граѓаните. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Во период од две години би сакале да постигнеме редовна информираност на пошироката јавност и граѓанските организации за активностите кои што се преземаат на годишно ниво, а во делот на унапредување на еднаквите можности. Ова директно ќе придонесе и кон мониторинг на спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост, а објавувањето на извештаите и споделувањето со пошироката јавност директно ќе придонесе кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на националните институции (министерствата) и локалната самоуправа (општините). Како што беше споменато и погоре ваквите извештаи ќе го овозможат и граѓанскиот мониторинг во областа, а ќе овозможат и информирано вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки. Ваквите извештаи се од особено значење затоа што содржат податоци за реалната состојба со еднаквите можности на мажите и жените на национално и локално ниво, потоа податоци колку жените се вклучени во економскиот, политичкиот и социјалниот живот во општеството, што пак е од особено значење за соодветно вклучување на јавноста во процесот на донесување одлуки преку предлагање на мерки и иницијативи кои што ќе ја одразуваат реалната состојба и кои што ќе бидат насочени кон нејзино унапредување. Исто овие извештаи ги содржат и конкретните мерки и активности кои што органите на државната управа и општините ги презеле, даваат слика за процентот на спроведување на годишните програми за еднакви можности каде што често пати може да прочитате одговори од типот на нема активности или пак како активности се наведуваат само одредени обуки поминати од страна на вработените што и не е реално подобрување на родовата еднаквост, па тоа јасно ни укажува на потребата од вклучување на граѓаните во овие процеси особено во предлагање на мерки и учество во процесите на донесување одлуки како и во делот на мониторинг. Се почнува со одреден број на пилот општини и државни органи на управа со образложение добиено од страна на МТСП дека не може во исто време да се работи со сите општини и органи на државната управа. Унапредувањето на процесот ќе биде видлив преку унапредени формати и содржина на извештаи затоа што со пилот општините и органите на државната управа ќе се работи заедно со МТСП и граѓанските организации на нивно унапредување, а преку нивното редовно објавување на веб-страниците на институциите секако дека ќе се зголеми и нивото на информираност на пошироката јавност затоа што ќе имаат достапни информации, а со самото тоа ќе се влијае и на зголемување на транспарентноста на институциите и општините. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Заложбата ќе придонесе кон зголемена транспарентност, но и подобрување на пристапот на граѓаните до информациите и активностите поврзани со климатските промени. Тоа ќе ги направи во исто време и двете министерства поотворени и потранспарентни кон граѓаните, а во исто време ќе се зголеми и довербата кај граѓаните во институциите откако ќе ги увидат заедничките вложувања на институциите во унапредувањето на информираноста и вклученоста на граѓаните во процесите поврзани со одговорот на државата и институциите кон |

| | |
|---|---|
| | ефектите од климатските промени и Зелената агенда на државата. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Ваквата заложба ќе ги отвори процесите на работа во делот на еднаквите можности, ќе го поттикне почитувањето на законските обврски, а во исто време ќе овозможи зголемување на можностите за мониторинг на спроведените активности од страна на граѓаните. Од друга страна самите институции ќе ја унапредат својата транспарентност и отчетност, но и ќе се види нивниот ангажман во делот на спроведување на стратегијата за родова еднаквост и законот за еднакви можности на жените и мажите. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Преку зголемувањето на информираноста во делот на еднаквите можности ќе се создадат и услови граѓаните да се вклучат во процесите на донесување одлуки и/или спроведувањето на законската регулатива и подзаконските акти. Во исто време ќе се овозможи и проактивна вклученост на граѓаните во спроведувањето на законските решенија, но и во делот на мониторинг на резултатите од спроведувањето на законската регулатива на ниво на држава како и на ниво на локална самоуправа. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| *2.4.1 Утврдена реална состојба и предизвици на општините и органите на државната управа во делот на изготвување и објавување на годишни извештаи за родова еднаквост* | - Формирана советодавна група од ГОи и МТСП која што ќе работи со пилот општините и избраните органи на државната управа(општините и органите на државната управа ќе се бираат според критериуми кои што ќе ги изготви советодавната група, ќе бидат опфатени различни региони, а ќе се внимава и на нивната претходна активност на полето на родовата | јануари 2026 | Водечка институција: МТСП | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | МТСП МЗШВ | Рурална Коалиција | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | еднаквост, односно ќе се изберат и такви кои што биле поактивни, но и такви кои што не покажале некои позначајни активности во делот на родова еднаквост) | | | | |
| *2.4.2 Унапредено известување и отчетност на институциите во делот на еднаквите можности на жените и мажите* | Утврдени минимум критериуми и индикатори врз основа на кои што ќе се следи објавувањето на годишните извештаи и квалитетот на нивната содржина Реализиран мониторинг на изготвени и објавени извештаи за 2025 година | јануари 2026 | МТСП МЗШВ | Рурална Коалициј а | / |

| | |
|---|---|
| **Број и име на заложба** | **2.5 УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗБОР НА АЛАТКИ ЗА Е-КОНСУЛТАЦИИ И ПАРТИЦИПАТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО ОПШТИНИТЕ** |
| **Краток опис на заложбата** | Немањето на унифицирани механизми и алатки за граѓанско учество на локално ниво е долгогодишен проблем со кој што се соочуваме како граѓани па така кај една општина може да ги видите сите алатки преку кои што може да комуницирате со општината и да поднесете иницијатива, а имате и такви општини каде што не може да најдете ниту основни информации за активностите на општината и вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки. На пример, имате општини кои што ги снимаат јавно и ги пренесуваат седниците на Совет, а имате и такви каде што нема информација ни кога се одржала седница ни што се разговарало и слично. Ова е заложба која што беше дел и од минатиот акциски план но не се направи ништо во однос на истата, а е исклучително потребна за граѓаните во општините. |
| **Водечка институција** | Министерство за локална самоуправа |

| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
|---|---|---|---|
| | *МЛС* | *Рурална коалиција ЗЕЛС* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | јануари 2024 – јануари 2026 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Врз основа на истражувањата на Рурална коалиција од 350 испитаници жени и млади само од два региони – Североисточен и Полошки ниту еден не учествувал во буџетски форуми не ги познаваат алатките и механизмите кои што им стојат на располагање;<br><br>Општините не се отворени и транспарентни во процесите, па најголемиот дел од процесите кои што бараат вклучување на граѓаните се закажуваат од денес за утре, не се дисеминираат информациите особено во руралните средини кои што и не користат многу средства за електронско комуницирање и информирање;<br><br>Непознавање на процесите на донесување одлуки;<br><br>Нефункционалност на месните заедници итн.<br><br>Само 12 % од младите во општините учествувале на јавни седници на Советот на општината, а само 36 % имаат познавање на алатките за вклучување во процесите на донесување одлуки на локално ниво. Дополнително од 300 жени од руралните средини ниту една не била на средба или состанок на месна заедница ниту пак некогаш добиле покана за одржување на буџетски форум. Исто така од 400 граѓани од сите 8 плански региони дури 2/3 не знаат ниту, пак, имаат информација како да се вклучат во процесите на донесување на информации на локално ниво.<br>Во исто време нѐ зафаќаат и процесите на дигитализација, па како што е споменато и погоре има општини со кои што по повеќе основи може да се комуницира електронски, се издаваат електронски документи и сл., но има и такви општини каде што од нивната веб-страница не може да ги добиете ниту основните информации за работата на општината, а камоли пак да се вклучите во процесите на донесување одлуки. Од друга страна, меѓународната заедница работи на полето на дигитализација со дел од општините каде што и се бележи напредок, но повторно потфрлање има од страна на оние општини кои што не се вклучени во ваквите проекти. Исто така не на сите граѓани, па и општини им е јасно што се треба да се стави на јавни консултации, па токму во таа насока ќе биде и спроведувањето на оваа заложба односно идентификување на сите процеси за кои што е потребно задолжително консултирање, како и избор на алатка или механизам кој што би бил соодветен за користење од страна на граѓаните, лесно применлив и разбирлив за да може истиот да се користи. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br><br>Во образложението на проблемот во голем дел веќе се објаснети и причините за проблемот, а тоа е недоволното учество на јавноста, односно граѓаните во процесите на донесување одлуки во општините, Во исто време потребен е координиран и усогласен пристап со користење на исти алатки во секоја од |

| |
|---|
| општините како и сите граѓани би биле изедначени во нивното право за добивање на информации за јавни консултации и вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки.<br>**Транспарентноста и отчетноста** на општините исто така самата по себе е знак прашање, а во голем дел тоа се должи што општините немаат позитивна пракса на реално вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки, како и за навремено и редовно информирање за работата на општината. Тоа директно придонесува и кон намалување на довербата која што граѓаните ја имаат во локалните институции што пак не оди во прилог на ниту една од засегнатите страни во процесот. |

| **Опис на заложбата** |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br><br>Унапредување на консултациите со граѓаните се прават постојано, па така веќе се воведени форуми во заедниците, задолжителни јавни консултации за одредени одлуки кои што ги донесуваат општините, процесите за создавање на е-општини со поддршка од меѓународната заедница, но како што напоменавме овие решенија во голем дел се и парцијални или се спроведуваат само на територијата на одредени општини. Токму затоа е потребно унифицирање на механизмите и алатките кои што се користат за консултации со граѓаните во општините, но и утврдување на документите и јавните одлуки за кои што е задолжителна консултацијата со граѓаните. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>Спроведувањето на овие активности ќе овозможи дефинирање на методологија преку која што ќе се идентификуваат документите, но и методите и алатките за јавни консултации со граѓаните во општините и на таков начин низ овие две години да се подготвиме за процесот на дигитализација на локалните консултации со граѓаните на начин и со алатки кои што ќе бидат најсоодветни за нив. Освен што документите за јавни консултации ќе бидат достапни електронски, секако дека тие ќе бидат отворени за коментари и подобрување и преку поднесување на писмени поднесоци и предлози за тие кои што имаат помалку познавања од дигиталните алатки, а во исто време во соработка со МЛС, локалните ГОи, како Рурална Коалиција која што има 58 здруженија-членки од цела држава, но и слични на неа ќе работат во полето на информирање за алатките и механизмите кои што им стојат на граѓаните за консултации. Важно е да биде утврдена методологијата, начинот, критериумите врз основа на кои што ќе се определуваат сите документи за кои што се потребни јавни консултации и на таков начин да им се даде можност и на граѓаните да учествуваат во креирањето на локални политики и донесувањето одлуки од јавен интерес. Решението кое што ќе се донесе, односно методологија и јавните консултации за документите од јавен интерес за кои што тоа ќе се утврди, по консултациите со МЛС ќе биде задолжително за сите општини. |
| 3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Зголемување на транспарентноста и отчетноста кај локалната самоуправа, како и проактивно вклучување на граѓаните во локалните процеси на донесување одлуки се главните резултати кои што ќе се постигнат со реализацијата на оваа заложба. Во исто време ќе се унапредат и капацитетите на општините за нивно подготвено учество во процесите на дигитализација и воведување на концептот на е-општини.<br>Од друга страна, јавноста ќе има олеснет пристап за вклучување во донесувањето одлуки поврзани со унапредување на квалитетот на живот во локалната заедница преку дигитализација и користење на ИКТ алатки. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Заложбата ќе придонесе кон зголемена транспарентност, но и подобрување на пристапот на граѓаните до информациите и |

| | |
|---|---|
| | активностите на општините особено за документи и одлуки за кои што е задолжително консултирањето со граѓаните. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Ваквата заложба ќе ги отвори процесите на работа но и начинот на донесување одлуки во општините, а во исто време ќе ги зголеми можностите за мониторинг на спроведените активности од страна на граѓаните. Преку пристапот до информациите како и зголемувањето на можностите за учество на граѓаните во процесите на донесување одлуки ќе се унапреди и спроведувањето одлуките и регулативата на локално ниво, а ќе се зголемат и процесите на мониторинг и евалуација на работата на локалната самоуправа. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Преку креирањето на методологија за идентфикација на задолжителни документи за консултација, како и избор на механизми за е-консултации кои што ќе бидат најсоодветни и најпристапни за граѓаните директно ќе се придонесе кон зголемување на транспарентноста на општините, но и отвореноста за соработка, а со самото тоа граѓаните ќе имаат можности да бидат вклучени во процесот на донесување на решенијата, а понатаму и во нивното спроведување и мониторинг. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| | | | Водечка институција: МЛС | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| *2.5.1 Создадени предуслови за воведување на унифициран систем на јавни консултации на локално ниво со фокус на дигитализацијата и е-консултациите* | Дефинирана методологија за утврдување и класифицирање на документи кои што се задолжителни за јавни консултации во локалната самоуправа | јуни 2025 | МЛС | Рурална Коалиција, Метаморфозис фондација, локални „грасрут“ организации, ЗЕЛС | / |
| *2.5.2 Унапредување на алатките за јавни консултации и е-консултации со граѓаните* | Утврдени алатки и механизми за јавни консултации и е-консултации со граѓаните кои што ќе бидат применливи за секоја општина | јануари 2026 | МЛС | Рурална Коалиција, Метаморфозис фондација, локални „грасрут“ организации, ЗЕЛС | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Број и име на заложба** | **2.6 ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КОИ ИМААТ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ, СО УЧЕСТВО НА ГОи.** | | |
| **Краток опис на заложбата** | Заложбата има за цел да ги мапира сите ризик фактори кои произлегуваат од промените во животната средина, а кои имаат директно или пак индиректно влијание врз здравјето на граѓаните со посебен фокус на жените, децата и граѓаните кои живеат под економско – социјален ризик. Дополнително, покрај мапирањето на ризиците, заложбата има за цел да создаде мултисекторска работна група (институции и ГОи) кои прибираат информации, креираат политики и можат да влијаат врз спречување на ризиците. Попрецизно, во рамки на заложбата покрај ризиците треба да се идентификуваат и информациите кои се расположливи и изворите на тие информации, а врз основа на тоа да се подготви план за централизирано прибирање и објавување на истите. Оваа заложба треба да допринесе во две насоки, најпрво да обезбеди мултисекторска соработка и да обезбеди информации кои ќе помогнат на државата во подготовка на стратегии и програми за спречување на влијанието на промените во животната средина врз нарушување на здравјето на граѓаните. | | |
| **Водечка институција** | Министерство за животна средина и просторно планирање | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *МЗ* | *ЕСЕ* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | 1 февруари 2024 – 31 јануари 2026 година | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Поголем број на институции во земјата создаваат информации кои се поврзани со промените во животната средна и промените во здравјето на граѓаните (локалните самоуправи, МЖСПП, Министерството за земјоделство, Министерството за здравство, итн. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br><br>Клучна причина за овој проблем е тоа што информациите кои се создаваат од различните институции не се објавуваат и не се разменуваат помеѓу институциите. А она што е најважно е дека не се користат при планирањето на политиките, со фокус на здравствените политики. |

| Опис на заложбата |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br><br>На национално ниво креирани се низа на планови поврзани со уредување на речни корита, загадување на води и воздух, справување со диви депонии, итн. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>Институциите и ГОи да создадат простор за континуирана меѓусебна соработка и размена на информации кои ќе се користат во креирање политики во различни сектори и ќе се стават јавно достапни за понатамошно следење и обработка. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Идентификувани ризик фактори од промените во животната средина кои влијаат негативно врз здравјето на граѓаните, креиран план за нивно прибирање и објавување, мултисекторска соработка и размена на информации и креирање на политики за заштита на здравјето на граѓаните базирани на сет од релевантни информации. |

| Анализа на заложбата | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Континуирано ќе се објавуваат информации за промените во животната средина и нивното влијание врз промените во здравјето на граѓаните. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Институциите ќе креираат политики врз база на комбинација од информации и факти. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Заложбата има клучна цел да обезбеди канал за континуирана комуникација помеѓу сите институции и ГОи кои работат во областа на животната средина и здравјето. |

| Планирање на заложбата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| 2.6.1 Подготовка и објавување на повик за учество на ГОи и институции во постапка за креирање на планот. | Подготвен и објавен повик. | јуни 2024 | Водечка институција: МЖСПП | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | МЖСПП, МЗ | ЕСЕ | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.6.2 Прибирање на пријави за учество и предлози (вклучително и предлози за објавување на податоци и информации) | Прибрани пријави за учество и предлози | септември 2024 | МЖСПП, МЗ | ЕСЕ | / |
| 2.6.3 Селекција и распределба на претставници на МЖСПП, МЗ, останати институции и ГОи по работни групи (по претходни критериуми). | Креирани работни групи | декември 2024 | МЖСПП, МЗ | ЕСЕ | / |
| 2.6.4 Одржување на средби за дискутирање на предлозите и финализирање на истите (бројот би бил согласно потребата). | Одржани средби | јуни 2025 | МЖСПП, МЗ | ЕСЕ | / |
| 2.6.5 Подготовка на план. | Подготвен план | септември 2025 | МЖСПП, МЗ | ЕСЕ | / |
| 2.6.6 Објавување на план и информации | Објавен план и информации | октомври 2025 | МЖСПП, МЗ | ЕСЕ | / |

## 3. ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРИСТАП ДО ПРАВДА

| **Број и име на заложба** | **3.1 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ** |
|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Оваа заложба се однесува на дигитализација и унапредување на системот за бесплатна правна помош (БПП) преку надградување и започнување со примена во пракса на софтверот за менаџирање на предметите за БПП, унапредување на системот на собирање на податоци и водење статистики, обезбедување интероперабилност за размена на податоци со другите институции вклучени во системот за БПП како и измена и дополнување на Законот за бесплатна правна помош. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Водечка институција** | **Министерство за правда** | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *-Подрачни одделенија на МП*<br><br>*-Правни клиники (кои функционираат како дел од универзитетите) регистрирани за БПП* | Здруженија на граѓани регистрирани за БПП | Совет на Европа / ЕУ<br><br>*(Советот на Европа повеќе години работи во оваа област и може во значителна мера да придонесе за остварување на заложбата)* |
| **Временска рамка за заложбата** | јануари 2024 –јануари2026 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Со заложбата за дигитализација и унапредување на системот на БПП засегнати се сите граѓани коишто поради недостиг на финансиски средства не можат да си ги остварат своите права и слободи, а особено граѓаните кои што се припадници на ранливите категории. Отсуството на дигитализација, односно интероперабилен софтвер за водење на предметите и собирање на податоци влијае на квалитетот на обезбедените услуги за БПП, времетраењето на постапката на собирање на документи од релевантните институции, транспарентноста и отчетноста на Министерството за правда и подрачните одделенија, што во крајна линија директно влијае на пристапот до правда на граѓаните. Дополнително, со влегувањето во сила на новиот Закон за вештачење, корисниците на правото на секундарна правна помош го губат правото на бесплатен вешт наод и мислење кое им припаѓа согласно Законот за бесплатна правна помош. Имајќи го во предвид ова, постои итна и неодложна потреба од отпочнување за процес за изработка на измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош со цел да се усогласи со новонастанатата состојба со донесувањето на Законот за вештачење. Покрај ова прашање неопходно е да се решат проблемите поврзани со повеќе други области за кои Национално координативно тело за бесплатна правна помош во повеќе наврати има расправано, а за чие надминување се неопходни измени во Законот за бесплатна правна помош (како на пример БПП за жртви на кривични дела, БПП за жртви на семејно и родово-базирано насилство, ослободување од „други трошоци во постапката“ итн., подетално објаснети подолу). |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br><br>➢ **<u>Проблеми кои произлегуваат од одредбите во Законот за бесплатна правна помош</u>**<br>Потребата од итна и неодложна потреба од отпочнување на процес за изработка на измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош произлегува пред се од новонастанатата состојба со донесувањето на Законот за вештачење. Со членот 62 од Законот за вештачење, Бирото за судски вештачења се трансформираше во Биро за процена. Од 29 јули 2023 тоа веќе не врши вештачења туку само проценки. Од друга страна пак, согласно член 13 став 6 од Законот за бесплатна правна помош, вештачењата за потребите на лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош се обезбедува преку Бирото за судски вештачења согласно со Законот за вештачење. Имајќи предвид дека Бирото за судски вештачења како такво веќе не постои, корисниците за секундарна правна помош останаа без пристап до услугите од вешто лице. Во практиката оваа празнина може да има особено тешки последици во однос на лицата затоа што вештачењата се особено важно доказно средство во граѓанските постапки кое согласно чл. 235 од Законот |

за парничната постапка по правило се поднесува со тужбата или со одговорот за тужбата. Она што е неопходно да се уреди се: а) субјектите кои ќе можат да вршат вештачење во предмети за кои е одобрена БПП; б) начинот на избор на субјектите во поединечен предмет имајќи ги предвид правилата на процесните закони; в) постапката за изработка на вешт наод и мислење како и давање исказ во контекст на БПП; и г) постапката за исплата на наградата и трошоците на вештакот. За да се уредат овие околности неопходна е измена на Законот за бесплатна правна помош која треба да се врши од работна група во која ќе учествуваат сите засегнати страни вклучувајќи ги и вештаците, независно на кој начин ќе бидат организирани.

Дополнително на проблемот со вештачењата особено значајни прашања кои треба да се регулираат со измените на Законот за бесплатна правна помош се:
- Отсуството на јасно и недвосмислено право на БПП за жртвите на кривични дела како оштетени во кривичната постапка со што се ограничува можноста на жртвите да ги заштитата и остварат своите права во кривичната постапка. Ова е во спротивност со правото на ЕУ, особено со Директивата за правата на жртвите;
- Обезбедување пристап до секундарна правна помош за жртви на семејно и родово-базирано насилство без утврдување на имотна состојба;
- Отсуството на одредби со кои се уредува ослободувањето од т.н. „други трошоци во постапката“ (пр. трошоци за привремен застапник, супер вештачење, увид итн.) што резултира во пракса иако согласно закон да корисниците се ослободени, сепак се приморани да ги платат за да продолжат со постапката;
- Проширување на правните прашања за кои може да се одобри секундарна постапка со вклучување на постапки кои непропорционално ги засегаат сиромашните лица (пр. постапка за утврдување и наплата на долг пред нотари односно извршители, спорови во врска со јавни и комунални услуги итн.);
- Усогласување на условите за одобрување за секундарна правна помош со стандардите утврдени во практиката на Европскиот суд за човековите права;
- Усогласување на примањата кои не се сметаат за приходи со новиот модел на социјална заштита воспоставен со Законот за социјална заштита од 2019 година;
- Бришење на условот за работна зафатнина на моторот и ограничување на сопственоста на само едно регистрирано моторно возило без оглед на перформансите на возилото;
- Корисниците на паричен надоместок од социјална помош како резултат на нивната финансиска состојба при поднесување барање за секундарна правна помош не треба да подлежат на проверка на средствата.

➢ **Отсуство на дигитализација во системот за бесплатна правна помош**

Процес на изготвување на софтвер за водење на предмети за БПП беше отпочнат од страна на Министерството за правда меѓутоа истиот не е функционален и не се користи во пракса. Отсуството на ваквиот софтвер го отежнува собирањето на податоци, водењето на релевантни статистики и планирањето на политики. Дополнително, отсуството на интероперабилност со другите институции го отежнува процесот на подрачните одделенија на МП за добивање на податоци од другите засегнати органи (како на пример Центар за социјални работи, Управа за јавни приходи, МВР, катастар и сл.) со што значително се забавува и отежнува процесот на одобрување на барањата за секундарна правна помош.

**Опис на заложбата**

1. **Што е досега направено за да се реши проблемот?**

➢ **<u>Во однос на потребните законски измени</u>**

Националното координативно тело за БПП (во коешто членуваат сите засегнати страни: МП и неговите подрачни одделенија, Адвокатската комора, овластените здруженија и правни клиники) со поддршка на Советот на Европа во 2022 година ги идентификуваше проблемите во Законот за БПП кои произлегуваат од праксата на давателите и изготви Анализа за потребата од измени на Законот за БПП каде што се наведени клучните прашања кои што измените треба да ги опфатат.

| |
|---|
| Со донесувањето на новиот Закон за вештачење, проблемот со вештачењата се дискутираше на последниот 13-ти состанок на Националното координативно тело за БПП од каде што произлезе препорака за итни и неодложни измени на Законот за БПП. Писмо со мислењето на Националното координативно тело за БПП беше испратено до Министерот за правда и Државниот секретар на Министерството за правда.<br><br>➢ **<u>Во однос на дигитализацијата на системот за БПП</u>**<br>Како што беше спомнато и погоре, софтвер за управување со предмети за БПП беше развиен од страна на Министерството за правда меѓутоа истиот никогаш не заживеа во пракса. Некои обуки за користењето на софтверот беа спроведувани на вработените во подрачните одделенија на МП, меѓутоа без голем успех (делумно поради недоволните ИТ вештини на вработените во подрачните одделенија, а делумно поради недостатоци во самиот софтвер). |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>➢ **<u>Во однос на законските измени</u>**<br>Неопходно е итно и неодложно формирање на работна група од страна на Министерството за правда за измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош со вклученост на сите засегнати страни и дискусија за сите идентификувани недостатоци кои предизвикуваат проблеми при користењето на овие услуги од страна на граѓаните. Советот на Европа и овластените здруженија на граѓани и правни клиники треба да бидат вклучени во овој процес.<br><br>➢ **<u>Во однос на процесот на дигитализација</u>**<br>Потребно е идентификување на проблемите на веќе постоечкиот софтвер за управување со предмети за БПП на Министерството за правда и негово надградување, како и обуки за вработените на подрачните одделенија (како за стекнување на основни ИТ вештини, така и обуки за користењето на самиот софтвер). Дополнително, потребно е обезбедување на интероперабилност на софтверот со софтверите на другите институции и обезбедување на пристап на вработените во подрачните одделенија до релевантните податоци неопходни за одлучување по барањата за обезбедување на секундарна правна помош. |
| 3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Со оваа заложба се отстрануваат на проблемите со кои се соочуваат граѓаните при користењето на услугите за БПП, се зајакнува пристапот до правда за сите, се подобрува собирањето на податоци, водењето на статистики, транспарентноста на давателите на БПП, креирањето на политиките во оваа област, се зајакнува довербата на граѓаните во институциите/организациите кои што даваат БПП и се зголемува бројот на лица кои што бенефитираат од БПП. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Дигитализацијата во оваа област значително ќе ја подобри транспарентноста во водењето на предметите за БПП, квалитетот на годишните извештаи и поседувањето на статистички податоци со што значително ќе се подобри информираноста кај граѓаните. Дополнително, со предложените измени на законските решенија би се подобрил пристапот до правда за граѓаните со што би се зголемил опсегот на корисници на овие услуги, а со тоа и довербата во институциите. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Дигитализацијата и заживувањето на софтверот за управување со предмети за БПП значително ќе го помогне следењето на предметите и подготвувањето на извештаите, а со тоа и |

| | |
|---|---|
| | одговорноста на Министерството за правда и подрачните одделенија пред граѓаните. Дополнително, оваа заложба се очекува да ја потпомогне одговорноста на Министерството за правда бидејќи ќе покрене иницијатива за подобрување на прописи што само по себе би значело приближување на правдата до граѓаните а особено до сиромашното население. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Здруженијата на граѓани регистрирани за давање на БПП како и други релевантни здруженија на граѓани се активно вклучени во работата на Националното координативно тело за БПП од каде и произлегуваат главните предлози за измените на Законот за БПП. Се очекува, тие да бидат и дел од работната група за подготовка на измените на Законот каде заеднички со сите засегнати страни ќе се дискутираат проблемите кои што за граѓаните произлегуваат во пракса. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| | | | Водечка институција: Министерство за правда | | |
| | | | <u>Поддршка</u> | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други: |
| 3.1.1 Формирање на работна група за измени и дополнувања на Законот за БПП | Реализирани измени на Законот за БПП во делот на веќе идентификуваните проблеми | декември 2024 | МП Правни клиники (при универзитетите) овластени за давање на БПП | Сите овластени здруженија на граѓани | Совет на Европа/ ЕУ |
| 3.1.2Идентификување на недостатоците во постоечкиот софтвер на Министерството за правда за управување на предметите за БПП и утврдување на проблемите за неговото нефункционирање во пракса | Јасно идентификувани недостатоци на софтверот и предлози за негово надградување | декември 2024 | МП | / | Совет на Европа/ ЕУ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1.3 Унапредување и надградување на софтверот на Министерството за правда за управување на предметите за БПП | Надграден софтвер за управување на предмети, применлив во пракса | декември 2025 | МП | / | Совет на Европа/ЕУ |
| 3.1.4 Обуки за вработените во МП (Одделение за БПП и подрачни одделенија) за ИТ вештини и примена за софтверот за управување на предмети за БПП | Обучени вработени за користење на софтверот и негово заживување во пракса | јануари 2026 | МП | / | Совет на Европа/ ЕУ |
| 3.1.5 Информативни активности за промоција на новите измени на Законот за БПП (по реализацијата на активноста број 1) | Различни информативни активности, промотивни настани, отворени денови, микро промоции во различни градови, промоции преку социјални и традиционални медиуми | јануари 2026 | Правни клиники (при универзитетите) овластени за давање на БПП | Сите овластени здруженија на граѓани | Совет на Европа/ ЕУ |

| **Број и име на заложба** | **3.2 СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО** |
|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Заложбата е насочена кон подигање на јавната свест и едукација на практичарите од надлежните институции за спречување на семејното насилство. Имено, покрај законското регулирање на семејното насилство од 2004 година жените сè уште не препознаваат одделни форми на семејното насилство, како што се психолошкото и економското и не се запознаени со законските механизми за заштита. Оттука произлегува потребата од континуираната системска едукација на практичарите од полицијата, судовите, ОЈО, ЦСР, здравствени установи и другите институции кои се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | вклучени во системот за заштита. И покрај тоа што НАП за спроведување на Истанбулска Конвенција 2018-2023 и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство(Службен весник на РМ бр. /04 и РСМ бр. 24/21) ја издвојуваат превенцијата како приоритетна област на делување, за која изостанува распределбата на средства и спроведување на превентивни мерки. Од ваквите состојби се особено погодени ранливите групи на жени, како што се жените кои живеат во руралните средини, жените со попреченост, припадничките на етничките малцинства. Заложбата предвидува спроведување на сеопфатна национална кампања за информирање на јавноста, а особено ранливите групи на жени за природата на семејното насилство и законските обврски на институциите надлежни за пријавување на насилството врз жените и семејното насилство, како и едукација на практичарите од овие институции. | | |
| **Водечка институција** | Министерство за внатрешни работи (МВР) | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *МП и Основни судови и јавни обвинителства*<br><br>*МТСП и ЦСР*<br><br>*МЗ и здравствени установи*<br><br>*ЕЛС* | *ЕСЕ и други ГОи* | Парламент<br><br>Приватен сектор<br><br>Меѓународни организации |
| **Временска рамка за заложбата** | Февруари 2024 – јануари 2026 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>**Недоволна превенција на семејното насилство, поради недоволното разбирање во јавноста на природата на семејното насилство и законските механизми за заштита, како и неопходноста доедукација на** |

**практичарите од полицијата, основни граѓански и кривични судови, јавни обвинителства, Центрите за социјална работа (ЦСР) и здравствени установи.**

Семејното насилство претставува сериозен општествен проблем кој е резултат на родовата нееднаквост и дискриминација на жените во нашето општество. Високата застапеност на родовите стереотипи и предрасуди кои налагаат подредена улога на жената во однос на мажот во семејството и општеството е основната причина за појава и опстојување на семејното насилство. Превенцијата на насилството врз жените и семејното насилство е издвоена како приоритетна област во сите релевантни документи на меѓународно ниво кои се ратификувани од нашата држава, вклучително и Конвенцијата за борба против насилството врз жените и семејното насилство на Совет на Европа (Истанбулска конвенција). За ефективното справување со семејното насилство потребно е подобрување на информираноста на јавноста за родовата еднаквост, природата и карактеристиките на семејното насилство, како и законските механизми во рамките на граѓанско правниот и кривично правниот систем на заштита воспоставен од 2004 година. Имено, кривично правната заштита се обезбедува преку инкриминирањето на актите на семејното насилство и примена на построга казнена политика на сторителите, додека граѓанско правната заштита на жртвите на семејно насилство се обезбедува преку изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. И покрај ваквата законска уреденост во пракса сè уште изостанува ефективната заштита на жените што претрпеле семејно насилство. Ваквата состојба се должи на необезбедување на потребните буџетски и човечки ресурси за спроведување на законските обврски на институциите, како и на ненадминувањето на долготрајните системски проблеми, вклучително и недоволното информирање на општата јавност како и потребата од системска едукација на практичарите од надлежните институции кои се вклучени во системот на заштита. **Изостанува спроведувањето на сеопфатна национална кампања за информирање на јавноста, особено ранливите категории на жени за природата на семејното насилство**. Жените сè уште не препознаваат одделни форми на семејното насилство (психолошкото и економското насилство) и не се запознаени со кривичната постапка за сторени кривични дела како резултат на семејно насилство. Истото се однесува и на постапката за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Жените не се запознаени со нивните законски гарантирани права во постапките кои ги водат за решавање на проблемите кои произлегуваат од семејното насилство, како што се разводот на брак, старателството и издршката за децата, делбата на имот, надомест на штета и др. Поради трошоците поврзани со семејното насилство и неповолната финансиска состојба жртвите не се во можност да бараат ефективна судска разрешница на наведените проблеми, а истовремено не се запознаени и не ги користат правото на ослободување од плаќање на трошоци во постапките согласно Законот за парнична постапка и правото на бесплатна правна (секундарна) правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош. Токму поради **тоа потребно е да се воспостави системска континуирана едукација на практичарите од институциите кои се вклучени во обезбедувањето на помош и поддршка на жртвите.**

Во однос на тоа, постоечките емпириски истражувања и официјалните статистички податоци за пријавените случаи на семејно насилство говорат дека во последните 20 години има континуиран тренд на висока застапеност на семејното насилство. Истражувањето за насилството врз жените во РС Македонија покажува дека 44 % од жените доживеале психолошко насилство од интимниот партнер, а 60 % сметаат дека семејното насилство е доста распространето во државата. Три пати повеќе жени во државата (48 %) сметаат дека семејното насилство е приватна работа која треба да се решава дома, споредено со жените од државите ширум ЕУ. Дури две третини не се доволно информирани за тоа што треба да прават во случај на насилство, додека само 2 % од оние кои претрпеле семејно насилство истото го пријавиле во полиција (Организација за безбедност и соработка на Европа - ОБСЕ 2019, Извештај за насилството врз жените во

Северна Македонија, Благосостојбата и безбедноста на жените). Статистичките податоци на Министерството за внатрешни работи за семејното насилство во периодот 2017-2023 година покажуваат тренд на континуирано зголемување на бројот на пријавени случаи на годишно ниво. Во 2022 година биле евидентирани највисокиот број на случаи, односно 1117 кривични дела, 366 прекршоци и дури 4421 поплака како резултат на семејното насилство. Во 2023 година продолжува ваквиот тренд, односно во периодот од јануари до септември 2023 година (9 месеци) се забележани вкупно 841 кривично дело, 245 прекршоци и дури 3776 поплаки (МВР, Статистика за семејно насилство за 2017-2022 и квартални статистики податоци за 2023).

Оваа заложба вклучува мерки за надминување на образложените системски недостатоци во справувањето со семејното насилство на полето на превенција, преку планирање и спроведување на активности за подобрување на разбирањето во општата јавност и задолжителна едукација на практичарите од надлежните институции и распределба на потребните ресурси за нивно спроведување.

**2. Кои се причините за проблемот?**

**Една од главните причини за ваквите состојби е „занемарувањето“ на превенцијата на семејното насилство од страна на државата** и покрај тоа што политиките и законите наметнуваат обврска за распределба на буџетски средства за спроведување на активности за подигање на јавната свест и едукација на практичарите од институциите вклучени во системот на заштита.

НАП за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа 2018-2023 и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство ја издвојуваат превенцијата како приоритетна областа на делување, меѓутоа изостанува распределбата на финансиските средства и спроведувањето на предвидените превентивни активности кон општата и стручна јавност. Имено, во член 27 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство е наведено дека надлежностите на органите на државната управа, ЕЛС и правните лица кои вршат јавни овластувања ќе се спроведуваат преку обезбедување на финансиски средства во рамките на ресорните буџети. Во член 34 од Законот е регулирана обврската за донесување на програма за превентивни мерки и активности и спроведување на кампања и воспоставување на систем за редовно објавување на податоци за превенција од насилство. Законот исто така предвидува и изречни индивидуални обврски за креирање на политики за превенција и обезбедување на финансиски средства за нивно спроведување од страна на Министерството за труд и социјална политика (чл. 17), Министерството за внатрешни работи (чл. 18), Министерството за здравство (чл. 19), Министерството за правда (чл. 20) и ЕЛС (чл. 21).

Оправданоста за оваа заложба е поголема доколку се земе предвид дека меѓународните тела за следење на спроведувањето на стандардите за женски човекови права, како што се Комитетот за елиминирање на дискриминација врз жените при Обединетите Нации (ОН) континуирано укажува на потребата за преземање на превентивни активности од страна на државата. Потребата за интензивирање и диверзифицирање на активностите за подигање на јавната свест е нагласена и во првиот извештај за евалуација на РСМ на Експертската група на Советот на Европа за борба против насилството врз жените и семејното насилство - ГРЕВИО телото за следење на спроведувањето на Конвенцијата за борба против насилството врз жените и семејното насилство на Совет на Европа (Истанбулска конвенција)

**Опис на заложбата**

**1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Досегашниот пристап на државата беше главно декларативен и се состоеше од усвојување на стратегии, политики и закони без обезбедување на потребните предуслови за нивното спроведување во пракса. Иако превенцијата на семејното насилство, односно потребата за преземање на активности за подигање на информираноста во јавноста и едукација на практичарите од надлежните институции е препознаена како една од приоритетните области на делување во политиките и законите од областа на родовата еднаквост, насилството врз жените и семејното насилство, сепак изостанува ефективното спроведување на планираните цели, мерки и активности на ова поле. Дотолку повеќе што не се спроведуваат ниту изречните законски обврски за обезбедување на финансиски средства од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство образложени претходно.

Досегашните напори на полето на подигање на јавната свест и едукација на практичарите се преземени главно на иницијатива на меѓународните и граѓанските организации, кои беа декларативно поддржани од страна на надлежните министерства и институции. Сепак ограничениот опфат на населението со овие кампањи (особено населението од руралните средини) и нивната зависност од донаторска поддршка директно се одразува врз влијанието кое истите го имаат на национално ниво.

**2. Какво решение предлагате?**

Планирањето и спроведувањето на сеопфатни превентивни активности од страна на надлежните министерства и институциите вклучени во системот за заштита од семејно насилство директно ќе придонесе за препознавање на насилството и ќе ги поттикне жените да го пријават а истовремено ќе овозможи и подобрување на постапувањето на практичарите од надлежните институции. Фокусот ќе биде ставен на интензивирањето на спроведувањето на законските обврски во однос на превенцијата на семејното насилство од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда. Министерството за внатрешни работи е водечко министерство за спроведување на предвидените активности земајќи предвид дека полицијата е влезната точка во кривично-правниот систем за заштита од семејно насилство, а воедно има многу значајна улога и во спроведувањето на итната мерка за заштита „отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување“, како и во однос на привремените мерки за заштита кои го сочинуваат граѓанско правниот систем на заштита. Министерството за правда ќе биде активно вклучено во спроведувањето на предвидените активности а во работната група ќе бидат повикани да се вклучат и останатите субјекти, како што се МТСП, МЗ, ЕЛС и други.

Појдовна основа за спроведување на заложбата е подготовка на План за превенција на семејното насилство од страна на надлежните министерства, кои ќе опфатат две приоритетни области на делување:

1. Подигање на свеста кај јавноста, особено за ранливите групи на жени за природата на насилство врз жените и семејното насилство, механизмите за заштита на законските гарантирани права, преку сеопфатна национална кампања во урбани и рурални средини, користење на „традиционални“ и алтернативни канали за комуникација со јавноста.
2. Подобрени капацитети на практичари од полицијата, граѓанските и кривичните судии и јавни обвинители за справување со семејното насилство, преку организирање на почетни и континуирани обуки, вклучувајќи и друг вид едукативни настани.

| |
|---|
| За секоја од приоритетните области ќе бидат специфицирани конкретни мерки, индикатори, носители и потребните буџетски средства за нивно спроведување. Планирањето ќе се заснова на искуството и потребите на жените што претрпеле семејно насилство и самите практичари вклучени во системот на заштита, со што ќе се промовира планирање базирано на докази. Подготовката на планот и подготвителните активности за спроведување на истиот преземени во 2024 година, спроведувањето ќе започне почнувајќи од 2025 година. Значајно е да се напомене дека заложбата предвидува и продолжување на активностите во однос на семејното насилство содржани во тековниот НАП за ОВП 2021-2023, како што е редовното објавување на податоци за пријавените случаи и преземените мерки за заштита на жртвите. |
| 3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>1. Подигнато нивото на јавната свест во однос на природата, карактеристиките и последиците од семејното насилство, како и законските механизми за заштита. Заложбата треба да резултира во препознавање на семејното насилство, задолжително пријавување во институциите, запознаеност со законските механизми за заштита, како што е кривичната постапка за сторени кривични дела како резултат на семејно насилство и граѓанската постапка за изрекување на привремени мерки за заштита, како и законски гарантирани права како што се правото на ослободување од плаќање на трошоците и правото на бесплатна правна помош во граѓанските судски постапки.<br><br>2. Подобрено е постапувањето на полицијата, кривичните и граѓанските судии и јавните обвинители како резултат на зајакнатите знаења и вештини преку континуираната едукација. Практичарите ќе стекнат соодветни знаења и вештини за подобрување на одделните аспекти од нивното постапување и обезбедување на ефективна заштита и решавање на специфичните проблеми на жените што претрпеле семејно насилство. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | ➢ **ЗАЛОЖБАТА Е ВАЖНА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТА бидејќи:**<br>• овозможува пристап до нови и повеќе информации за јавноста, жртвите на семејно насилство и практичарите од институциите и правосудството<br>• го подобрува квалитетот на информациите, преку развивање и комуникација на посебни пораки за секоја целна група<br>• ја подобрува пристапноста до информации за семејното насилство преку проактивно вклучување на полицијата и правосудството |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | ➢ **ЗАЛОЖБАТА Е ВАЖНА ЗА ЈАВНА ОТЧЕТНОСТ бидејќи:**<br>• создава/подобрува правила, прописи и механизми за јавна одговорност на функционерите, преку подобрување на постапувањето на институциите и правосудството и јавното периодично објавување на |

| | |
|---|---|
| | податоци за пријавените случаи и преземените дејствија |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | ➢ **ЗАЛОЖБАТА Е ВАЖНА ЗА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО бидејќи:**<br>• Создава/подобрува можностите и условите за јавното учество и влијание во креирањето на одлуките, преку планирање на превентивни мерки врз основа на специфичните потреби на жените што претрпеле семејно насилство, вклучително и ранливите групи, како што се жените од руралните средини, етничките малцинства и жените со попреченост<br>• Создава/подобрува овозможувачка околина за граѓанското општество преку решавање на долготрајните проблеми на ниво на превенција за кои континуирано 20 години застапуваат граѓанските организации кои работат на родовата еднаквост и заштита од родово базирано насилство |

<table>
<tr><th colspan="6">Планирање на заложбата</th></tr>
<tr><td>Достигнувања/резултат/успех</td><td>Очекувани резултати</td><td>Очекуван датум на завршување</td><td colspan="3">Засегнати страни</td></tr>
<tr><td rowspan="4">3.2.1 Изработка на План за превенција на семејно насилство</td><td rowspan="4">Донесен План за превенција за семејно насилство, кој опфаќа:<br>- подигање на јавната свест за природата и механизмите за заштита од семејното насилство<br><br>- спроведување на едукација на практичарите</td><td rowspan="4">–март - октомври 2024</td><td colspan="3">Водечка институција: МВР</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Поддршка</u></td><td></td></tr>
<tr><td>Јавен сектор</td><td>НВО</td><td>Други</td></tr>
<tr><td>МП (подрачни одделенија за правда, ОЈО, основни судови)<br><br>МТСП (ЦСР), МЗ (здравствени установи), ЕЛС</td><td>ЕСЕ и др. ГОи</td><td>Приватен сектор<br><br>Меѓународни организации</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.2 Промовирање на едукативни материјали за подигање на јавната свест и улогата на практичарите | -Изработен прирачник за подигање на јавната свест за природата на семејното насилство и постапките пред надлежните институции<br><br>-изработка на материјали (програми и насоки за едукација на практичари) | јуни – декември 2024 | | | |
| 3.2.3 Одржување (две) работилници за практичари за запознавање со планот за превенција и промотивно-превентивните материјали | подобрена комуникацијата помеѓу практичарите за начинот на информирање на јавноста | јануари – февруари 2025 | Водечка институција МВР<br><br>Поддршка:<br><br>Јавен сектор:<br><br>МП ( подрачни одделенија за правда, ОЈО, основни судови)<br><br>ЕЛС | ЕСЕ и други ГОи | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.4 Одржување четири информативни трибини за општа јавност во четири градови и дистрибуирање на промотивни материјали во 78 полициски станици, 27 Основни судови, 22 ОЈО, | Подигната јавната свест за природата и законските механизми за заштита од семејното насилство | април–октомври 2025 | Водечка институција МВР<br><br>Поддршка:<br><br>Јавен сектор:<br><br>МП (подрачни одделенија за правда, ОЈО, основни судови)<br><br>ЕЛС | ЕСЕ и други ГОи | |
| 3.2.5 Спроведување две обуки за практичарите за подобрување на нивното постапување во случаи на семејно насилство | Подобрени знаења и вештини кај практичарите при постапувањето во рамките на кривично-правниот систем за заштита, итна мерка и привремени мерки за заштита од семејно насилство | мај 2025 – јануари 2026 | | | |

## 4. РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ

| **Број и име на заложба** | **4.1 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЦЕСИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ** |
|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Целта на заложбата е овозможување на системска транспарентност на финансирањето на политичките партии затоа што идентификувано е дека во сегашните начини на финансирање на политичките партии се создава поволна околина за корупција. Имено, преку финансирањето на политичките партии се отвораат можности за создавање на јаки врски и силни позиции кои подоцна (од позиција на власт-донатор) може да се користат за корупција. Оттука, за да се зајакне надзорот од институциите, но и да се овозможи следење на финансирањето од граѓаните, се предлага воспоставување системска транспарентност на финансирањето, што значи пристап до податоците од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | финансирањето на политичките партии на едно место во отворен формат, но и поедноставување на формата, содржината и начинот на финансиско известување на политичките партии преку ревидирање на формата и содржина на Регистар за донации, Извештај за добиените донации, Годишен финансиски извештај и извештаи во време на изборни кампањи. | | |
| **Водечка институција** | Министерство за финансии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерство за правда | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | ДЗР, УЈП, ДИК,<br>ЦРРСМ,<br>Советот на општините и Град Скопје | ЗМАИ, ИДСЦС, ИРИ, Метаморфозис, ЦГК | Политички партии – се главна засегната страна во процесот и потребно е во текот на спроведување нивните искуства да бидат земени предвид |
| **Временска рамка за заложбата** | март 2024 – октомври 2025 | | |

**Дефинирање на проблем**

1. **Каков проблем адресира заложбата?**

Во согласност со Законот за финансирање на политички партии во Република Северна Македонија, изворите на финансирање на политичките партии и нивните расходи се јавни и транспарентни и подлежат на контрола од државните органи. За да исполнат транспарентност при финансиското работење, партиите треба да ги објават следните документи:

- Регистар за донации, кој ги содржи името, односно називот на секој донатор поединечно, видот и вредноста на донацијата, како и датумот на добивање на донацијата;
- Извештај за добиените донации;
- Годишен финансиски извештај, кој го содржи финансиското работење на сметката на политичката партија, како и потсметките на локалните ограноци и потсметката на партиско истражувачко-аналитичкиот центар;
- Годишна сметка за финансиско работење;
- За изборни кампањи: вкупен финансиски извештај за кампањата.

Финансирањето на политичките партии доколку не е транспарентно создава околина во која се зголемува ризик од корупцијата. Доколку законската регулатива и ревизијата од институциите потфрлат и не овозможат транспарентност на податоците за парите, кои партиите ги добиваат и трошат, тогаш веројатноста за корупција е голема. Во согласност со Законот за финансирање на политички партии во Република Северна Македонија, изворите на финансирање на политичките партии и нивните расходи се јавни и транспарентни и подлежат на контрола од државните органи.[1]

Од друга страна сегашната регулатива пропишува не-дигитално поднесување на финансиските извештаи што отежнува следење на финансирањето на политичките партии на институциите кои вршат надзор.

[1] ИРИ и ЗМАИ, Спасовска Н., Трајковска М. (2022) „Добри практики за презентација на финансиски податоци на партии и кандидати“

Сегашен начин на известување вклучува скенирани извештаи поднесени на хартија, коишто не се машински читливи и не можат лесно и брзо да се внесат во базата на податоци, туку бараат трудово интензивна и долга работа што води кон не-ефикасно користење на човечките ресурси во институциите. Институциите споро реагираат поради тоа што податоците не се достапни во дигитален отворен формат во вид на податочни сетови, со што не е овозможена брза, автоматизирана анализа на податоците од извештаите. Истовремено граѓанското општество не може навремено и рано да предупредува за можните коруптивни практики кои се појавуваат преку финансирањето на политичките партии.

Надзорот над финансиско-материјалното работење на политичките партии го врши ДЗР. Документите поврзани со финансиско работење на политичките партии се поднесуваат и до ДКСК, УЈП, ДИК, МФ кои, исто така, имаат законска обврска податоците да ги објават.

**2. Кои се причините за проблемот?**

Покрај законски пропишаните облици на објавување на финансиските извештаи на политичките партии на партиските веб-страници, како и на веб-страниците на институциите надлежни за нивната работа, во РСМ не постои утврден формат на претставување на финансиите на политичките партии кој би бил унифициран и поедноставен за пребарување. Според тоа, за Северна Македонија не може да се каже дека има доволно транспарентен и лесно достапен систем за известување за финансирањето на политичките партии и неопходно е да се работи на негово подобрување и унапредување.

При собирање на финансиски податоци внатре во партијата, но и при известување за нив кон институциите и јавноста неопходно е да се искористат предностите на дигитализацијата. Воведување на интегрирано софтверско решение, каде што овластено лице од партијата може да поднесува финансиски извештаи директно од нивните табеларни пресметки, значително ќе го олесни административниот товар од овој процес.

**Опис на заложбата**

**1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Досега не се правени напори за дигитализирање на процесот на пополнување на извештаи на политичките партии поврзани со редовно и изборно финансирање на политичките партии и други субјекти вклучени во изборна кампања, во смисла на софтверското решение. До сега пропишаните формати за подготовка на извештаи на политичките партии поврзани со редовно и изборно финансирање партии и други субјекти вклучени во изборна кампања се во „ворд“ или „ексел“ формат.

**2. Какво решение предлагате?**

Со оваа заложба ќе се подготви софтверско решение кое ќе се овозможи подготовка на финансиски извештаи директно на онлајн систем. На овој начин институциите ќе имаат во истиот момент сите податоци во дигитален формат во вид на податочни сетови кои лесно може да се анализираат и обработуваат за остварување на нивните законски надлежности во вршење контрола и следење на финансирање на политичките партии. Политичките партии ќе можат брзо и ефикасно да ги подготват и електронски да ги поднесат извештаите во пропишаниот формат. Јавноста ќе има пристап до податочни сетови во истиот момент кода извештаите ќе бидат поднесени до надлежните институции.

**3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**

Со спроведување на заложбата ќе се овозможи системска транспарентност на финансирањето на политичките партии. Преку дигитално решение за подготовка на финансиските извештаи ќе се олесни и пристап до база на податоци потребни за анализа на финансиските податоци на политичките партии, со што ќе се зајакне надзорот од институциите, но и ќе се овозможи следење на финансирањето на политичките партии од страна на јавноста. Преко воспоставување системска транспарентност на финансирањето ќе се овозможи пристап до податоците од финансирањето на политичките партии на едно место во отворен формат, но и поедноставување на формата, содржината и начинот на финансиско

| |
|---|
| известување на политичките партии преку ревидирање на формата и содржина на Регистар за донации, Извештај за добиените донации, Годишен финансиски извештај и извештаи во време на изборни кампањи. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Инвестирањето во дигитални технологии за приказ на финансиските извештаи на политичките партии е еден од начините за зголемување на транспарентноста. Во многу демократии (на пр. Обединетото Кралство, Естонија, Латвија, Финска, Норвешка, Шведска, Соединетите Американски Држави Канада, Австралија и др.) активно се користат придобивките од дигитализацијата, па така, политичките партии онлајн известуваат и испраќаат извештаи до надзорните тела, кои потоа ги прават овие извештаи јавно достапни на нивната веб-страница. Ваквиот онлајн систем на известување во многу земји е поврзан и со други системи преку споделување на податоци, како што се даночниот систем, системот за население и бизнис-регистарот, при што, дополнителното вкрстување на податоците од различни бази може да даде одредени индикации за постоење на корупција и нелегални трансфери.[2] |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Целосно откривање на финансиските информации на политичките партии може да послужи и како бариера за да се намалат несаканите влијанија врз нив. Според укажувањата на ГРЕКО (Група на држави против корупција), системот кој не обезбедува правилно обелоденување на изворите на приходите и сметките на партиите, најчесто има тешкотии во надзорот на примената на законите кои го регулираат финансирањето на политичките партии и кампањите, како и во спроведувањето на неопходните санкции. Притоа, потребно е да се нагласи дека објавувањето на податоците само по себе не е доказ за финансиската транспарентност на политичките партии.<br><br>Во согласност со дефиницијата на Комисијата за хартии од вредност и берзите на САД (U.S. Securities and Exchange Commission), финансиска транспарентност подразбира навремено, значајно и сигурно објавување на финансиските перформанси. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Финансиската транспарентност на политичките кампањи претставува една од најважните одлики на функционалните демократии. Таа е основа за обезбедување на отчетност на политичките партии и алатка за гласачите - полесно да донесат информирани одлуки, а институциите да вршат ефективен надзор врз работата на политичките партии. |

2 ИРИ и ЗМАИ, Спасовска Н., Трајковска М. (2022) „Добри практики за презентација на финансиски податоци на партии и кандидати“

| Планирање на заложбата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| 4.1.1Идентификувани подзаконски акти поврзани со финансирање на политичките партии коишто ги донесува министерот за финансии и законски основи за дигитализирање на постапка за електронска подготовка на извештаите | 1. Подготвена листа на подзаконски акти поврзани со финансирање на политичките партии коишто ги донесува министерот за финансии и законски основи за дигитализирање на постапка за електронска подготовка на извештаите<br>2. Дефинирана динамика за измени на подзаконски акти поврзани со финансирање на политичките партии во насока на дигитализирање на процесот на подготовка на финансиско известување поврзано со редовно и изборно работење на политичките партии (и други субјекти вклучени во изборни кампањи) | март 2024 | Водечка институција: МФ | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | МФ, ДКСК, ДЗР, УЈП, ДИК, ЦРРСМ | ЗМАИ, ИДСЦС; ИРИ Метаморфозис, ЦГК | Политички партии |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.2 Донесени нови подзаконски акти поврзани со финансирање на политичките партии коишто ги донесува министерот за финансии | 1. Формирана работна група за подготовка на нови формати за финансиско известување<br>2. Подготвени подзаконски акти поврзани со финансирање на политичките партии коишто ги донесува министерот за финансии | јуни 2025 | МФ, ДКСК, ДЗР, УЈП, ДИК, ЦРРСМ | ЗМАИ, ИДСЦС; ИРИ Метаморфозис, ЦГК | Политички партии |
| 4.1.3 Подготвено софтверско решение за електронско пополнување на извештаи на политичките партии поврзани со редовно и изборно финансирање на политичките партии и други субјекти вклучени во изборна кампања | 1. Подготвена техничка спецификација за софтверско решение<br>2. Изработка на софтверско решение<br>3. Тестирање на софтверско решение<br>4. Ставање во употреба на софтверско решение во | септември 2024 – март 2025 | ДКСК, МФ, ДЗР, УЈП, ДИК, ЦРРСМ | ЗМАИ, ИДСЦС; ИРИ Метаморфозис, ЦГК | Политички партии |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.4 Овозможено електронско поднесување на извештаи на политичките партии поврзани со редовно и изборно финансирање на политичките партии и други субјекти вклучени во изборна кампања до институциите согласно законите | 1. Донесени измени на Изборниот законик и Закон за финансирање на политичките партии со цел овозможување на електронско поднесување на извештаите со користење на дигитален сертификат за потпишување<br>2. Активирање на модул во рамките на изработено софтверското решение за електронско поднесување на извештаите до институциите согласно законите (ДКСК) | јуни 2025 | ДКСК, МФ, ДЗР, ДИК, ЦРРСМ, | ЗМАИ, ИДСЦС; ИРИ Метамо рфозис, ЦГК | Политички партии |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.5 Политичките партии се обучени за електронско подготовка и поднесување на извештаи поврзани со редовно и изборно финансирање на политичките партии и други субјекти вклучени во изборна кампања до институциите согласно законите | 1. Подготвени се прирачници за користење на софтверско решение<br>2. Спроведени обуки за политичките партии за електронско подготовка и поднесување на извештаи поврзани со редовно и изборно финансирање на политичките партии | април – јуни 2025 | ДКСК, МФ, ДЗР | ЗМАИ, ИДСЦС; ИРИ Метаморфозис, ЦГК | Политички партии |
| 4.1.6 Медиумите и граѓанските организации се обучени за користење на податоците од софтверското решение за финансирање на политичките партии | 1. Спроведени обуки за медиумите и граѓанските организации за користење на податоците од софтверското решение за финансирање на политичките партии | септември-декември 2025 | ДКСК | ЗМАИ, ИДСЦС; ИРИ Метаморфозис, ЦГК | / |

| **Број и име на заложба** | **4.2 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ** |
|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Централизирањето на јавните политики на Северна Македонија ги продлабочија регионалните разлики. Децентрализација преку паметна регионална специјализација, базирана на опсерватории за локални податоци, може да ги намали овие разлики. Сепак, бариерите за пристап и празнините во дигиталните компетенции на службениците за користење на овие податоци ја ограничуваат трансформацијата.<br>Целта на заложбата е забрзување на процесот на децентрализација преку промовирање на систем за градење на регионални и локални развојните политики базирани на податоци. Ова ќе биде постигнато преку зголемување на квалитетот и достапноста на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | општински податоци како и преку воведување на модерни алатки за нивна анализа и толкување.<br>Оваа заложба цели кон соработка со три јавни институции во насока на подобрување и објавување на локалните економски податоци кои тие ги поседуваат Агенцијата за вработување и Управата за јавни приходи. Со тоа, оваа заложба ќе ја зголеми достапноста и корисноста на економските податоци во надлежност на јавните институции.<br>На пример Управата за јавни приходи поседува податоци за ДДВ и доход на поединци по дејности и општини, меѓутоа тие се објавуваат на агрегирано ниво. Со слични податоци располага и Агенцијата за вработување: состојбата на вработеност се може да се мери на општинско и секторско ниво. Доколку овие податоци се презентирани со пониска агрегација (на ниво на општина), тогаш можностите за вкрстување на податоците и градење на јавни политики засновани на докази ќе биде поедноставено и поефикасно.<br>Дигитализирањето и отворањето на овие податоци до пошироката јавност може да го поттикне локалниот економски раст управуван од податоци, охрабрувајќи ја секоја институција на централно и локално ниво да гради информирани, ефективни и одржливи стратегии за развој. | | |
| **Водечка институција** | УЈП, АВРСМ | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *УЈП, АВРСМ* | ЗМАИ, ИРИ, ЕСЕ | / |
| **Временска рамка за заложбата** | Февруари 2024 – јануари 2026 | | |

**Дефинирање на проблем**

1. **Каков проблем адресира заложбата?**

Колку изнесува платата на програмерите во Битола? Кои се половите разлики во платите? Која е доходовната нееднаквост во текстилната индустрија?

Колку вработувања имало во ИКТ индустријата во Битола? Кои се половите разлики во вработувањата во текстилната индустрија? Кој е степенот на образование на вработувањата во банкарскиот сектор? Одговорите на овие прашања се неопходни за да се обезбеди креирање на јавни политики врз база на докази и информации. Истовремено, овие прашања често се поставувани и анализирани во академските кругови за научни истражувања и од граѓанските организации за активистички, експертски или застапувачки потреби. Меѓутоа, секој поединец кој сака да добие пристап до:

- „локални доходовни податоци", неопходно е да поднесе барање до Управата за јавни приходи (УЈП)
- „локални податоци за вработеноста", неопходно е да поднесе барање до АВРСМ.

УЈП, за да ги достави овие податоци до поединецот врши услуга на агрегирање на микро податоци прибрани од МПИН образецот. АВРСМ, за да ги достави овие податоци до поединецот, врши мануелен процес на агрегирање и анонимизирање на микро податоци прибрани од базата на Агенцијата.

За да се надмине овој проблем, оваа заложба има за цел да го дигитализира процесот на објавување на јавни податоци произведени од УЈП, АВРСМ преку изработка на методологија и алатка за систематизирање, агрегирање и објавување. Алатката ќе биде ставена на располагање на УЈП за непречено користење. Дигитализирањето на доходовни податоци до ниво на општина е и дел и од заложбите на ЕУ за подобро информирање при градење на јавни политики и нови закони. Овој став беше нагласен и во последниот извештај за напредокот на Северна Македонија каде во делот „Креирање на политики и координација“ се нотира „Многу институции сè уште не ги имаат дигитализирано своите регистри. Споделувањето на административни податоци треба да се прошири и податоците треба да бидат поедноставени со цел подобро да ги информираат креирањето на политики и нова легислатива.“[3]. Истовремено, сè поголем број на држави во ЕУ[4,5], но и надвор од ЕУ[6,7] користат дигитални алатки за објавување на доходовни податоци на ниво на општина, односно локална самоуправа.

**2. Кои се причините за проблемот?**

Пристап до “локални доходовни податоци”, речиси секогаш претставува долг бирократски процес кој бара огромен ангажман од двете засегнати страни. Имено, од една страна, секој пат кога има потреба од податоци, поединецот треба да поднесе барање (макар и за обновување на пристапот до истите податоци). Од друга страна, вработените во институциите секој пат треба да постапат по тоа барање и да ги агрегираат податоците. Ваквиот пристап ја усложнува работата на јавните службеници и го забавува процесот на креирање на јавни политики, а особено тоа е случај со економските политики.

**Опис на заложбата**

**1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Досегашната пракса покажува дека најголем број на институции кои произведуваат или прибираат економски податоци, во моментот ги собираат истите во нестандардна форма и како сирови податоци ги споделуваат со ДЗС. Потоа, ДЗС ги стандардизира податоците и истите ги објавува на агрегирано ниво во базата МАКСтат на ДЗС. Вака поставениот систем го бирократизира процесот на собирање и обработка на податоци и целиот товар за податоците го става кај ДЗС. Напротив, европските практики покажуваат дека институциите се тие кои имаат сопственишво врз податоците и го стандардизираат нивното собирање, обработка и објавување/споделување на тие податоци. Затоа, во Северна Македонија често се случува доцнење при објавувањето на дел од клучните економски податоци.

**2. Какво решение предлагате?**

**УЈП**

Преку оваа заложба, ќе се направи автоматизиран систем на агрегирање на податоци од МПИН кои потоа сами ќе бидат објавувани на веб-страницата на УЈП (истите ќе бидат ревидирани на редовна основа). Податоците кои УЈП ќе ги објавува јавно се износите на просечната плата, вкупно исплатените плати, и платите по квинтили (најниски 20 %, па сè до највисоки 80 %) поделени по општина, пол, дејност и возрасна група. Пример за вакви податоци се:

1. Просечна плата на жени на возраст од 20 до 30 години, во дејност адвокатски услуги во општина Центар.
2. Вкупно исплатени плати на лица на возраст 40-50 години во општина Тетово.

---

[3] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf
[4] https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Regional_household_income_statistics
[5] https://juhtimislauad.stat.ee/en
[6] https://datausa.io/
[7] https://www.economia.gob.mx/datamexico/

| |
|---|
| 3. Просечен доход на најниско платените 20 % вработени во општина Охрид.<br>Преку спроведување на оваа заложба ќе се поттикне регионалниот раст управуван од податоци, охрабрувајќи го градењето на информирани, ефективни и одржливи стратегии за развој.<br><br>**АВРСМ**Преку оваа заложба, ќе се направи автоматизиран систем на агрегирање на податоци од постоечката база кои потоа сами ќе бидат објавувани на веб-страницата на АВРСМ (истите ќе бидат ревидирани на редовна основа) или препратени до соодветните институции како ДЗС. Податоците кои АВРСМ би ќе ги објавува јавно се бројки на вкупни вработувања во одредена дејност, во одредена општина, во одредена временска точка. Дополнително, овие податоци ќе бидат поделени по општина, пол, дејност и возрасна група. Пример за вакви податоци се:<br>1. Број на вработувања на жени на возраст од 20 до 30 години, во дејност адвокатски услуги во општина Центар.<br>2. Вкупно број на вработувања и на невработени лица на возраст 40-50 години во општина Тетово.<br>3. Распоред на степен на образование на вработувања во секторот земјоделие во општина Охрид.<br><br>Притоа, важно е да се напомене, дека при објавувањето на податоците ќе биде целосно запазено правото на обезбедување на приватност на податоците и заштита на личните податоци. Односно, во ниту еден чекор од постапката за објавување нема да се објават лични податоци на физички или правни лица. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br>Преку оваа заложба, ќе се направат автоматизирани систем на агрегирање на податоци од постоечките бази на АВРСМи Управата за јавни приходи кои потоа сами ќе бидат објавувани на веб-страницата на трите институции (истите ќе бидат ревидирани на редовна основа).<br>Преку спроведување на оваа заложба ќе се поттикне регионалниот раст управуван од податоци, охрабрувајќи го градењето на информирани, ефективни и одржливи стратегии за развој. |

| Анализа на заложбата | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Автоматизирањето и усовршувањето на системите за бази на податоци и дигиталната инфраструктура во јавните институции, значително ја промовира транспарентноста на централната и локалната власт.<br><br>Дигиталните решенија на процесите поврзани со економски податоци ја намалуваат веројатноста од човечка грешка, обезбедувајќи точност и конзистентност на податоците. Точноста и конзистентноста ја поткрепуваат веродостојноста на информациите од јавен карактер која е значајна за довербата и кредибилитетот на јавните институции. (кои учествуваат во прибирање и обработка на економски податоци.)<br><br>Понатаму, веродостојните податоци се клучни за ефективно управување и развој на политики, бидејќи обезбедуваат неопходна основа за анализа, планирање и спроведување на јавните услуги и бизнис потребите. Активностите во оваа заложба водат кон точно, навремено и транспарентното објавување на економски податоци соодветни за потребите на бизнис операторите, локалните самоуправи, академската |

| | |
|---|---|
| | заедница и граѓаните. Достапноста на податоците во агрегации кои одговараат на потребите на граѓаните ја зголемуваат корисноста на економските податоци, а со тоа и нивната употреба и видливост.<br><br>Со оваа заложба се промовира и транспарентноста на локалната власт. Овозможувањето на податоци за економски индикатори на општинско ниво ја зголемува видливоста на локалните економски потреби и резултати.<br><br>Истовремено, активностите во оваа заложба допринесуваат кон намалување на корупцијата, како закана за транспарентноста на јавните институции. Автоматизацијата на процесите поврзани со собирање, складирање, обработка и објавување на економските податоци ги минимизира можностите за корупција преку намалување на човечкото влијание во процесите. Дополнително, ефективното искористување на изворните економски податоци од страна на јавните институции е значајна алатка во изолирање на проблематичните економски активности и разоткривањето на корупција. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Оваа заложба поттикнува одговорност на јавните институции и локалната самоуправа пред граѓаните преку зголемување на достапноста на податоци кои ги следат и оценуваат економските активности и нивните промени. Зголемувањето на достапноста до корисни економски податоци е значаен механизам за мониторинг и евалуација на различните национални и локални иницијативи. Различните агрегации на изворните податоци на овие три институции (на пример, невработеноста, растот на извозот на стоки и најчестата професија во општина Битола) ќе овозможи мерење на исходите на различни локални политики и национални политики за регионален развој. Овозможувањето на податоци во соодветно агрегирана форма е клучен механизам за евалуација на јавните политики и нивните исходи. Дополнително, навремено и континуирано објавување на овие податоци ќе овозможи мониторинг на клучни процеси низ времето.<br><br>Националните статистики поврзани со економски активности често содржат значајни регионални разлики. Отсуството на податоци за клучните економски активности на општинско ниво преставува бариера кон мерење и следење на регионалните економски разлики како и на ефектот од различните национални и локални политики врз истите. Тоа го отежнува процесот на утврдување на одговорност за причините кои допринесуваат кон националните статистики. Со оваа заложба, се намалуваат бариерите до пристап до релевантни економски податоци кои се користат за евалуирање на ефектот на јавните политики и утврдување на одговорност за истите. |

| | |
|---|---|
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Автоматизирањето и усовршувањето на системите за бази на податоци и дигиталната инфраструктура во јавните институции, значително ќе го олесни пристапот до информациите на јавноста. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| 4.2.1. Автоматизиран систем на агрегирање на податоци од МПИН кои потоа сами ќе бидат објавувани на веб-страницата на УЈП (истите ќе бидат ревидирани на редовна основа). | 1. Навремено и стандардизирано собирање, обработка и објавување на доходовни податоци, агрегирани на локално ниво, според меѓународно признаена методологија<br>2. Зголемени компетенции на државните службеници во УЈП за дигитализација на процесите поврзани со доходовните податоци | јануари 2026 | Водечка институција: УЈП | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | УЈП | ЗМАИ, ИРИ | |
| 4.2.2 Автоматизиран систем на агрегирање на податоци од постоечката база кои потоа сами ќе бидат објавувани на веб-страницата на АВРСМ (истите ќе бидат ревидирани на редовна основа) или препратени до соодветните институции како ДЗС | 1.Навремено и стандардизирано собирање, обработка и објавување на податоци за вработувања и невработени лица и пазарот на трудот, агрегирани на локално ниво, според меѓународно признаена методологија<br>2. Зголемени компетенции на државните службеници во | јануари 2026 | АВРСМ | ЗМАИ, ИРИ | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | АВРСМ за дигитализација на процесите поврзани со податоците за пазарот на трудот. | | | | |

## 5. УНАПРЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

| **Број и име на заложба** | **5.1 ЕФИКАСНО УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ВОДНО ПРАВО** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Заложбата цели кон олеснување и зголемување на учество на јавноста во донесувањето одлуки во областа на животната средина или кои влијаат врз животната средина. | | |
| **Водечка институција** | Министерство за животна средина и просторно планирање | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *МЖСПП* | *Македонско здружение на млади правници* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | јануари 2024 – јануари 2026 | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br><br>Транспарентноста, пристапот до информации и учеството на јавноста во донесувањето одлуки поврзани со животната средина е предизвик со кој се соочува државата, а кој во континуитет го констатира Европската комисија во извештаите за напредокот на државата за 2020, 2021 и 2022 година. Предизвиците во однос на учеството на јавноста се идентификувани и од македонските ГОи. Учеството на јавноста во областа на животната средина зафаќа важно место во меѓународното право, па еден од столбовите на Архуската конвенција, ратификувана од Северна Македонија во 1999 година, е токму задолжителноста на учеството на јавноста во донесување одлуки најмалку за процеси и активности кои самата Конвенција ги предвидела. Истовремено Европската унија пристапила кон Архуската конвенција, а и самата ЕУ со свои директиви предвидува задолжително учество на јавноста во одлуки и процеси поврзани со животната средина. Јавноста (граѓани, ГОи и слично), а особено засегнатата јавност (граѓаните кои во моментот и/или во иднина може да бидат засегнати или имаат интерес со донесувањето одлука за животната средина и/или кои постои голема веројатност да ги почувствуваат последиците од донесувањето одлуката, вклучително и граѓанските организации формирани за заштита и унапредување на животната средина) се соочуваат со потешкотии, а во одредени случаи и оневозможување до правото за учество во донесувањето одлуки |

поврзани со животната средина. Имајќи ги предвид извештаите на ЕК, ваквиот предизвик во државата постои најмалку 4 години, а неговото опстојување не и овозможува на јавноста и засегнатата јавност ефективно да се вклучи и да влијае врз донесувањето одлуки во областа на животната средина, на начин што би се спречило или намалило негативно влијание врз животната средина.
Заложбата се однесува пред се на важноста на учеството на јавноста во постапките за подготвување и спроведување на: 1) елаборати за заштита на животната средина и 2) дозволи за водно право. Во голем дел во постапките поврзани со давање дозвола за водно право, претходно треба да се одобри елаборат за заштита на животната средина, па поради тоа, а во насока на реформирање на системот за управување со водите и активно вклучување на јавноста во целиот процес, заложбата се фокусира и на елаборатите за заштита на животната средина, како претходен дел од давањето дозвола за користење на водите или испуштање во водите.

**2. Кои се причините за проблемот?**

Причините за учество на јавноста во процесите би можело да се групираат во три групи:

- **Законски –** Законот за животната средина во членот 24 не предвидува 1) објавување на елаборатите за заштита на животната средина, 2) можност и рокови за учество на јавноста преку поднесување писмени коментари и забелешки, 3) обврска за земање на мислењата од јавноста при одобрувањето на елаборатите, 4) правна заштита за јавноста и засегнатата јавност. Прашањето е разработено во анализи од македонскиГОи. Истовремено, иако Законот за водите предвидува дека содржината на објавата на барањето за дозвола за водно право во дневен весник и на интернет страницата на МЖСПП се дефинира со подзаконски акт, кој сè уште не е донесен, а објавувањето се заснова на практика на Секторот за води во Управата за животна средина во состав на МЖСПП. Последното барање за дозвола за водно право е од 2016 година, при што не е објавено барањето, туку придружното писмо кое барателот го доставил до МЖСПП.
- **Технички** – во државата не постои централно место каде се објавуваат сите документи и известувања на кои јавноста има право на поднесување коментари и мислења. Ваквите документи се објавуваат на различни места на интернет страницата на МЖСПП и на портали развиени од МЖСПП. Така на пример: 1) информациите за поднесени барања за дозволи за водно право се објавуваат на делот од интернет страницата на МЖСПП наменет за Секторот за води во делот „Објави“; 2) информациите поврзани со оцена на влијание врз животна средина се објавуваат во делот „Сервиси“ поддел „Студии за оцена на влијание врз животна средина“ на интернет страницата на МЖСПП; 3) информациите поврзани со интегрираните еколошки дозволи се објавуваат во делот „Сервиси“ поддел „Интегрирано спречување и контрола на загадувањето-ИСКЗ“ на интернет страницата на МЖСПП и истовремено на порталот РЕГИСТАР, а одделни информации се објавуваат и на порталот РЕГИСТАР НА СУБЈЕКТИ НА НАДЗОР И ИНСПЕКЦИСКИ ИЗВЕШТАИ на Државниот инспекторат за животна средина. Со оглед на тоа што учеството на јавност е врзано со рокови, на сите овие портали нема автоматско генерирање на датуми кога е објавен документот, па може да настане предизвик во однос на сметање на роковите за поднесување на коментари, а потоа и во однос на роковите за правна заштита, каде истата е предвидена.
- **Кадровски** – МЖСПП се соочува со недостаток на вработени за ефикасно спроведување на сите, многубројни, надлежности кои ги има.

**Опис на заложбата**

**1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Она што досега е направено е дека најголемиот број од документите во Секторот за води се донесени, но истите не се соодветно систематизирани и не се достапни јавно за да може граѓаните да имаат пристап до нив и да се вклучат во процесот на консултации во секое време. Ваквите објави не се прават можеби затоа што и не се задолжителни согласно Законот за животна средина (член 24) но во рамките на зголемувањето

| |
|---|
| на транспарентноста, отвореноста и отчетноста за сработеното тоа е многу потребно да се направи и на таков начин сите претходно донесени решенија и документација да бидат успешни и во делот на задоволувањето на критериумите за ПОВ. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>1. Унапредување на достапноста и информациите поврзани со водните регистри кои што се изготвуваат и уредуваат на веб-страницата на МЖСПП по следниот принцип:<br>- Можност за коментари на документи кои што се веќе поставени на веб-страницата;<br>- Објавување на сите документи поврзани со предметот<br>o На пр. Кога Секторот за води треба да објави барање за добивање дозвола самиот софтвер ќе предвиди поле во кое треба да се прикачи целиот формулар на барањето, поле во кое ќе треба да се прикачи решението за одобрениот елаборат за заштита на животната средина или студијата за оцена на влијанието врз животната средина и слично. Овие полиња ќе бидат задолжително да се пополнат со фајлови, пред да се премине во следната фаза од објавување на информацијата на порталот.<br>Спроведувањето на овие активности ќе 1) овозможат предуслови за учество на јавноста во сите постапки за донесување одлуки поврзани со користењето на водите, 2) ќе го олесни пристапот на јавноста до информации кои ќе водат до ефективно вклучување на јавноста во процесот на донесување одлуки и можност за суштинско влијание врз управувањето со водите. Оттука спроведувањето на овие активности очекувано ќе ги реши во целост законските и техничките проблеми идентификувани погоре, но ќе придонесе и за доследно спроведување пред се на македонското законодавство од областа на животната средина, но и исполнување на целта на меѓународните документи за учество на јавноста во одлуки поврзани со животната средина во делот на водното право. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Унапредувањето на постоечките регистри на МЖСПП во делот на водно право преку која ќе се предвиди како задолжително објавување конкретни документи од определените процеси, пред да се премине кон следната фаза од постапката регулирана со закон, ќе придонесе кон потполно спроведување на македонското законодавство и ќе влијае на промена на забелешките на Европската комисија во однос на учеството на јавноста во процесите поврзани со животната средина. Обврската на вработените во МЖСПП најпрво да ги објават сите документи на платформата пред да продолжат со следната фаза од законската постапка ќе придонесе кон менување на евентуалните негативни практики.<br>Од друга страна, јавноста и засегнатата јавност ќе има олеснет пристап до вклучување во донесувањето одлуки поврзани со управувањето со водите, а воспоставената платформа на начин опишан претходно ќе служи и како патоказ за нивно успешно учество во процесите. Имањето пристап до сите документи неопходни за ефективно вклучување во донесувањето одлуки, ќе го зголеми влијанието и партиципативноста на јавноста во заштитата на животната средина. На тој начин ќе се зајакнат знаењата, вештините и капацитетите на јавноста и засегнатата јавност во донесувањето одлуки поврзани со животната средина, преку дигитализација и користење на ИКТ алатки. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Реализацијата на заложбата ќе овозможи директно да се зголеми транспарентноста на МЖСПП со тоа што сите документи кои што се од интерес за јавноста ќе бидат достапни на едно место, организирани и средини, а секој граѓанин кој |

| | |
|---|---|
| | што ќе има интерес ќе може да ги прочита и да достави свои коментари или забелешки. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Со самото објавување на документите од интерес за граѓаните на веб-страницата на МЖСПП многу ќе се влијае и за зголемувањето на одговорноста на институцијата како за консултации со граѓаните, така и во делот на спроведувањето на законските обврски или обврските кои што произлегуваат од стратешките документи. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?**<br>Како проактивно ќе ги вклучи граѓаните и граѓанските групи? | Низ самиот процес на достапност и можности за преглед на процесите и документите ќе се овозможи и активно вклучување на граѓаните во процесите на јавни консултации, граѓаните ќе имаат можност навремено да бидат информирани и да реагираат таму каде што е потребно, а низ стратешките процеси, пак, ќе имаат и можност директно да се вклучат и во спроведувањето на мерки и активности, но и да го следат спроведувањето. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Достигнувања*** | ***Очекувани резултати*** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| *5.1.1 Дефинирани составни делови, функции, изглед на платформа како составен дел на веб-страницата на МЖСПП* | Изработена платформа во склоп на веб-страницата на МЖСПП која што ќе биде наменета за објавување на документи од областа на водно право кои што се задолжителни за консултација со граѓаните и пошироката јавност | декември 2024 | Водечка институција: МЖСПП | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | МЖСПП | Македонско здружение на млади правници | / |
| *5.1.2 Редовно и навремено објавување на сите документи поврзани со дозволите за водно право на изработената платформа и зајакнување на ефективноста на информирањето на граѓаните и ГО преку промовирање на информациите за објавени документи на* | 100 % од барањата за водно право добиени во периодот од 2024-2026 година се објавени на изработената платформа и промовирани преку каналите за комуникација на МЖСПП | октомври 2025 | МЖСПП | Македонско здружение на млади правници | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *каналите за комуникација на МЖСПП* | | | | | |
| *5.1.3 Изменување на членот 24 од Закон за животната средина* | Законот за животната средина овозможува учество на јавноста во постапките за изработка и одобрување на елаборатите за заштита на животната средина | јануари 2026 | МЖСПП | Македонско здружение на млади правници | |

| **Број и име на заложба** | **5.2 ЗГОЛЕМЕНА ИНФОРМИРАНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ПОВРЗАНИ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРСЕКТОРСКАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Мерките и активностите што се планираат и спроведуваат во двете министерства, најчесто, не се координирани и нема редовна соработка на полето на климатските промени, па министерствата работат засебно како институции иако во делот на климатските промени е потребен нивни заеднички ангажман којшто ќе се оствари токму преку спроведувањето на оваа заложба. Заложбата предвидува редовна размена и споделување на информации поврзани со климатските промени, како и нивно јавно објавување на веб-страниците на двете министерства, но и зајакнување на интерсекторската соработка и координација помеѓу двете министерства. | | |
| **Водечка институција** | Министерство за животна средина и просторно планирање | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | *МЗШВ, МЖСПП* | *Рурална коалиција* | / |
| **Временска рамка за заложбата** | Март 2024- Јануари 2026 | | |

| Дефинирање на проблем |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br>Недостасува редовна соработка помеѓу двете посочени министерства, поради што за голем дел од активностите поврзани со климатските промени кои се применуваат во делот на животната средина, земјоделците најчесто остануваат незапознаени. Нема редовно споделување на информациите кои што се поврзани со климатските промени, можностите за едукација, нови регулативи и слично или, пак, ако ги има, тогаш ги има само во едно од двете министерства. Тука особено би го напомenale фактот дека земјоделското производство е најмногу погодено од климатските промени и потребен е заеднички ангажман на двете министерства во насока на зголемена информираност на сите граѓани, но и примена на мерки коишто ќе ги опфаќаат сите сектори што се погодени од климатските промени. Изминатите 20 години, и да се говорело за климатски промени, можеби предизвикот не се сфаќал сериозно. Сепак, сега веќе е дојдено до состојба каде што секој чекор и мерка се важни за да се ублажат ефектите. Особено последниве неколку години нашата земја е погодена од ефектите на климатските промени, па имаме и значителни намалувања на земјоделското производство во одредени региони, а тоа влијае на одржливиот развој како на заедницата, така и на националните политики и мерки. Токму затоа е потребна интервенција којашто, преку унапредување на соработката помеѓу министерствата, ќе влијае директно и врз унапредувањето на информираноста на граѓаните, а така ќе се зголеми и транспарентноста и отчетноста на двете министерства во делот на климатските промени, а во исто време ќе им се дадат и доволно информации на граѓаните за да може да се вклучат и во процесите на донесување одлуки. |
| **2. Кои се причините за проблемот?**<br>Кога се зборува за климатските промени се добива впечаток дека двете министерства работат засебно наместо да ги здружат своите капацитети, знаења и делување на терен. Истото важи и за законската регулатива. На пример, се носи Закон за климатска акција во којшто многу малку, речиси воопшто, не се консултираат земјоделските здруженија или земјоделците. При изработката на извештаи, особено, на пример, за Поглавјето 27, климатските промени и нивните ефекти се земаат од аспект само на животната средина, но не и од аспект на земјоделското производство или другите активности и ефекти во секторот. Токму затоа е потребно да се унапредат соработката помеѓу двете министерства и размената на информации во делот на климатските промени. Тоа ќе ја зголеми и можноста за учество на граѓаните како во процесот на донесување одлуки, така и во делот на спроведувањето на законската регулатива поврзана со климатската акција. Во исто време ќе се унапреди и степенот на информираност, но и навремено стигнување на информациите до сите засегнати страни. |

| Опис на заложбата |
|---|
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br>Министерството за животна средина и просторно планирање има изготвено и посебна веб-страница наменета за зголемено информирање на јавноста во делот на климатските промени https://klimatskipromeni.mk/, но тоа не е случај и со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, па бидејќи информациите веќе постојат и се објавени, за целосно решавање на проблемот, се предлага заложбата за зголемена соработка и размена на информации меѓу овие две институции |
| **2. Какво решение предлагате?**<br><br>Се предлага формирање на интерсекторска група помеѓу двете министерства во која што ќе членуваат сите засегнати страни, како и координација на веб-страниците на двете министерства во делот на климатските промени и редовно информирање за активностите и состаноците на двете ИПА секторски групи во рамките на министерствата. Секако дека во текот на спроведување на заложбата се можни и други мерки и активности кои што институциите би ги предложиле, а коишто ќе значат надминување на овој проблем и ќе го зголемат заедничкото делување и координација во областа на климатските промени. Со унапредувањето |

| |
|---|
| на соработката помеѓу министерствата, како и отворањето на посебен „таб“ на веб-страницата на МЗШВ каде што ќе се споделуваат информации и можности за едукација и вклучување во спроведувањето на законската регулатива во делот на климатските промени, директно ќе се придонесе како кон поголема информираност на граѓаните и кон поголема транспарентност и отчетност на министерствата во делот на климатските промени. Во исто време ќе се зголеми и отвореноста на ИПА секторските групи во двете министерства, па и на ниво на планирање ќе има поголема координација кога станува збор за делувањето во областа на климатските промени. |
| **3. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br><br>Во период од две години би се постигнала редовна информираност и координирани активности помеѓу двете министерства на полето на климатските промени, но и заедничко делување на терен во соработка со општините и граѓанските организации. На таков начин ќе се зголеми информираноста кај пошироката јавност и кај засегнатите страни за активностите кои што ќе се преземаат на полето на климатските промени и ќе се овозможи заеднички координиран пристап и одговор на ефектите предизвикани од климатските промени во сите сектори кои што се зафатени од нив. Така ќе создадеме една нова практика на размена на информации помеѓу институциите, но и ќе се придонесе кон поголема транспарентност и соработка на институциите со граѓаните, а во насока на спроведување на регулативата поврзана со климатските промени. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Заложбата ќе придонесе кон зголемена транспарентност, но и подобрување на пристапот на граѓаните до информациите и активностите поврзани со климатските промени. Тоа ќе ги направи во исто време и двете министерства поотворени и потранспарентни кон граѓаните, а во исто време ќе се зголеми и довербата кај граѓаните во институциите откако ќе ги увидат заедничките вложувања на институциите во унапредувањето на информираноста и вклученоста на граѓаните во процесите поврзани со одговорот на државата и институциите кон ефектите од климатските промени и Зелената агенда на државата. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Ваквата заложба ќе ги отвори процесите на работа во делот на климатските промени и во исто време ќе овозможи зголемување на можностите за мониторинг на спроведените активности од страна на граѓаните. Преку пристапот до информациите кои што се поврзани со климатските промени како и унапредувањето на соработката и взаемното делување на овие две институции граѓаните редовно ќе бидат запознаени со процесите кои што се одвиваат во оваа област, а кои што ги има многу особено во делот на донесување на законска регулатива и подзаконски акти коишто треба да ги спроведуваат токму граѓаните со поддршка на институциите, па така ќе се овозможи олеснување и на овие процеси преку спроведување на заложбата. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Преку зголемувањето на информираноста во делот на климатските промени ќе се создадат и услови граѓаните, а особено земјоделците да се вклучат во процесите на донесување одлуки и/или спроведување на законската регулатива и подзаконските акти. Во исто време преку |

| | |
|---|---|
| | едукацијата ќе се овозможи и проактивна вклученост на граѓаните во спроведувањето на законските решенија, но и во делот на мониторинг на резултатите од спроведувањето на законската регулатива на ниво на држава. |

<table>
<tr><th colspan="6">Планирање на заложбата</th></tr>
<tr><th>Достигнувања</th><th>Очекувани резултати</th><th>Очекуван датум на завршување</th><th colspan="3">Засегнати страни</th></tr>
<tr><td rowspan="4">5.2.1 Зајакната соработка помеѓу МЗШВ и МЖСПП</td><td rowspan="4">Формирана интерсекторска група или друг механизам кој што ќе ја овозможи редовната комуникација помеѓу институциите во делот на климатските промени<br>Утврдена содржина која што редовно ќе се објавува на порталите на двете министерства во консултација со потсекторските групи на земјоделци во составот на МЗШВ</td><td rowspan="4">јануари 2026</td><td colspan="3">Водечка институција: МЖСПП</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Поддршка</u></td><td></td></tr>
<tr><td>Јавен сектор</td><td>НВО</td><td>Други</td></tr>
<tr><td>МЖСПП<br>МЗШВ</td><td>Рурална Коалиција</td><td>/</td></tr>
<tr><td>5.2.2 Зголемена транспарентност и отчетност на МЗШВ и МЖСПП во делот на климатски промени</td><td>Креиран посебен таб за климатски промени во рамките на МЗШВ.<br>Реализирани минимум 5 промотивни настани во соработка со министерствата и граѓанските организации за промоција на табот, но и создавање на алатка за дополнување со вести и активности од страна на земјоделците и граѓанските организации<br>Утврден број на посети на табот за 2025 година како „baseline“ за наредните години и</td><td>јануари 2026</td><td>МЖСПП<br>МЗШВ</td><td>Рурална Коалиција</td><td>/</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | број на вести споделени на годишно ниво Промовиран таб за климатски промени на социјалните медиуми со поддршка и споделување на ГО и Национална рурална мрежа (мрежа на ГО основана од МЗШВ) | | | | |

## АКЦИСКИ ПЛАН 2024-2026

## НА СОБРАНИЕТО КОН ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ (OGP)

Партнерството за отворена власт (ПОВ) е доброволна меѓународна иницијатива која се заснова на идејата дека отворената власт е достапна, одговорна и отчетна кон граѓаните. Ова уникатно партнерство ги комбинира силите на претставниците на властите и граѓанското општество за да промовира отворено, партиципативно, инклузивно и одговорно владеење.

Собранието ја препознава важноста на отвореноста и транспарентноста на законодавниот дом. Парламентарните информации и припаѓаат на јавноста и разбирањето на законодавниот дом е да обезбеди отвореност на податоци, на проактивен начин, во дигитален формат колку што е тоа возможно.
Собранието ги утврди своите стратешки цели и приоритети во Стратешкиот план на Собранието за 2024 – 2028 година, донесен на 31.8.2023 година. Стратешкиот план има 6 цели, (функционален, отворен, дигитален и безбеден парламент, парламентарна дипломатија и ефикасна служба).

Целта за отворен парламент од Стратешкиот план, развива приоритети и активности во врска со промовирање на култура на отвореност, со вклучена јавност и маргинализираните групи во општеството, реформа на Собранискиот канал, Партнерството за отворена власт, комуникација со јавност и отворени податоци.

Собранието се вклучи во ПОВ во 2017 година и од тогаш работеше на два акциски плана 2018-2021 и 2021-2023. Во новиот Акциски план 2024-2026 за ПОВ Собранието ги предлага следниве 4 заложби кои се разработени надолу во овој документ:

**РЕГИСТАР НА РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ОСНОВАНИ ОД СОБРАНИЕТО**

**ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ПРЕКУ СОБРАНИСКИОТ ТВ КАНАЛ**

**НАДЗОРНА РАСПРАВА ВО СОБРАНИЕТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИОТ ПОВ ПЛАН 2024-2026**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН КАРАВАН-МОБИЛЕН ПАРАЛАМЕНТ ЗА ДИРЕКТНА КОМУНИКАЦИЈА НА ПРАТЕНИЦИТЕ СО ГРАЃАНИТЕ**

| **Број и име на заложба** | **1. РЕГИСТАР НА РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ОСНОВАНИ ОД СОБРАНИЕТО** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Освен законодавната, надзорната и претставничката функција, Собранието има и голема улога во формирање на разни регулаторни тела, агенции и органи, кои директно се одговорни за својата работа пред законодавецот. Почнувајќи од основањето, до именувањето на раководни лица во нив, членови на надзорни и/или управни одбори и слично, одобрување на нивните годишни програми за работа, годишните финансиски планови па се до следење на нивната работа и усвојување на годишните извештаи за работа, Собранието има своја улога во работењето на овие органи. Актите и документите што овие органи ги доставуваат до Собранието во моментот се достапни како точки, односно примени материјали во соодветни работни тела и се достапни на системот е-парламент и веб-страницата www.sobranie.mk. Со заложбата сакаме да се направи исцрпна листа на овие тела, кои сега се водат од службеници како локално зачувани листи во Комисијата за прашања на избори и именувања. Заради тоа, Собранието ја препознава важноста да направи целосно достапен инвентар на овие органи, областите на дејствување, мандатите на раководните лица и сите придружни документи кои влегуваат и по соодветна постапка излегуваат од Собранието во форма која е јавна, достапна, пребарлива, дигитализирана за користење и информирање на граѓаните, граѓанските организации, академските институции итн. | | |
| **Водечка институција** | Собрание | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | Сите органи кои можат да бидат предмет на оваа обработка, може да бидат контактирани доколку се појави таква потреба. | Парламентарниот институт ќе земе во предвид соработка со невладини организации кои имаат професионални извештаи или анализи на темава за посеопфатна обработка на податоците. | Собранието во својот капацитет ќе ја спроведе заложбата според документите и податоците што му се на располагање. |

| | |
|---|---|
| **Временска рамка за заложбата** | 16 месеци, 2024-2025 година |

**Дефинирање на проблем**

1. **Каков проблем адресира заложбата?**

Процесот на приближување кон законодавството на Европската унија донесе многу сфери каде што експлицитно се бара органи и тела кои во својата работа би дејствувале независно од извршната власт. Ова е важно за тие сектори и дејности да се ослободат од влијание во нивното работење, и води кон формирање на една цела регулаторна сфера во многу области кои директно се под авторитетот на законодавната власт, каде и мнозинството и опозицијата имаат улога да ги следат и контролираат во нивното работење. Спроведувањето на заложбата како што е опишана ќе даде проактивно информации за јавноста во дигитална форма, кои се тие органи и тела, кои се именуваните раководни лица, со какви мандати со целокупен сет на податоци за нив. Со тоа се очекува да се намали перцепцијата на јавноста за начинот на нивното работење, на разбирањето дека независно работење се однесува на функционирањето и давање на услуги и дека сите се дел од единствениот административен простор во државата кои одговараат пред суверената законодавна власт и граѓаните. Дополнително ќе даде навремени информации за оние раководни места за кои е задолжително објавување на оглас од Собранието за граѓаните да знаат и евентуално заинтересираните да аплицираат. И на крајот, уредување на ваква листа, ќе ги намали барањата за пристап до јавни информации согласно закон, од оваа сфера до Собранието, со оглед на тоа што проактивно ќе бидат достапни тие информации.

Во подолг временски период, во јавноста има недостиг на информации за работењето на разни органи, комисии, агенции, регулатори и слично. Недостигот на информации често е поврзан со јавен настан каде медиумите ги повикуваат овие органи и се развива јавен дискурс за нивното работење дека се независни и имплицитно со тоа дека не одговараат никому.
Значи засегнати страни се граѓаните во најширока смисла но и посебно професионални организации кога бараат информации. Индиректно цело тоа е поврзано и со надзорната улога на Собранието над овие тела и органи каде се јавува како основач.

**2. Кои се причините за проблемот?**

Причините за проблемот се поврзуваат во комуникација на ново усвоено законодавство во последните две децении, кое што резултираше со многу тела и органи со различни надлежности. Јавноста сака да знае за овие тела, назначувањето на нивните раководни лица итн.

**Опис на заложбата**

1. **Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Информациите за точките на дневниот ред за седниците на Собранието се достапни на веб-страницата www.sobranie.mk. Доколку се бара нешто од аспект на регулаторните тела, се бара по седниците и точките на дневен ред, или во полињата за пребарувања, но не може да се идентификува единствена листа на сите нив, и информации за сите нив на едно место. Дополнително, Собранието има портал за отворени податоци каде како податочни сетови има многу информации но, овие конкретно од заложбата не се дел од истиот.

**2. Какво решение предлагате?**

Достапноста на овие информации дефинирани во заложбата може да биде предмет на посебен регистар на такви податоци каде детално би се опишале и би биле достапни на www.sobranie.mk. Алтернативно, може да биде дел од податочен сет во порталот за отворени податоци https://data.sobranie.mk/en/. Зборуваме за дигитални форми на податоци заради тоа што сега и да има исцрпна листа не е јавна и не е на едно место. Проблемот ќе се реши целосно, затоа што ќе биде дадена исцрпна листа на се што постои. Податоците ќе може да се пристапуваат од веб-страница директно, не мора да се бара пристап до јавни информации.

3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**

Постоењето на детален регистар како прво ќе овозможи полесно следење на мандатите на именуваните лица, и Собранието ќе може во рок да објавува повици за именување на местата кои истекуваат. Тоа ќе ја подобри предвидливоста и ефикасноста.
Дополнително, граѓаните ќе добијат преглед во реално време што се постои, дали од аспект на задолженијата на Собранието е преземено дејство, потоа што се како информација и извештај се нуди од регулаторните тела.
Пратениците во реално време би имале информација доколку во јавноста и медиумите се појави некаква состојба дали конкретно надлежен е орган кој е директно одговорен пред Собранието а не пред извршната власт итн.

| Анализа на заложбата | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Спроведувањето на заложбата ќе значи обработка на информации за кои граѓаните ќе ги знаат во реално време, кои ќе бидат достапни електронски, пребарливи и ќе се објавуваат на проактивна основа без потреба од барање за пристап до информации или обраќања до Собранието. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Со објавувањето на податоците, индиректно се подобрува предвидливоста, особено од аспект на истекување на мандатите, постапка и рокови за нови назначувања итн.<br>Со регистарот директно се обезбедуваат информации за пратениците за вршење на нивните уставни права и должности. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Спроведувањето на заложбата ќе вклучи професионални организации кои имаат претходни анализи на темата. Дополнително во процесот на ко креација и консултација индиректно се информира за другите можности од веб-страници или други софтвери за други информации. Со јавноста на регистарот очекуваме и повеќе интерес кај граѓаните во форма на законодавна идеја или прашање до овластен предлагач (пратениците). |

<table>
<tr><th colspan="6">Планирање на заложбата</th></tr>
<tr><th>Достигнувања</th><th>Очекувани резултати</th><th>Очекуван датум на завршување</th><th colspan="3">Засегнати страни</th></tr>
<tr><td rowspan="3">Квартално известување на координација за истекување на мандати или за рокови за назначување на нови мандати во тела кои ги основа Собранието.<br>Создавање на работна група за опис на сите тела и органи кои ги основа Собранието како и други назначувања.<br>Спроведување на јавна набавка доколку</td><td rowspan="3"></td><td rowspan="3">Март 2025</td><td colspan="3">Водечка институција: Собрание, со Парламентарен институт</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Поддршка</u></td><td></td></tr>
<tr><td>Јавен сектор</td><td>НВО Национален демократски институт (НДИ), Центар за управување со</td><td>Други</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| решението бара нова софтверска алатка за да биде достапно на веб-страницата.<br>Спроведување на договор<br>Дигитализација и објава на веб-страницата | | | | промени, и Институт за демократија Социетас Цивилис | |

| **Број и име на заложба** | **2. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ПРЕКУ СОБРАНИСКИОТ ТВ КАНАЛ** | | |
|---|---|---|---|
| **Краток опис на заложбата** | Собранието ќе ја продолжи реформата со целосна функционалност на собранискиот канал. Информирањето на јавноста преку собранискиот канал мора да биде квалитетна, навремена, редовна, предвидлива, преку нееditабилна содржина преноси во живо и пренос на снимки од пленарни седници и комисии совети и други активности, но и преку дизајн и продукција на сопствена содржина од собранискотo ТВ студио. Општата цел на оваа заложба е да се зголеми гледаноста на ТВ каналот или индиректно зголемено информирање на јавноста за законодавната агенда. | | |
| **Водечка институција** | Собрание | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | Македонска радио телевизија | Национален демократски институт (НДИ), Центар за управување со промени, и Институт за демократија Социетас Цивилис | Собранието во својот капацитет ќе ја спроведе заложбата. |
| **Временска рамка за заложбата** | 2024-2026 година | | |

| **Дефинирање на проблем** |
|---|
| **1. Каков проблем адресира заложбата?**<br>Комуницирањето со јавноста на законодавната власт преку сопствен телевизиски канал е класично решение за комуникација со камера и звук во живо или со снимка.<br>Во оваа смисла Собранието работеше на модернизација на собранискиот канал, преку измени и дополнувања на Законот за Собранието, со набавка на модерна опрема каде беа инвестирани 250.000 евра и вработување на професионален персонал од 7 луѓе.<br>Спроведување на заложбата ќе овозможи сопствена содржина и продукција на функционален ТВ канал како начин на комуницирање на Собранието со категорија на граѓани кој на овој начин се информира за |

Собранието (паралелно со веб-страницата, социјалните мрежи или прилозите од медиумите на националните телевизии).

Модернизацијата и дигитализацијата во општеството низ годините направи промена да граѓаните се информираат главно од националните телевизии, а многу помалку од собранискиот ТВ канал за она што се случува во законодавниот дом. Според некои испитувања постои една категорија на повозрасни граѓани кои повеќе го следат собранискиот тв канал, и поголем дел од помлада популација кои на поинаков начин се информираат.

**2. Кои се причините за проблемот?**

Причините за ова одат кон лесно достапните модерни начини на информирање преку телевизиите а посебно преку интернет порталите и врзаните вести од порталите кон социјалните мрежи. Точното информирање е важно и заради борбата со лажните вести и делумните и необјективни информации.
Падот на гледаноста на собранискиот ТВ канал се поврзува и со квалитетот на самото емитување кое заради неинвестирањето низ годините заостанува.
Недостатокот од сопствена програма како дебатни емисии, законодавни вести и слично ја прави програмата неатрактивна кога нема директен пренос од седница или снимки од работни тела.

**Опис на заложбата**

1. **Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Оваа заложба е продолжување на заложбата од претходниот ПОВ акциски план на Собранието 2021-2023.
Опремувањето на студиото со модерна опрема за емитување беше приоритет и предизвик за службата да го опише и спроведе како проект кој вклучува и опрема, и работи и простории.
Дополнително, неопходни беа измени во правната рамка, и во таа смисла се спроведоа дополнувања на Законот за Собранието каде се утврдува поблиску работата и надлежностите, годишната програма за работа, годишен план за видот и содржината на програмите, односот со МРТВ, финансиски и инвестиционен план, уредувачката одговорност итн.
Работата на студиото е неопходно врзана и со професионален персонал, затоа според Актот за систематизација на службата на Собранието беа предвидени нови позиции, и се распишуваше оглас во два наврата за 7 празни места.

**2. Какво решение предлагате?**

Заложбата предвидена овде ќе овозможи развој на конкретна програма за работа на собранискиот канал, заедно со формирање на советот на собранискиот канал кој треба да ги одобри сите документи. Советот на собранискиот канал е законска обврска дека ТВ каналот на законодавецот го управува заедно и мнозинството и опозицијата. Согласно законот, советот го раководи потпретседател на Собранието од редот на опозицијата, заедно со пратеници од мнозинството и опозицијата, претставник на МРТВ но и можност за именување на надворешни експерти со право на збор без право на глас. Дополнително на тоа, ќе треба да се развие содржина за комуникација со јавноста, која ќе се изработува самостојно и/или со ко продукција, со вклучување на повеќе организациони единици. Во оваа смисла очекуваме да се развијат дневни законодавни вести, предвидливост на програмата, законодавни бриф/кратки мултимедијални содржини во објаснувачка улога за предлозите за гледачите и слично, дебатни емисии меѓу пратениците итн.

3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**

Општ резултат на заложбата е предложените решенија да се спроведат и собранискиот канал да функционира. Индиректен резултат треба да биде зголемување на гледаноста на собранискиот ТВ канал. Начинот на кои се информираат граѓаните постојано се следи од Институтот за демократија Социетас Цивилис во соодветни анкети и истражувања, и тие податоци ќе се земат како релевантни низ годините за

| |
|---|
| да се следи трендот на гледаноста. https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2022/07/A4_ENG-ANKETA-2022.pdf |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Спроведувањето на заложбата ќе значи предвидливост на дневната агенда на собранискиот канал (може и неделната).<br>На тој начин однапред ќе нуди календар за заинтересирани граѓани да следат.<br>Едукативна содржина ќе едуцира граѓани за законодавната власт.<br>Дебатни емисии ќе соочува ставови и аргументи.<br>Законодавниот бриф ќе дава објаснување на предлозите. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Самото присуство во јавен медиум помага врз чувството за одговорност за она што се прави и зборува.<br>Спроведувањето на активноста директно ќе се следи со квалитетот на програми на собранискиот ТВ канал. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Како дел од програмските активности, ќе постојат кратки информативни прилози за граѓаните, како на пример за како да дојдат во Собранието и да се пријават за отворен ден, како де се пријават за учество на едукативни активности (детски парламент, имам став) итн. |

| **Планирање на заложбата** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Достигнувања** | **Очекувани резултати** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| *Формирање на советот за собраниски канал*<br>*Ангажирање на надворешни експерти во советот*<br>*Донесување на програмата за работа*<br>*Изработка на содржини за емитување*<br>*Екипираност и обучување на кадарот*<br>*Ангажирање копродукција* | | **2024-2026** низ целиот период на овој акциски план | Водечка институција: | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор<br>Собранието, МТВ | НВО<br>Национален демократски институт (НДИ), Центар за управување со промени, и Институт за демократија Социетас Цивилис | Други<br>/ |

<table>
<tr><td>Број и име на заложба</td><td colspan="3">3. НАДЗОРНА РАСПРАВА ВО СОБРАНИЕТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИОТ ПОВ ПЛАН 2024-2026</td></tr>
<tr><td>Краток опис на заложбата</td><td colspan="3">Собранието е законодавна власт во системот на организација на државната власт во државата и суверен претставник на волјата на граѓаните.<br>Во определбите за отвореност и транспарентност на законодавната власт Собранието е дел од Партнерството за отворена власт од 2018 година и тоа со посебна работна група, посебен Акциски план со заложби кон ПОВ и пристапи кон надворешен мониторинг на следење на спроведувањето на предвидените активности.<br>Освен ова, во капацитетот на својата законодавна функција, Собранието дава поддршка на сите законски решенија кои другите власти, извршната и судската ги предлагаат за остварување на нивните ПОВ заложби.<br>На крај, Собранието има и надзорна функција, и во оваа смисла е заинтересирано во целост да го следи спроведувањето на националниот ПОВ план 2024-2026.<br>Заради тоа во Акцискиот план 2024-2026 се предвидува одржување на надзорна расправа во соодветното работно тело.</td></tr>
<tr><td>Водечка институција</td><td colspan="3">Собрание</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Поддршка од засегнатите страни</td><td>Јавен сектор</td><td>Невладин сектор</td><td>Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)</td></tr>
<tr><td>Претставниците на извршната и судската власт, ќе имаат обврска да учествуваат на надзорната расправа</td><td>Претставници од граѓански организации кои се дел од Советот на ПОВ, но и други заинтересирани и/или консултирани во процесот на подготовка на националниот ПОВ план.</td><td>Можност за учество на официјални претставници на ПОВ за регионот и Европа.</td></tr>
<tr><td>Временска рамка за заложбата</td><td colspan="3">Ноември 2024-февруари 2025</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дефинирање на проблем</td></tr>
<tr><td colspan="4">1. Каков проблем адресира заложбата?<br><br>Заложбата треба да стимулира практицирање на надзорната улога на парламентите, дури и во однос на спроведувањето на ПОВ. Според Меморандумот за вклучување на парламентите од ПОВ, се препорачува парламентите освен за себе да се вклучат и со надзор на тоа што другите власти спроведуваат.<br>Со оглед на тоа што станува збор за програмирање на петтиот циклус на Акцискиот план кон ПОВ, Собранието како законодавна власт во својот уставен капацитет за надзор над органите на извршната власт до сега не спровел надзорна расправа. Националниот ПОВ план е документ на извршната власт кој го предлага МИОА и го усвојува Владата.<br>Засегнат од оваа заложба е Собранието, затоа што значи практицирање на уставни надлежности на законодавната власт.<br>Други засегнати се и сите органи од извршната и судската власт кои предлагаат мерки во националниот ПОВ план.</td></tr>
<tr><td colspan="4">1. Кои се причините за проблемот?</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Спроведувањето на надзорна расправа треба да даде отчет и информирање на пратениците за спроведувањето на активностите од националниот ПОВ план.<br>Дополнително, самото програмирање на ваква заложба дава предвидливост и на надзорните расправи во Собранието. Имено, законодавецот во Законот за Собранието веќе предвидел дека на институтот координација, координаторите на политичките партии со претседателот на Собранието прават годишен план на надзорни расправи во Собранието. |
| **Опис на заложбата** |
| **1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**<br><br>Собранието, со оглед на тоа што е вклучено во ПОВ преку сопствен акциски план, во рамки на процесот на ко-креација на документот е вклучено на ниво на работна група од пратеници, претставници од парламентарните политички партии, вработени во службата на Собранието, партнерски меѓународни и домашни граѓански организации. Понатаму во однос на конкретните заложби постојат и работни подгрупи. Значи што се однесува до сопствениот Акциски план Собранието е запознаено и го спроведува истиот.<br>За принципите и природата на ПОВ, делумно се информирани пратениците во рамки на разни настани за промоција на активности и на партнерството. Работната група се информира само за акцискиот план на Собранието, така да подетално координаторите или пратениците не се запознаени со заложбите на другите власти и органи. |
| **2. Какво решение предлагате?**<br>Заложбата предвидува организирање на надзорна расправа во едно од работните тела, со сите чекори предвидени согласно Деловникот на Собранието.<br>Надзорната расправа ќе даде информации за пратениците за тоа што прави државата во врска со националниот ПОВ план, но исто така и во форма на излагања, сведоци ќе може и да се спознаат проблемите степенот на реализација, водачи во спроведување итн. |
| **2. Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**<br>Какви резултати би сакале да постигнеме? Какви промени во знаењето, вештините и капацитетите сакаме да постигнеме? Какви промени во однесувањето, системите и практиките сакаме да создадеме?<br>Резултатот од оваа заложба е директен и индиректен.<br>Директни резултати се вклучување на законодавната власт во својот надзорен капацитет.<br>Информирање на пратениците за ПОВ.<br>Индиректни резултати се предвидливост на користењето на институтот надзорна расправа во Собранието во врска со други теми и политики. |

| **Анализа на заложбата** | |
|---|---|
| Прашање | Одговор |
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Во спроведувањето на заложбата, надзорната расправа е отворена за јавноста.<br>Дополнително ќе биде емитувана на собранискиот ТВ канал.<br>Медиумите исто ќе имаат можност директно да присуствуваат.<br>Јавното отворање на спроведувањето на политиките го прави парламентот ангажиран во следењето на работата на извршната и судската власт во делот на спроведување на ПОВ. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Присуството на јавноста на надзорната расправа предизвикува поголем интерес и кај пратениците.<br>Информирањето на пратениците со информирање на јавноста и граѓаните директно и изворно може да се запознаат со тоа што се работи. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | | | | | |
| **Планирање на заложбата** | | | | | |
| **Достигнувања** | **Очекувани резултати** | **Очекуван датум на завршување** | **Засегнати страни** | | |
| Донесување одлука на координација за организирање на надзорна расправа<br>Определување на работно тело за спроведување на надзорната расправа<br>Определување на агенда, гости, обраќања од други органи<br>Покана на гости, медиуми, НВО и граѓани | | февруари 2025 | Водечка институција: **Собранието** | | |
| | | | Поддршка | | |
| | | | Јавен сектор | НВО | Други |
| | | | Претставници од извршната и судската власт | Националниот совет за ПОВ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Број и име на заложба** | **4. ПАРЛАМЕНТАРЕН КАРАВАН-мобилен парламент за директна комуникација на пратениците со граѓаните** | | |
| **Краток опис на заложбата** | Собранието редовно одржува отворени денови и организира посети на зградата за граѓаните. Ова придонесува за процесот на подобрување на имиџот на институцијата и постепено ја гради перцепцијата дека Собранието е отворено и транспарентно. Сепак, некои граѓани од различни причини, временски, практични или економски, не можат да патуваат во Скопје и да ја посетат зградата на Собранието. Со организирање на предложениот караван, институционалните и граѓанските партнери ќе го направат Собранието „мобилно“. | | |
| **Водечка институција** | Собрание | | |
| **Поддршка од засегнатите страни** | **Јавен сектор** | **Невладин сектор** | **Други (Парламент, приватен сектор, меѓународни организации итн.)** |
| | Единиците на локалната самоуправа<br>Канцеларии за контакт со граѓани на пратениците | Локални невладини организации | Училишта, факултети во единиците на локалната самоуправа |

| | |
|---|---|
| **Временска рамка за заложбата** | 2024-2026 година<br>Активноста ќе се спроведува еднаш годишно. |

**Дефинирање на проблем**

1. **Каков проблем адресира заложбата?**

Главните цели на караванот се да го претстави Собранието како отворена, одговорна и транспарентна институција како и да го доближи до оние граѓани кои не се во можност да ја посетат зградата.
Некои од клучните цели ќе бидат:
• едукативни: и возрасните, младите и децата ќе слушнат информации за законодавните, надзорните и другите процеси
• промотивно: состаноци за караванот ќе бидат контакт канцелариите на пратениците со цел да бидат повидливи за граѓаните
• информативно: посетителите на караванот ќе се запознаат со иницијативите за транспарентност , како што се новата веб-страница на Собранието, ТВ студиото и каналот, Парламентарниот институт итн.
• зголемување на видливоста: караванот исто така ќе биде можност за понатамошно промовирање на транспарентноста и надзорните улоги на Собранието
• **„**Мобилниот парламентарен караван“ е предвиден како поширока комуникациска кампања и за да се максимизира неговата видливост и дофат до граѓаните, ќе бара како слоган (клучна порака) и визуелен идентитет
• Визуелниот идентитет ќе се развие во подоцнежната фаза од процесот на подготовка, додека во овој момент, од клучно значење е да се дефинира клучната порака на кампањата која исто така ќе служи како слоган на караванот и ќе биде пренесена во сите придружни елементи
• Поточно, предлогот е слоганот да биде едноставен, јасен и ефективен, слично како слоганот
Кампања „Независно Собрание“ - и да се поврзат некои делови од клучните пораки од тие активности, за да има континуитет
• Предложениот слоган/клучна порака за „Мобилниот парламентарен караван“ е:
„Собранието за граѓаните“ е многу едноставна и јасна порака што може да ја разбере секој
• Со него, идејата е да се подвлече дека Собранието постои за граѓаните, да ги застапува нивните потреби, да се вклучи во демократска дебата со нив за да се изготват законски решенија кои ќе го подобрат животот и на краток и на долг рок.
• Поднаслов „Отворено и одговорно“ (Отворено и одговорно) ќе соопшти дека Собранието е отворено (како и транспарентно) и дека е одговорно како институција пред граѓаните.
• Со користење на „одговорно“ (одговорно) ќе се воспостави врска со поднасловот на кампањата на Независното собрание што беше „За претставничко и одговорно владеење“

**2. Кои се причините за проблемот?**

Законодавната власт како и парламентите во светот така и Собранието се јавни во својата работа и секојдневно изложени на мислењето и увидот за јавноста, барем што се однесува до законодавната агенда. Заради тоа перцепциите на граѓаните главно се поврзани со јавните настани на пратениците, предложените законски решенија, дебатата и аргументите водени итн. Генерално земено пратениците работат во Скопје, иако доаѓаат од 8 изборни единици и од многу општини во државата. Ако се земе во предвид ангажманот со комисии и пленарни седници и работата во Скопје, останува само петок во неделата за контакт со оние што ги гласале овие пратеници за да можат да разменуваат идеи и да се слушнат потребите на граѓаните. Заложбата како што е предвидена ќе додаде повеќе време за оваа директна комуникација со граѓаните

**Опис на заложбата**

**1. Што е досега направено за да се реши проблемот?**

Парламентарниот караван во експериментална форма беше спроведен во 2022 година, како дел од ПСП програмата во соработка со НДИ.
Да не остане само еднаш спроведена активност, и заради интересот на пратениците и граѓаните, со предложената заложба се обидува да го воспостави како редовна активност со дефиниран курикулум за работа.

**2. Какво решение предлагате?**

Парламентарен караван ќе се одржи во сите градови каде има воспоставено канцеларија за контакт со граѓаните на пратениците.

До секоја од овие точки, комбе на Собранието со вработени од Парламентарниот институт и службата на Собранието и /или пратеници ќе патува носејќи ја опремата потребна за поставување на точката „Мобилен парламент" - во зависност од локациите, или директно ќе се користат канцелариите на пратеникот или просторот пред или многу блиску до нив

Комбето ќе носи комплет од:

- брендиран банер и држач за зборување
- мало поставување аудио и видео (РА, микрофони, ТВ за презентација)
- преклопливи столчиња (максимум 20)
- промотивни печатени материјали на Парламентарниот институт

Во однос на содржината, во секој момент, времетраењето на целосниот состанок ќе биде околу 60 минути и ќе вклучува:

- забелешки од модератор
- обраќање на локалниот пратеник
- едукативна презентација за процесите во Собранието од страна на претставник на ЈУ
- презентација на активностите поврзани со транспарентноста (веб-страница, ТВ студио, безбедност)
- модерирана сесија за прашања и одговори

3. **Какви резултати сакаме да постигнеме со спроведување на оваа заложба?**

Со спроведувањето на оваа заложба ќе се обезбеди присуство на пратениците во нивните изборни општини, ќе ја промовираат својата и работа на Собранието, ќе ги слушнат впечатоците на граѓаните од нивната работа и проблеми кои бараат законодавна иницијатива, појаснување на надлежностите на пратеникот наспроти прашања и проблеми кои се во надлежност на извршната власт или на локалната самоуправа.

**Анализа на заложбата**

| Прашање | Одговор |
|---|---|
| **1.Како заложбата ќе ја промовира транспарентноста?** | Транспарентноста со спроведување на оваа заложба ќе биде директен пристап до граѓани. Со присутните пратеници, асистентите во нивните канцеларии за контакт со граѓани се овозможува поголема видливост на системот за потребите на граѓаните. |
| **2.Како заложбата ќе помогне да се поттикне одговорноста?** | Директно изложување на размислувањата, идеите и критиките на граѓаните ја зголемуваат одговорноста на пратениците за тоа што го работат пред оние кои ги избрале. |
| **3.Како заложбата ќе го подобри учеството на граѓаните во дефинирањето, спроведувањето и следењето на решенијата?** | Спроведувањето на заложбата ќе продуцира целосен опис во форма на извештај на сите забелешки и идеи од граѓаните. |

**Планирање на заложбата**

<table>
<tr><th>Достигнувања</th><th>Очекувани резултати</th><th>Очекуван датум на завршување</th><th colspan="3">Засегнати страни</th></tr>
<tr><td rowspan="3">Донесување одлука на координација за спроведување на активноста</td><td rowspan="3"></td><td rowspan="3">Во предложениот план во зависност од</td><td colspan="3">Водечка институција: Собранието</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Поддршка</u></td><td></td></tr>
<tr><td>Јавен сектор</td><td>НВО</td><td>Други</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Информирање на сите пратенички групи и пратеници<br>Организација на работна група од Парламентарниот институт и службата на Собранието за спроведување на настаните<br>Дефинирање на агенди, временска рамка, ресурси | | обврските за изборна година, индикатор се става на еднаш годишно (најмалку два најмногу 3 настани) | Пратениците<br>Служба на Собранието<br>Канцеларии за контакт со граѓани на пратениците<br>ЗЕЛС, единици на локалната самоуправа, локални училишта | | |

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО СУДСТВО 2024 – 2026 ГОДИНА

Република Северна Македонија е дел од Партнерството за отворена власт од 2011 година со досега успешно спроведени пет акциски планови за зголемување на транспарентноста и отвореноста на државните институции. Преку пристапување на глобалната доброволна инцијатива за Партнерство за отворена власт, Република Северна Македонија се обврза и ја потврди својата заложба континуирано да се подобрува и својата работа да ја темели на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните.

Во изминатата деценија, државата континуирано работи на подобрување на ефикасноста во работењето на државните институции, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување квалитетни јавни услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.

Собранието на Република Северна Македонија се приклучи кон иницијативата Партнерство за отворена власт во 2018 година во рамките на Акцискиот план 2018 - 2020 година, додека почнувајќи од петтиот Национален акциски план (2021-2023) се приклучува и судството со конкретни заложби и мерки за подобрување на транспарентноста и отвореноста на судовите и враќање на довербата на јавноста во судските институции.

### 1.1 Отворено судство

Прввиот Акциски план за Отворено судство беше развиен во широки дискусии помеѓу претседатели на судовите, судии и претставници на судската служба од сите судови во РСМ,

претставници од Судскиот совет, Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители и претставници на граѓанското општество (мониторинг организации). Консултациите со мешан состав беа спроведени во периодот јануари – март 2020 година и вклучуваа директно учество на Националниот координатор за ПОВ и останати експерти во областа со цел да го приближат концептот на Отворени податоци до самите институции и организации. Идеите и потребите на институциите и граѓанскиот сектор темелно дискутирани на тркалезните маси, беа трансформирани во форма на Првиот Акциски план за отворено судство.

Водечки институции за спроведување на Акцискиот план се Врховниот суд, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители, додека планот предвидува активности во две примарни области:

- Пристап до информации и податоци и
- Перформанси.

Активностите беше предвидено да се спроведуваат низ 6 заложби насочени кон: Подобрување на електронскиот судски портал на РСМ, Подобрување на односите со јавноста на судовите, Подобрување на квалитетот и достапноста на податоците и информациите за функционирање на Судскиот совет, Зајакнување на надзорната улога на Судскиот совет врз транспарентноста на судовите, Унифицирање на структура на извештаите на судовите и квалитетот на податоците и Подобрување на електронскиот систем за основна и континуирана обука на судиите. Активностите беше предвидено да се реализираат во временскиот период 2021-2023 година за што ќе биде воспоставен и механизам на следење на напредокот на Акцискиот план за Отворено судство 2021-2023 година.

Заложбите од Акцискиот план за Отворено судство 2021-2023 година не беа реализирани во целост поради што истите се предвидени во новиот Акциски план за Отворено судство 2024-2026 година поради својата актуелност и важност за отвореноста на судството и правосудните институции во Република Северна Македонија.

| |
|---|
| **1. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ** |
| **1.1 ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СУДСКИ ПОРТАЛ НА РСМ** *(www.sud.mk)*<br>(1 февруари 2024 – 31 декември 2025) |

| | |
|---|---|
| Кој јавен проблем се адресира со заложбата? | *Воведувањето на електронскиот Судски портал на РСМ (www.sud.mk) во 2017 година се очекуваше да придонесе за поголема транспарентност на судовите, но сѐ уште постојат големи разлики помеѓу квалитетот и обемот на податоците достапни за судовите. Информациите кои што се објавуваат на веб-страници за секој суд не се унифицирани, не се објавуваат и ажурираат редовно и не сите податоци се објавуваат во отворен формат. На пример извештаите на судовите и биографиите на судиите не се унифицирани, ниту сите може да се најдат на веб-страниците, а во некои случаи се и нејасни. Неконзистентноста при селективната објава на податоците доведува до сомнеж за прикривање на самите податоци што се објавуваат, што директно влијае на довербата на граѓаните во судството како трета гранка на власт во државата. Дополнително, судовите не се проактивни во споделување на информации поврзани со имотната состојба на судиите, па кај биографиите на судиите не се достапни линкови до страната на ДКСК каде што се објавени имотните состојби за секој судија. Не сите судови имаат објавени податоци за информациите од јавен карактер што треба да се достапни (лице за информации од јавен карактер, меил/телефон), а нема ниту редовна пракса на објавување на податоци којшто некој веќе ги побарал со пристап до информации од јавен карактер. Отвореноста е неопходна за подигнување на довербата на јавноста во судиите, судовите и целиот правосуден систем како и за сфаќањето на јавноста за тоа кој и на кој начинот се спроведува правдата од страна на судовите. Притоа, отвореноста е една од главните компоненти на легитимноста на судскиот процес и причина поради која јавноста има доверба во работата и одлуките на судовите. Судскиот портал не е прилагоден за* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *користење од страна на корисниците со оштетување на видот.* | | |
| Главна цел на заложбата | | | • *Овозможување стандардизирани и унифицирани информации и податоци за судовите и судската пракса и зголемување на бројот на податоците во отворен формат поврзани со судството.*<br>• *Проширување на обемот на податоците достапни во отворен формат на порталот.*<br>• *Зголемување на обемот и подобрување на квалитетот на податоците и информациите кои се објавуваат.* | | |
| Како заложбата ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | | | *Зголемениот обем, подобрениот квалитет и редовното ажурирање на податоците кои се дел од судскиот портал доведува до воведување на нова практика во македонското судство која наложува транспарентна и отчетна но пред се видлива работа судовите за граѓаните на РСМ.* | | |
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | | | *Заложбата овозможува пристап до повеќе информации, го подобрува квалитетот на податоците и ја подобрува пристапноста до информации за јавноста што означува дека заложбата е важна за транспарентноста.* | | |
| Дополнителни информации | | | *Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“*<br>*Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.*<br>*Таргет 16.10 Да се обезбеди пристап до информации од јавен карактер и заштита на основните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори.*<br>*Оваа заложба ќе придонесе за подобрување на јавната одговорност на сите чинители во судство преку подобрување и зголемување на обемот и квалитетот на податоците на судскиот портал.* | | |
| **Бр.** | **Достигнување** | **Индикатори** | **Носител на активност** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1.1 Дефинирање на каталогот на отворени податоци и стандардизиран квалитет и обем на информациите согласно претходната пракса на објавување на информации на судскиот портал, барањата за пристап до информации од јавен карактер и веќе достапни анализи за транспарентност и отвореност на судство | Намален број на пристигнати барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ, Центар за правни истражувања и анализи | 02.2024 | 06.2024 |
| | 1.1.2 Подготовка на индивидуални проценки за усогласеност со дефинираниот каталог на отворени податоци и стандардизиран квалитет и обем на информациите за секој суд | Намален број на пристигнати барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ, Центар за правни истражувања и анализи | 07.2024 | 12.2024 |
| | 1.1.3 Спроведување на неопходните подобрувања и објавување на отворени податоци и информации со стандардизиран квалитет во согласност со проценки направени за секој суд одделно. | Веб-портал со стандардизирани информации и податоци за јавноста | Врховен суд на РСМ, Центар за правни истражувања и анализи | 01.2025 | 03.2025 |
| | 1.1.4 Подобрување и прилагодување на содржината на судскиот портал за користење на лица со оштетен вид, со овозможување на аудио верзија на начелни правни мислења, правни мислења и сентенци на Врховен суд на РСМ. | Воспоставена text-to-speech(текст-во-глас) алатка на веб-страницата на Врховен суд на РСМ | Врховен суд на РСМ, Центар за правни истражувања и анализи | 03.2025 | 12.2025 |

| | |
|---|---|
| | *Заложба од претходниот акциски план* |
| Водечка институција за спроведување | *Врховен суд на РСМ* |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Функција, Одделение | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |

| | | |
|---|---|---|
| Email | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Телефон | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Други вклучени субјекти | Судови, правосудни институции | *Сите судови во РСМ, Судски совет на РСМ* |
| | Граѓански организации, приватен сектор, мултилатерални и работни групи | *Здружение на судии, Здружение на судска администрација, Центар за правни истражувања и анализи, Инклузива* |

| **1.2 ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА НА СУДОВИТЕ**<br>(1 февруари 2024 - 31 март 2025) | |
|---|---|
| Кој јавен проблем се адресира со заложбата? | *Во институционалната рамка и практикување на вистинската транспарентност и отвореност на судовите, се појавуваат бројни проблеми и предизвици. Судовите, немаат ресурси, ниту знаење да ги исполнуваат релевантните норми на Судскиот деловник за односи со јавноста. Судиите не се стремат редовно да комуницираат со јавноста на директен начин преку прес- конференции, интервјуа, електронски медиуми и сл. Постои потреба од обнова на линкот односно поврзаноста помеѓу судовите и медиумите со* |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *цел враќање на довербата на јавноста во судството и правосудните органи.* | | |
| Главна цел на заложбата | | | • *Подобрување на активната комуникација и транспарентност на судовите со јавноста*<br>• *Воспоставување на сеопфатна рамка според која судовите би комуницирале со јавноста и медиумите*<br>• *Изработка на Стратегија за отвореност на судството*<br>• *Развивање на соработката со Судско-медиумскиот совет* | | |
| Како заложбата ќе придонесе за решавање на јавниот проблем? | | | *Преку реализација на заложбата се воспоставуваат долгорочни насоки за подобрување на транспарентноста и отвореноста на судството преку воспоставена методологија за комуникација со јавноста.* | | |
| Зошто оваа заложба е релевантна за вредностите на ОВП? | | | *Заложбата овозможува пристап до повеќе информации, го подобрува квалитетот на податоците и ја подобрува пристапноста до информации за јавноста што означува дека заложбата е важна за транспарентноста со која ќе се приближи и работата на судовите до граѓаните преку навремено информирање* | | |
| Дополнителни информации | | | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“<br>Таргет 16.6: *Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.*<br>Таргет 16.10 *Да се обезбеди пристап до информации од јавен карактер и заштита на основните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори.*<br>Оваа заложба ќе придонесе за зголемување на отвореноста на судовите во Република Северна Македонија преку редовно споделување на информации со медиуми и јавноста. | | |
| **Бр.** | **Достигнување** | **Индикатори** | **Носител на активност** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.2.1 Подготовка на методологија и/или упатства според кои судовите би комуницирале со јавноста и начините на нејзино информирање со цел да опфаќаат бројни теми како што се изготвување на годишни извештаи, подготовка на годишни планови, како и формат во кој тие ќе бидат објавени. | Усвоена Методологија и останати прописи (Упатство, Правилник) за комуникација со јавноста на судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ и Судскиот совет на РСМ | 02.2024 | 06.2024 |
| | 1.2.2 Спроведување консултативни средби со медиуми и останати лица како директни корисници на Методологијата | Усвоена Методологија и останати прописи (Упатство, Правилник) за комуникација со јавноста на судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ и Судскиот совет на РСМ | 04.2024 | 06.2024 |
| | 1.2.3 Подготовка и донесување на нов сеопфатен Прирачник/Насоки/Правилник за односи на судството со медиумите. | Усвоена Методологија и останати прописи (Упатство, Правилник) за комуникација со јавноста на судовите во РСМ | Врховен суд на РСМ | 07.2024 | 10.2024 |
| | 1.2.4 Изработка на Стратегија за отвореност на судството како 5-годишен документ придружен со Акциски план, така што ќе бидат систематизирани сите напори за зголемување на транспарентноста и целокупната отвореност на судството. | Усвоена Стратегија за отвореност на судството од страна на ССРСМ | Судски совет на РСМ | 09.2024 | 03.2025 |
| | | | *Заложба од претходниот акциски план* | | |

| | | |
|---|---|---|
| Водечка институција за спроведување | | *Наведете ја институцијата која ја препознавате како потенцијално надлежна за спроведување на заложбата* |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Функција, Одделение | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Email | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Телефон | | Се пополнува од страна на надлежните институции во подоцнежна фаза |
| Други вклучени субјекти | Судови, правосудни институции | *Сите судови на РСМ,* |
| | Граѓански организации, приватен сектор, мултилатерални и работни групи | *Здружение на судии, Судско-медиумски совет, Центар за правни истражувања и анализи* |

| **1.3 ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И ДОСТАПНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ**<br>(1 февруари 2024 – 31 декември 2025) | |
|---|---|
| Кој јавен проблем се адресира со заложбата? | *Судскиот совет на РСМ има двојна улога кога станува збор за транспарентноста на правосудниот систем. Од една страна тој има активна улога, односно треба да ја мониторира* |

| | |
|---|---|
